

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ, БИТОЛА

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

МЕЃУНАРОДНИ ПОЛИТИЧКИ ДОГОВОРИ ЗА МИРНО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ И ЗАПАДЕН БАЛКАН

- М А Г И С Т Е Р С К И Т Р У Д -

Кандидат:
Јагода Митревскса

Ментор
Проф. д-р. Емилија Ицоска

СОДРЖИНА

ВОВЕД 4

1. МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ 7
1.1. Меѓународните договори низ историјата..... 7
1.1.1. Договори за ЕЕЗ и ЕВРОАТОМ 9
1.1.2. Договор од Мастрихт 10
1.1.3. Договор од Амстердам 11
1.1.4. Договорот од Ница 11
1.1.5. Договорот од Лисабон 12
1.2. Дипломатијата значаен фактор во преговорите 13

2. ТЕОРИЈА И ПРАКСА НА ПРЕГОВОРИТЕ ВО ДИПЛОМАТИЈАТА..... 19
2.1. Улогата на меѓународните организации за постигнување на политички договори 20
2.1.1. Организација на Обединетите нации 26
2.1.2. Обединетите нации и Република Македонија 30
2.2. Европската Унија и нејзината политика за земјите од Западен Балкан ….....30
2.2.1. Процесот на проширувањето на ЕУ и главни предизвици 33
2.2.2. Предизвиците на Република Македонија кон патот до Европската Унија.....38

3. МИРНО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН ОД АНАЛИТИЧКИ АСПЕКТ..... 43
3.1. Дејтонскиот мировен договор …..... 43
3.2. Охридскиот рамковен договор …..... 49
3.3. Преспанскиот договор 53
3.4. Спорот Србија-Косово 57

4. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....63
4.1. Предмет на истражувањето.....63
4.2. Рамка на истражувањето 63
4.3. Генерална хипотеза 65
4.4. Посебни хипотези 65
4.5. Методи на истражувањето.....65
4.6. Спроведување на анкетен прашалник 66
4.7. Анкетен прашалник и квантитативна анализа на одговорите.....67

5. КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА И ДОКАЗ НА ХИПОТЕЗИТЕ.....87
5.1. Докажување на генералната хипотеза и посебните хипотези.....88

ЗАКЛУЧОК.....92
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....95
ПРИЛОЗИ.....98

АПСТРАКТ

Овој труд претставува акционо истражување во време на една светска глобализација која е основен двигател за светските процеси на интеграција на државите ширум светот. Потребно е да се препознае важноста на меѓународните текови кои се преставени како надворешно-внатрешни двигатели на државните програми и политики, и се базираат врз динамичноста на **меѓународните односи** и меѓународното право. Овие правно-политички односи играат важна улога во меѓународниот бизнис каде постојат големи **конфликти** меѓу државите, но исто така, и големи сојузи во меѓународни и национални рамки. Имајќи ја предвид важноста на овие области и тенденциите на нашата држава кон вклучување во тие светски интеграции, овој труд е напишан со цел да одговори на многу прашања во врска со **меѓународните политики** на **Западен Балкан**.

Од прогласувањето на независноста па сè до денес, Република Македонија, со цел да ги подобри односите и **споровите** со соседните земји од Западен Балкан, следејќи ги Европските конвенции од областа на меѓународната правна помош во кривична материја, а при тоа имајќи предвид дека се работи за земји од регионот каде правниот систем е доста развиен, има потпишано повеќе билатерални **договори**, а овој труд има за цел да објасни некои од нив.

Клучни зборови: Западен Балкан, меѓународни односи, спорови, меѓународни политики, договори, конфликти

ABSTRACT

This paper is action research in a time of globalization that is a fundamental driver for the global integration processes of countries throughout the world. It is necessary to recognize the importance of international trends presented as external-internal drivers of state programs and policies. They base on the dynamics of **international relations** and international law. These legal and political relations play a crucial role in international business where there are **conflicts** between **states**, moreover, alliances internationally and nationally. I wrote this paper to answer any questions about the **international policies** of the **Western Balkans**. Moreover, because of the importance of these areas and the tendencies of our country towards involvement in world integrations.

Since the declaration of independence, the Republic of Macedonia, has signed several bilateral **agreements** to improve relations and **disputes** with neighboring countries in the Western Balkans. Our country has followed the European conventions and the legal system in the countries in the region, which is quite developed. This paper aims to explain some of them.

Keywords: Western Balkans, international relations, disputes, international policies, agreements, conflicts, states

ВОВЕД

Денес, зајакнувањето на регионалната соработка во регионот на Западен Балкан е една од главните заложби на земјите од овој регион и клучен фактор за одржување и воспоставување сигурност, политичка стабилност и економски просперитет. Постојат многу спорови и договори меѓу земјите од овој регион, а еден од нив е и Договорот за стабилизација и асоцијација, кон кој веќе пристапија: Хрватска, Македонија, Србија и Црна Гора. На тој начин, Западен Балкан си отвора можност за евентуална интеграција на земјите кон европските и трансатлантските структури. Стабилизацијата отсекогаш била слаба точка за земјите од овој регион, па затоа тој процес наложува зајакнување на односите помеѓу владите кои се однесуваат на слободна и регионална трговија, создавање регионални пазари за гас и електрична енергија, развој на транспорт, инфраструктура и енергетика, унапредување на технологијата и животната средина, како и прекугранична соработка и сузбивање на организираниот криминал и корупција, парламентарна соработка итн.

Во економска смисла, соработката помеѓу земјите од Западен Балкан претставува инструмент за зајакнување на бизнис климата, а исто така и привлекување домашни и странски инвестиции, а со тоа и невработеноста би се решила, а животниот стандард во регионот би бил во пораст. На тој начин, регионалната соработка би се остварила преку пристапување на земјите кон потпишување договори за создавање слободна трговска зона и ослободување од царина. Исто така, тука се и проектите за либерализација и модернизација на капацитетите за снабдување со гас и електрична енергија и нивно прилагодување кон европските сгандарди, модернизација на паневропските коридори, проекти за модернизација на патната инфраструктура и унапредувањето на животната средина, телекомуникациите, науката и технологијата итн.

Сепак, најзначаен аспект во регионалната соработка помеѓу земјите од Западен Балкан е соработката во поле на правдата, безбедноста и внатрешните работи. Тука е и прекуграничната соработка, соработката во борбата со организираниот криминал и корупцијата, соработката на полицијата и обвинителството, кои се гаранција за остварување на демократска стабилност, раст на економијата и владеење на правото. Европската комисија доставува препораки до сите земји во регионот на Западен Балкан во поглед на меѓусебната соработка, и сите се јасни и недвосмислени и укажуваат на потреба од поефикасна меѓусебна соработка токму на ова поле.

Западен Балкан како регион кај нас е сè уште многу слабо истражен, па се надевам дека со овој труд ќе може малку подобро да се согледаат околностите. Целта на сите држави на Западен Балкан е да се интегрираат во НАТО пактот и Европската Унија, но тоа им успеало само на некои. Сè уште сме далеку од целосни реформи каде би се остварила крајната цел, а тоа е целосна интеграција во НАТО на сите држави од регионот. Нашата земја успеа во тоа, значи сега сме членка на најсилниот воен пакт но сепак по која цена? Дали вредеше менувањето на историјата и угнетувањето на македонскиот народ од страна на Грција. Сепак тоа не е сè. За да станеме членка на Европската Унииja сега сме уценувани и од страна на Бугарија која сака да си ги присвои и македонскиот народ, јазик и историја. Фактички досега значи ние сме немале

ништо, ниту име, ниту историја, ниту народни херои, јазик, ништо. Вреди ли да станеме членка на Европска Унија ако изгубиме сè? Две грешки направивме и со знамето и со името, сега на ред ли е да распродадеме сè?

Изнесените констатации ја побудија мојата љубопитност да се посветам на обработка на прашањето во врска со релациите на Западен Балкан со Европа и светот, при што ја избрав темата со наслов „Меѓународни политички договори за мирно решавање на спорови и Западен Балкан“ за моја магистерска работа. Се надевам дека на некои прашања ќе се најде одговор затоа што оваа тема е малку или воопшто не е третирана и истражена во домашната научна и политичка јавност.

Воведниот дел на магистерскиот труд е запознавање со темата која се обработува во трудот. Во првиот дел - теоретскиот приод кон истражувањето, акцентот е ставен на запознавање со меѓународните договори низ историјата како и дипломатијата како значаен фактор во преговорите. Потоа, се обработува улогата на меѓународните организации за постигнување на политички договори, каде што главните приоритетни сфери за меѓународните заедници и организации се борбата против нелегалната трговија и организираниот криминал, зголемена транспарентност, подобрени погранични контроли, регионална стратегија за пораст и стабилност, заштита на животната средина, економски развој и градење на заемна доверба на полето на одбраната и безбедноста. Исто така, во овој дел ќе се анализира и Европската Унија и нејзината политика за земјите од Западен Балкан, каде што иако постојат потешкотии на патот на Западен Балкан кон Европа, поголемиот број земји, прават значителен напредок. Овие земји се обидуваат да ги реформираат застарените економии и да изградат современи општества кои се засновани врз почитување на владеење на правото и човековите права, а истовремено се справуваат и со последиците од војните. Добрососедските односи и регионалната економска соработка се суштината на Европската Унија и се катализатор за стабилност, нормализирање и помирување на политичките односи. Во третата глава, ќе се анализира мирното решавање на споровите во Западен Балкан, каде посебен аспект ќе се стави на Дејтонскиот мировен договор, Охридскиот, Преспанскиот и спорот помеѓу Србија и Косово. Терминот Западен Балкан е создаден во 1999 година, на Самитот на Европската Унија во Хелсинки, каде што Западен Балкан се дефинира како регион-сосед на Европската Унија. Во изминатиов период, главното внимание беше посветено токму на овој регион, за воспоставување на мир и безбедност, па и оттаму се потпишани и мировните договори коишто ќе се обработуваат во овој магистерски труд. Мировните договори имаат една иста цел, а тоа е да се воспостави долгорочна стабилизација на регионот, превенција на конфликти, а тоа подразбира елиминација на можностите за возобновување на вооружено насилство во овој регион. Исто така, овие мировни договори се клучна точка за државите во регионот да станат членки на Европската Унија, а со тоа да дојдат до посакуваниот економски развој и благосостојба. Но, сепак овие договори можеби за некои се штетни, а за некои успешни.

Во оваа насока, основната цел на ова истражување се добрососедските односи, регионалната соработка меѓу земјите и превенцијата на конфликти преку мировните договори кои служат како катализатор за помирување, стабилност и нормализирање на политичките односи во Западен Балкан.

Откако ќе се заврши со теоретскиот дел на овој магистерски труд, започнува делот со истражувањето кое е посветено на анализа на ефектите од спроведувањето на мировните договори и решавањето на споровите на Западен Балкан. Во овој дел на трудот ќе биде прикажано влијанието на меѓународните договори низ историјата преку дипломатијата како значаен фактор во водењето на преговорите, улогата на меѓународните организации, како и улогата на Европската Унија т.е. нејзината политика за земјите од Западен Балкан. Исто така, ќе бидат анализирани и клучните мировни договори во земјите од Западен Балкан, нивните влијанија во различни сектори од економијата, мирот и стабилноста на државите.

Во заклучниот дел на магистерскиот труд се истакнати сознанија кои се резултат на спроведеното истражување како генерално согледување, но исто така и како расчленето според сегментите на истражувањето, односно заклучоците на кои укажуваат поединечните и посебните хипотези со нивните варијабли.

На крајот на магистерскиот труд е презентиран попис на домашна и странска литература која е користена при неговата изработка.

ГЛАВА 1

1. МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

1.1. Меѓународните договори низ историјата

Меѓународното право се состои од меѓународно договорно право. Исто така, извор е и меѓународното обичајно право. Разликата помеѓу меѓународното обичајно право и меѓународното договорно право е онаа разлика која постои во националниот правен поредок помеѓу позитивното законодавство и обичаите. Меѓународното договорно право е доста попрецизно за разлика од меѓународното обичајно право, како што во националната легислатива, позитивното законодавство е јасно и прецизно за разлика од обичаите.

Ако се направи споредба на начинот на создавање на правото во националните системи и создавањето на меѓународното право, особено на меѓународните договори, веднаш ќе се забележи разлика. Додека националното законодавство е создадено во национална законодавна институција, а тоа е Парламентот, во меѓународното право не постои ваков вид на законодавна институција. Државите се рамноправни субјекти на меѓународното право чиишто односи се регулираат со меѓународни договори кои служат како инструмент на меѓународниот правен поредок. Поради ова со меѓународните договори, се врши некое си ограничување во слободата на делувањето на субјектите на меѓународното право, согласно со правилата содржани во меѓународните договори.

За разлика од националните законодавства, овие ограничувања не доаѓаат од некој државен орган спрема граѓаните на една држава, туку од државите како рамноправни субјекти и законодавци во меѓународното право преку склучувањето на меѓународните договори. Меѓународното договорно право се потпира на две конвенции. Една од нив е Виенската конвенција за договорно право од 1969 година и Виенската конвенција за договорно право на меѓународните организации од 1986 година. Првата конвенција се однесува на меѓународните договори кои се склучуваат меѓу државите додека втората се фокусира на меѓународните договори кои се склучуваат меѓу меѓународните организации помеѓу себе, но и оние помеѓу меѓународните ораганизации и државите. Практично, конвенциите се кодификација на меѓународното обичајно право во меѓународните договори. Треба посебно да се истакне дека Виенската конвенција за договорно право на меѓународните организации од 1986 година, никогаш нема стапено во сила заради што во кругот кој таа го покрива, во сила е меѓународното обичајно право и неговите правила.

[1]Меѓународниот договор се дефинира како „меѓународна спогодба склучена во писмена форма меѓу државите која е регулирана со меѓународното право, било да е оформена во единствен инструмент, било во два или повеќе меѓусебно поврзани

[1]Дејан Маролов, *Меѓународно јавно право,* Штип 2020

инструменти, без оглед на нивниот посебен назив" (Виенска конвенција за договорно право член 2). Во самиот почеток на дефиницијата се забележува дека се бара постоење на писмена форма како услов за постоење на меѓународна спогодба - договор, но во исто време не се забранува склучување на усни спогодби. Ова значи дека и усните спогодби може да произведуваат правна сила, но во современите услови се претпочита постоење на јасна писмена форма.

За да еден меѓународен договор биде валиден и склучен со слободна волја помеѓу две или повеќе договорни страни мора да се исполнети два општи услови. Тој мора да биде склучен од надлежните органи на меѓународниот субјект и договарањето да биде дозволено. Според Виенската конвенција за договорно право, меѓународни договори може да склучуваат лица кои според своите функции ја претставуваат својата држава и немаат потреба од посебно полномошно, за разлика од другите овластени лица кои мора да имаат полномошно при склучување на договорот. Полномошното најчесто го добиваат од шефот на државата или од министерот за надворешни работи. Сепак, слободата на договор помеѓу субјектите на меѓународниот правен поредок не е неограничена. Таа е ограничена со ius cogens - императивна задолжителна норма. Тоа се нормите на меѓународното право кои државите со своите спогодби не можат да ги изменат зашто постапката која довела до повреда на императивната норма е ништовна.

За важноста на меѓународните договори сепак не постои некоја посебна задолжителна форма за тоа на кој начин треба да бидат склучувани за да се потврди нивната важност. Сепак, меѓународните договори се производ на волјата на субјектите на меѓународното право – државите. Најчесто, писмената структура се состои од неколку дела, а првиот дел е насловот на меѓународниот договор и има улога на идентификувачки елемент на склучениот меѓународен договор. Вториот елемент е воведен дел каде се укажува на мотивите и целите коишто треба да се постигнат со самото склучување на меѓународниот договор. Третиот елемент е диспозитивот на договорот кој е најважен дел и претставува суштина на договорот зашто во тој дел се уредуваат обврските и правата на страните кои го склучиле договорот. Затоа, е и најдолг дел. Последниот елемент го претставуваат заклучните одредби каде што се регулираат техничките прашања за престанокот, регистрацијата или стапувањето на сила на договорот.

При склучувањето на договорите постојат три фази. Првата е составена од преговори помеѓу државите т.е. нивните овластени претставници кои имаат намера да склучат меѓународен договор. Втората фаза се базира на потпишувањето на договорот, а третата фаза претставува процес на ратификација.

Преговорите односно првата фаза се состои од процес на расправа меѓу преговарачите и оттаму треба да се усвои текстот на договорот. Потоа, доаѓа втората фаза од склучувањето каде што се потпишува конечниот текст на договорот кое го вршат овластени лица на државата како на пример: претседателот на државата, премиерот, министерот за надворешни работи како и лицата кои имаат полномошно. Со потпишувањето на договорот, договорните страни ги преземаат сите обврски и права од конкретниот меѓународен договор. Третата фаза или ратификацијата е носење на акт на надлежен орган така што се потврдува и се прифаќа потпишаниот меѓународен договор. Уставот или друг внатрешен правен акт на една држава го регулираат надлежниот орган

за ратификација. На пример, во нашата држава, надлежен орган за ратификација е Собранието.

Сепак, има случаи кога некој договор е потпишан меѓутоа не е и ратификуван. Постојат повеќе гледишта во врска со правната сила на потпишаниот договор, но не и со ратификуваниот. Така можеме да кажеме дека еден таков договор е повеќе морално преземена наместо правна обврска, така што сè додека не биде ратификуван претставува еден вид на дадено ветување од овластени претставници и создава правна обврска и државите не се осудуваат да се повикаат на ова гледање од таа причина што ваков чекор за нив ќе значи нарушување на меѓународниот углед како партнери со кои што може да се водат преговори и да се потпишуваат договори на кое било поле. Едно вакво постапување ќе значи кршење на правилото за добра волја – bona fides.

Почетокот на важност на еден договор од меѓународен аспект е моментот кога тој ќе стапи на сила, така што тие немаат ретроактивно дејство. Момент за стапување на сила е оној момент кога сите страни ќе ја дадат својата согласност за обврзување со договорот и ќе го ратификуваат. Ова е предвидено од Виенската конвенција за договорно право. Исто така, ова прашање се решава на сличен начин и кога постојат мултилатерални договори со многу договорни страни. На тој начин, договорите стапуваат во сила после нивното ратификување во точно определен број од страните кои го потпишуваат. Од друга страна, како основа за престанок на договорите се зема точно определен рок на важењето на договорот. Кога договорот ќе истече, тогаш и престанува да важи. Исто така, договорот може да престане да важи ако двете страни се договорат да го раскинат.

1.1.1. Договори за ЕЕЗ и за ЕВРОАТОМ

Меѓународниот договор за основање на Европската заедница за челик и јаглен е потпишан на 18 април во 1951 година во Париз. Сепак, овој договор стапи во сила околу една година подоцна. Земјите кои го потпишаа овој договор се: Германија, Франција, Италија, Холандија, Белгија и Луксембург. Главна цел на овој договор беше да се елиминираат различните бариери во трговијата и да се создаде заеднички пазар каде што производите од челик и јаглен од државите-членки ќе може да се движат слободно, и на тој начин би се задоволиле потребите на целото население на Заедницата без никаква дискриминација врз националноста. Овој договор беше со важност од педесет години така што правилата во однос на секторите за челик и јаглен беа интегрирани во правото на Заедницата, додека нивните посебни ресурси, меѓународни обврски и програми беа преземени од страна на Европската заедница. Во 1955 година во Месина – Италија е постигнат договор за придвижување кон економска интеграција, откако министрите за надворешни работи на шесте држави одржале состанок. Целта на овој договор е конкретно економска.

[2]Примарни цели на договорите беа да се воспостави заеднички пазар, да се приближат економските политики на земјите-членки, да се промовира хармоничен

[2]Пол Крег и Трејн де Бурка, *Право на ЕУ-текстови, случаи и материјали*, 2008 год., стр.6

развој на економските активности низ Заедницата, да се зголеми стабилноста и да се покачи животниот стандард, како и да се промовираат поблиски односи помеѓу земјите-членки.

Римските договори се оние кои го отворија патот кон економско обединување, а како пример тоа е Договорот за основање на Европската заедница за атомска енерија кој е познат и како ЕВРОАТОМ, и Договорот за основање на Европската економска заедница склучени на 27 март 1957 година во Рим. Овие договори немаат ограничување во нивното траење, и покрај основните цели, а тоа се заеднички пазар и атомска енергија, внеле измени во начинот на функционирање на воспоставените институции. Се оформил Европски социјален фонд за да се подобрат можностите за вработување, како и Инвестициска банка која давала кредити за помош на помалку развиените региони. Исто така, се формирал Европски развоен фонд за прекуокеански земји на некои од земјите-членки.

1.1.2. Договор од Мастрихт

Основните договори се од примарно значење како и актите на Европската Унија, но тука треба да се спомне и Единствениот европски акт кој стапува на сила на 1 јули 1987 година. На 13 февруари во Хаг и 28 февруари 1986 година во Луксембург, од страна на претставници на државите-членки на заедниците, беше потпишан Единствениот европски акт со кој се извршија најголемите промени во договорите за основање на трите заедници.

[3]Единствениот европски акт претставува заложба за комплетирање на единствениот пазар завршно до 1992 година, преку отстранување на сите препреки, како еден вид на ревизија на основните договори. Практично го отвори патот кон уште поинтензивна интеграција, чиј резултат беше Договорот од Мастрихт, склучен на 7 февруари 1992 година, а стапи на сила на 1 ноември 1993 година. Договорот од Мастрихт има за цел да ја продолжи интеграцијата преку промоција на одржлив економски и социјален развој, преку создавање на територија без внатрешни граници, преку зајакнување на социјалната и економската кохезија и преку воспоставување на европската монетарна унија, со цел создаввање на заедничка платежна единица.

Унијата беше создадена од Европските заедници и беше дополнета со нови форми и политики на соработка. Овој договор беше создаден од два одделни но сепак поврзани договори а тоа се: Договорот за Европската Унија и Договорот за создавање на Европската заедница. На тој начин европската конструкција беше поделена на три столба или три згради каде што главниот столб е Европската заедница каде заедничката работа на учесниците е регулирана според Договорот за формирање на Европската заедница и преовладува методот на Заедницата. Вториот е столб или зграда на внатрешните работи и правда, а третиот е столб или зграда на заедничка безбедносна и надворешна политика.

[3]Анета Стојановска, *Зборник радова полазника онлајн програма Европске интеграције, Историски развој на Европската Унија*, Белград 2004 год., стр. 18

1.1.3. Договор од Амстердам

[4]Во правна смисла, со Договорот од Мастрихт е предвидена клаузула за ревизија, врз основа на која беше свикана нова Меѓувладина конференција на 17 јуни 1997 година во Амстердам.

Договорот на Европската Унија беше ревидиран од страна на претседателите на државите и владите на сите петнаесет држави кои се нејзини членки. Овој договор ја продлабочи европската интеграција и го постави столбот на правдата и внатрешните работи под „орбита" на заедницата. Исто така, ја зајакна заедничката надворешна и безбедносна политика и иницираше нови заеднички политики, посебно во врска со проблемот со социјалната заштита и невработеноста.

Европската Унија од Амстердам преку институционалната реформа сакаше да ја зголеми ефикасноста во работењето на органите на самата Европска Унија со цел да не дојде до нејзино слабеење. Улогата на овој договор беше претежно консолидирачка и овој договор е договор за да се подобри ефикасноста на Унијата, а да не се зголемат надлежностите. Сепак, она што требаше да биде првично опфатено во овој договор, а тоа е проширувањето на Унијата со земјите од Источна Европа, како и новиот механизам на гласање во врска со проширувањето, беше одложено за подоцна т.е. со Договорот во Ница.

1.1.4. Договорот од Ница

Причината за свикување на нова меѓувладина конференција беше процесот на проширување на Унијата со државите од Источна и Централна Европа во врска со институционалните реформи во ЕУ во февруари 2000 година. Требаше да се решат прашања кои не се решија со Договорот од Амстердам како што се: составот и големината на Европската комисија (броењето на гласовите во Советот, намалување на бројот на комесарите и правична застапеност на секоја држава која е членка, прокламирањето Повелба за фундаментални човекови права, проширувањето на гласањето со квалификувано мнозинство во Советот). Ирска беше единствена држава што гласаше против на референдум за прифаќање на Договорот. Таа даваше приговори дека Унијата која настојуваше да постигне висок степен на интеграција не успеала поради демократскиот дефицит кој беше во пораст. Ратификацијата на Договорот беше неизвесна.

[5]Целта на Договорот од Ница е одобрување на институционалната структура на Европската Унија, во пресрет на проширувањето на Унијата со новите држави-членки. Ова подобрување на националната структура, всушност, претставува квалитетна институционална реформа на петте органи на Европската Унија, коишто Унијата ги

[4]Проф. д-р Љупчо Сотироски,*скрипта Вовед во правото на Европската Унија*, Штип, 2011 год., стр.25;
[5]Проф. д-рТрајан Бендевски, *Право на Европска унија,* Правен факултет-УКИМ, Скопје, 2001 год., стр.71

наследила уште во периодот на основањето на Европската заедница за јаглен и челик и Европската економска заедница од страна на шесте држави-основачи.

Овој договор е склучен на 26 февруари во 2001 година, и стапил на сила на 1 февруари во 2003 година.

1.1.5. Договорот од Лисабон

Договорот од Лисабон е последниот правен акт врз кој се потпира Европската Унија, и претставува израз на досегашните достигнувања, порази и победи во развојот на европската демократија, идејата за остварување на Унијата и создавањето на пристојно место за живеење.

Европа во 21 век се соочува со големи и тешки предизвици како што се: економската криза, климатските промени, енергетската сигурност, одржливиот развој како и борбата против меѓународниот прекуграничен криминал. Бројот на земјите кои се членки на Европската Унија е удвоен од порано. Договорите коишто беа потпишани не ги даваат потребните инструменти на Европската Унија за да се соочи со предизвиците коишто ѝ претстојат, па затоа самите членки го изработија и овој договор.

Лисабонскиот договор е потпишан на 13 декември 2007 година од страна на 27 членки - држави на Европската Унија и стапува на сила на 1 декември 2009 година, кога сите земји на Европската Унија истиот го ратификуваа.

[6]Договорот од Лисабон јасно ги одредува целите и вредностите на Европската Унија, и тоа: мир, демократија, почитување на човековите права, правда, еднаквост, владеење на правото и одржливост.

Според договорот од Лисабон, Европската Унија треба да реализира:

- Правда, слобода, безбедност за сите луѓе без внатрешни граници;
- Одржлив развој на Европа, со урамнотежен раст на економијата и стабилноста на цените, социјален напредок, вработување, висок степен на заштита на животната средина;
- Социјална правда и заштита како и борба против социјалната исклученост и дискриминација;
- Социјална, економска и територијална солидарност и кохезија помеѓу земјите – членки;
- Една заедничка валута – евро;
- Промоција и негување на вредностите на Европската Унија низ светот, и ќе се придонесува за мир, развој, безбедност на земјите, ќе постои почит и солидарност меѓу народот, фер и слободна трговија и искоренување на сиромаштијата.
- Заштита на човековите права, посебно на правата на детето, строго почитување на меѓународното право и начелата од Повелбата на ОН.

Со овој договор, Европската Унија има за цел да стане подемократска, поуспешна и потранспарентна. Им се овозможува на граѓаните и парламентите да добиваат повеќе информации за сè што се случува во Европа, сепак штитејќи ги интересите на земјите.

[6]Ваш водич низ Договорот од Лисабон, *брошура-Канцеларија за службени изданија на Европската Унија*, Луксембург, 2010 год., стр.3

[7]Според Договорот од Лисабон, Европскиот совет добива поголемо влијание врз организирањето на полицијата и правосудството, надворешната политика и уставните прашања, вклучувајќи ги: составот на Парламентот и на Комисијата, прашања во врска со ротирачкото претседателство, одложување на правата на членство, промена на системот на гласање во клаузулите на договорите за премостување и номинирање на претседателот на Европската комисија и високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедност.

Овој реформски договор како најголем новитет ја донесува излезната клаузула, која се вовела за првпат во историјата на Европската Унија. Според неа, секоја земја која е членка на ЕУ, може да излезе од Европската Унија во секој момент кога за тоа ќе се одлучи. Европската Унија би била поефикасна ако одлуките на Советот на министри се донесуваат не врз основа на консензус на сите земји – членки, туку со квалификувано мнозинство.

[8]Европскиот совет официјално се стекна со статус на институција на Европската Унија, со што се одвои од Советот на министри. Тој и понатаму е составен од шефовите на државите или на владите на земјите-членки на Унијата, заедно со претседателот на Европската комисија. Претседателот на Европскиот совет се именува на период од две и пол години, со квалификувано мнозинство на гласови од Советот на Европа. Претседателот може да се именува еднаш и да биде отповикан со иста гласачка процедура.

Исто така, Европскиот суд добива поголемо влијание врз полицијата и правосудството, уставните прашања, надворешната политика меѓу кои и составот на парламентот, Комисијата, ротирачкото претседателство, безбедонсинте политики итн. Со овој договор се проширени надлежностите на Европскиот суд на правдата, Повелбата за основните права на човекот е задолжителна за сите членки, освен за Полска и Велика Британија. Договорот за функционирањето на ЕУ, Договорот за ЕУ и Повелбата за фундаменталните права на ЕУ имаат еднаква правна вредност и ја сочинуваат правната основа на ЕУ.

Поради поголема координација и конзистентност во надворешната политика на ЕУ, овој договор создава висок претставник на Унијата за безбедност и надворешна политика, кој ги спојува функциите на високиот претставник за заедничка безбедносна и надворешна политика и Европскиот комесар за надворешни работи на ЕУ. Овој претставник е задолжен за Службата за надворешни активности, што во суштина е Министерството за надворешни работи на Унијата.

1.2. Дипломатијата значаен фактор во преговорите

Дипломатијата е инструмент кој има посебно место во современите меѓународни односи. Основна функција на дипломатијата е да ја претстави државата во странство

[7]Ваш водич низ Договорот од Лисабон, *брошура-Канцеларија за службени изданија на Европската Унија*, Луксембург, 2010 год., стр.12

[8]*Consolidated Versions of the Treaty on European Union and the Treaty on the Functioning of the Europion Union*, Publication Office of the European Union, Luxembourg, 27-28

преку промоција на нејзините цели и интереси. Дипломатијата ја спроведува надворешната политика и воспоставува меѓународни односи така што ја брани политиката на својата држава. Нејзините цели се насочени во застапување и претставување на својата држава во странство, штитење на својата држава, информирање и развивање односи со другите држави преку процес на преговарање.

Билатералната и мултилатералната дипломатија ја застапуваат надворешната политика и извршуваат дејности кои се во интерес на земјата. Сепак, дипломатијата има многу повеќе значења меѓу кои:

- Способност и знаење за преговарање со други држави;
- Надворешно претставување на државите;
- Водење на државни работи преку службени односи со други меѓународни организации и држави;
- Содржина и облик на односи меѓу државите кои се формираат и се одржуваат преку службени контакти, и преку кои се усогласуваат интересите на државите постигнувајќи одредени договори;
- Професија и кариера на застапувањето и претставувањето на држави во односите со други држави, припадноста на лицата кои ја вршат таа дејност.

Дипломатијата е најстар облик на општење помеѓу државите и претставува средство за водење на надворешна политика, и ги опфаќа сите активности при спроведување на надворешната политика. Таа е посебна вештина при извршувањето на работите од областа на меѓународните односи, особено кога се претставуваат и застапуваат интересите на една држава.

[9]Дипломатијата истовремено е и учесник во креирањето на надворешната политика. Таа е општествена категорија што е директно врзана за надворешната политика и активен чинител во тој процес при што ја пренесува, објаснува, преговара и застапува надворешната политика на една држава.

Лицата кои ја вршат оваа дејност се нарекуваат дипломати. А под поимот дипломат се подразбира лице кое работи во дипломатска служба на некоја држава, што е составен дел на дипломатскиот персонал и на кој му е доверена некаква дипломатска задача. Тоа лице е овластено да извршува специфични дипломатски работи и е член на дипломатска мисија.

[10]Дипломатот е лице кое поседува висококвалитетни лични својства со висок степен на знаења од областа на науката, историјата, културата, а особено економијата (на што денешната современа дипломатија особено е акцентирана). Тој е претставник на државата, поради што е должен безусловно да ја спроведува официјалната надворешна политика на државата која го именувала.

Дипломатијата претставува умеење и знаење каде што меѓународните проблеми се решаваат на мирен начин. Таа е основа за хармоничен развој на меѓународните заедници каде што задолжително се почитуваат меѓународните конвенции и меѓународното право. Дипломатите се оние што наоѓаат заедничко решение кога

[9]Тоновски Ѓ. *Меѓународни односи*, Скопје 2004 год. стр. 234 и 235
[10]Стефанов Г., Видин Б., Захариева Ј. и Пантев П., *Меѓународни односи, Кратка енциклопедија*, Софија 2001., стр. 97

интересите на некои држави на меѓународен план се конфронтираат, и тоа го прават користејќи традиционални методи и средства. Исто така, тие се занимаваат со управување на односите меѓу државите и другите меѓународни организации. Така што можеме да заклучиме дека основната функција на дипломатијата е советување, имплементирање и обликување на надворешната политика.

Главната задача на дипломатите е да ја претстават својата држава пред странски држави и огранизации од меѓународно ниво, и да ги остварат своите цели и интереси. Зависно од тие интереси кои можат да бидат различни, се одредуваат надворешните политички приоритети на дипломатското дејствување. Дипломатското дејствување е динамичен процес со широк спектар на активности, чии приоритети се менуваат во согласност со промените на меѓународната и внатрешната политика. Дејствата на дипломатијата треба да бидат во функција на вредностите на меѓународните односи како што е решавањето на меѓународните проблеми по мирен пат, јакнењето на демократијата, развивањето на меѓународната соработка и почитувањето на меѓународното право. Глобалната дипломатска сцена доживува секојдневни промени така што неизбежно е приспособувањето на дипломатите кон новонастанатите ситуации за да државата биде што поуспешна во меѓународната заедница.

Од друга страна, преговарањето како процес е применлив во официјални и неофицијални околности, и се користи поради унапредување на односите помеѓу преговорите и субјектите. Со преговарањето започнува и крајот на судирите и започнува започнувањето на соработка. Тоа е основно средство на дипломатијата и на начините за мирно решавање на конфликтите и судирите. Преговарањето како вештина може да се користи како стратегија во различни ситуации.

[11]Дипломатското преговарање е најизразено во меѓународните односи. Современата меѓународна заедница е составена од голем број на субјекти на меѓународното право и меѓународните односи, каде секој од нив е носител на некој свој интерес кој е понекогаш спротивен во однос на интересот на другиот субјект. Kora меѓународната заедница не е во состојба да ги отстрани причините за спротивните интереси тогаш настанува спор кој може да се реши на два начина: или преку сила или по мирен пат. Според меѓународното право во насилни средства спаѓаат репресалиите и војните, додека во мирни средства спаѓаат дипломатските преговори и судските средства.

Надворешната политика на една земја е продолжување на политиката надвор од нејзините граници и се реализира како активност која е организирана на органите на државата коишто делуваат како извршители на дејства и одлучување на зададени одлуки од државните органи.

Дипломатијата е една од најзастапените алатки кои се употребуваат од страна на државните органи и со чија употреба ќе се исполнат надворешните политики на државата која раководи со истите. Како најважна цел на дипломатијата претставува креирањето и промовирањето на некоја одредена слика или перцепција за државата, промовирање идеи, одредени вредности или некои претстави врз основа на докази и

[11]Методија Дојчиновски и Фердинанд Оџаков, *Разузнавачки операции и асиметрични закани,* Соларис Принт, Скопје, 2010

факти. Ако една држава се стреми кон просперитет, или сака да претставува фактор со одредено влијание во околината без разлика на големината, треба да биде свој сопствен креатор на иднината и истата треба да има силна дипломатија.

[12]Под силна дипломатија се подразбира развиена дипломатска активност насекаде низ светот, а најмногу во соседните држави. Дипломатската активност не треба да сопре во ниту еден момент од функционирањето на државните органи. Дипломатската активност претставува непрестана дејност која се работи постојано. Под постојано се подразбира влијание на дипломатијата и нејзиното продолжување по ист терк и во моменти кога државата е ослабната, и кога е стабилна и чекори по вистински пат. Со самото тоа, преку дипломатијата, со функционирањето на дипломатските органи по претходно зададените задачи, ќе си продолжи влијанието и остварувањето на надворешната политика на државата од каде се испратени истите.

Република Македонија ако сака да има ефективни преговори за влез во Европската Унија, треба да има ефективна и развиена дипломатија пред сè, и така ќе чекори беспрекорно кон иднината без проблеми. Целта на органите на државата е извршување на дипломатските активности, но исто така и извршување на дадените задачи од органите на државата од каде што се испратени. На тој начин, надворешната политика ќе чекори по вистинскиот пат и ќе функционира на начинот којшто е планиран. Со ефективната дипломатија, државните органи ќе ги согледаат сите проблеми кои можат да ѝ наштетат на нормалното функционирање на државата и со нивното неутрализирање ќе се олесни и нејзиното функционирање. Сепак, координираноста меѓу државата и дипломатските органи кои дејствуваат во нејзино име надвор од границите, треба да функционира на највисоко ниво, беспрекорно и целосно. Тоа е потребно поради народот и државата, за нивно добро, за да одлуките кои се донесени во институциите во државата навремено се решат преку дипломатските органи. Во спротивност, неорганизираноста и некоординираноста лошо ќе влијаат врз државата.

Тука треба да се спомне Министерството за надворешни работи како важен фактор помеѓу власта и дипломатските претставништва низ целиот свет. МНР е главен преносител на задачите кои им се дадени на дипломатските претставници на една држава. Министерот за надворешни работи е главен дипломат кој јавно ги искажува намерите за текот на надворешната политика која е насочена кон актуелни прашања, но исто така и го координира функционирањето на дипломатските органи.

Сепак, концептите според кои ќе функционираат дипломатските претставништва, можат да бидат сменети со поинакви принципи на делување, поради секојдневното менување на политиките на големите сили. Тие вршат постојан притисок за промена на методите и начините.

[13]Тука е многу битна умешноста на дипломатските органи за неприметно сменување на теркот на нивното функционирање, сè со цел да се продолжи нормалното делување на нивната надворепша политика, без додатни забелешки од домашната страна каде тие се присутни како дипломатски органи.

---

[12]Тања Запрова Достинова & Љупчо Сотироски, *Дипломатска организација дејност и професија,* Штип, 2014, 29 стр.

[13]Владимир Ортаковски & Марија Миленковска, *Меѓународно јавно право,* Факултет за безбедност, Скопје, 2014, стр. 235.

Дипломатијата како институт е основен инструмент за ефикасна соработка помеѓу земјите, но исто така и за разбирањето меѓу државите и решавањето на нивните спорови на мирен начин со мирни средства, без разлика на нивните различни општествени и уставни системи.

Промените кои се случија во меѓународното општество имаа влијание врз дипломатијата, и дадоа придонес да се развијат нови форми на дипломатија. Денес постојат:

- Постојана (постојани дипломатски односи) и привремена – ад хок (ad hoc) дипломатија;
- Билатерална и мултилатерална дипломатија.

Во денешно време, во кодификацијата на дипломатското право се постигнати значајни резултати. Усвоени се конвенции коишто ги регулираат дипломатските односи, специјалните мисии и конзуларните односи. Исто така, усвоена е и Конвенцијата за спречување и казнување кривични дела на лица кои се под меѓународна заштита, а тука спаѓаат и дипломатските агенти.

Преговарањето е важна техника на дипломатијата затоа што успешната дипломатија зависи од успешното преговарање. Дипломатското преговарање е многу важно како средство за мирно решавање на споровите помеѓу државите. Во овој процес, дипломатот функционира како специјалист во преговарањето. Тој треба да влијае врз другите, да има моќ да убедува преку конверзациските вештини кои ги поседува, да има познавања од меѓународната политика, да поседува мудрост кога треба да се повлече или да ги засили напорите во процесот на преговарање. Тој мора да знае како да направи компромис меѓутоа да не ги навреди националните интереси.

[14]Вообичаено дипломатот има тројна улога во преговарачкиот процес: тајно договарање кое бара од него дискреција, постојаност, објективност, организациони способности, тактичност и знаење, асистирање на политичарите кога преговараат, што бара од него и стратегиски преглед на ситуацијата, политичка проценка и организациски вештини, преземање на одговорноста за проблемите кои нараснуваат во текот на имплементацијата на договорите постигнати во текот на преговарачкиот процес. Дипломатот во процесот на преговарање мора да биде способен за акција, да биде прагматичен, да има трпеливост и силни нерви да го изнесе процесот до крај. Вистинскиот дипломат преговарач е човек од акција, кој врз основа на проценката на ситуацијата презема акција и оди напред.

[15]Сепак, вклучувањето на резидентните амбасадори во преговарачкиот процес го намалува несаканиот публицитет што го следи секој специјално назначен преговарач, го анулира локалниот сентимент и предизвикот прерано да се затворат преговорите, или да се направи брза отстапка со цел да се запази рокот на специјалниот преговарач за неговото враќање во државата.

Процесот на преговарањето започнува пред самот чин на преговарањето. Пред време се испитуваат важните елементи кои потоа ќе придонесат во составувањето на резултатот. Најпрво, треба да се утврди целта којашто треба да се постигне. Исто така,

[14]Alain Plantey, *International Negotiation in the Twenty-First Century* (New York: Routledge-Cavendish, 2007) p.482.
[15]Geoff Berridge, Diplomacy, *Theory and Practice* (New York: Palgrave, 2001) p. 119.

важни елементи се и околностите што ја одредуваат преговарачката позиција на почетокот, а и после тоа, поддршката на меѓународната заедница, економската и политичката стабилност или нестабилност на државите итн. Позициите на оние што преговараат може да се движат на исто ниво или да се во корист на едната страна.

Република Македонија од осамостојувањето, покажала збунетост и неодлучност кога се во прашање донесени одлуки кои влијаат врз нејзината историја и врз многу идни генерации.

Во периодот од 1990 до 1991 година, во Македонија не се размислувало многу за надворешната политика. Единствена преокупација тогаш биле избегнување на меѓурепублички судири на север, решавање на ситуацијата со Југославија и осамостојувањето. Внатрешната политика во Југословенската Федерација оставала многу мал простор за надворешното афирмирање на македонскиот интерес и идентитет. Реализацијата на надворешните одлуки ја воделе тесни политички кругови, а требало да ја води стручна служба во рамки на државата, без оглед на материјално техничките средства со ограничен буџет.

Во периодот на стекнување самостојност, многу одлуки и реакции биле непрецизни и задоцнети, како на пример, повикот на претседателот на првата Влада на Република Македонија, Никола Кљусев, од 21 јануари 1992 година, кој бил упатен кон македонскиот кадар на службите на Сојузниот секретаријат за надворешни работи и дипломатските претставништва во Југославија.

Преку овој повик се барало дали дипломатскиот персонал ќе се стави во служба на Македонија, од каде што оние кои не одговорија позитивно се правдале дека ваков повик бил можен само ако македонската самостојност е признаена меѓународно. Оттука, може да се види дека не постоело чувство во овој кадар, за да се одбрани рамноправниот статус на Македонија на федерално ниво. За разлика од овој македонски тест, дипломатскиот персонал на Словенија, во летото 1991 година, бил повикан да се врати дома и да ѝ служи на татковината.

Сето ова довело до попис на дипломатскиот персонал кој покажал дека од 103 Македонци, само 53-ца сакале да се вратат во македонската дипломатија. Сепак на крај, се вратиле само триесетмина во Скопје.

[16]Несакајќи да се впуштат во една неизвесна ситуација, од друга страна напуштајќи го комодитетот на привилегиран живот, стекнат имот, мешани бракови, останатите го продолжиле тој рок само со телефонско потврдување на готовноста да се стават на располагање на македонската дипломатија. За да им излезе во пресрет, а пред сè и од огромната потреба за вакви кадри, Владата двапати го пролонгирала рокот, па оние коишто не се јавиле и ниту писмено не го оправдале своето отсуство, автоматски не биле примени во составот на службата. Меѓутоа, покрај сè, може да кажеме дека во тешките моменти на стекнување независност и самостојност на нашата млада држава, искуството на сите македонски дипломати од федералната дипломатска служба, можело во голема мера да ги олесни и забрза процесите за меѓународно признавање и интеграција на Република Македонија во меѓународната заедница.

[16]Габер В. *„За македонската дипломатија“,* Скопје, 2002

На овој начин, се оптоварувале напорите на Македонија да воспостави дипломатски односи со другите држави, особено со соседите, со големите сили, со членките на ЕУ, но и со членките на ОН, така што од 1992 до 1993 година, Македонија се наоѓа во незавидна ситуација како сама и изолирана.

[17]Меѓутоа, повеќето од нашите партнери беа свесни дека ваквата ситуација на долгорочен план, би значела ризик и опасност од нови конфликти во регионот. Поради тоа, Македонија мораше да прифати многу компромиси што се однесуваа на суверенитетот, како би покажала добра волја во надворешната политика. Главниот компромис беше направен во 1993 година, по повод приемот во Обединетите нации, каде прифаќањето на привремента референца БЈРМ (FYROM - Former Yugoslav Republic of Macedonia) беше услов за прием.

Сепак, Македонија покажа како се води мирољубива, добрососедска и активна политика со сите земји во регионот и пошироко. Позицијата на меѓународно ниво се подобри по приемот во ОН и склучувањето на привремена спогодба со Грција во 1995 година. Подоцна, Македонија се пријавува за членство во НАТО и ЕУ. Сите овие години се водеа политики за прием на нашата држава во овие две организации. Првата вроди со плод. По толку години од осамостојувањето, Македонија станува членка на НАТО на 27 март 2020 година како 30-та членка. Сепак се поставува прашањето дали вредеше? Од осамостојувањето, Македонија се одрече од многу работи, го смени државното знаме, се откажа од името Македонија на меѓународно ниво, направи многу отстапки, а сè со една цел – да стане полноправна членка на НАТО и ЕУ. На 17 јуни 2018 година е потпишан договорот од Преспа каде што Македонија го менува своето сопствено државно име во Република Северна Македонија, а Грција ги укинува блокадите за нашата земја во НАТО и ЕУ и Македонците ги признава како граѓани на Северна Македонија и го признава македонскиот јазик.

Но, сепак тука не завршува сагата на Македонија во дипломатијата и преговорите на меѓународно ниво. Следната држава која поставува кочници во приклучувањето на Македонија во ЕУ е Бугарија. Македонија паѓа на тоа ниво што треба на сите соседни држави да им ги исполнува желбите. Затоа и прашањето дали вреди по секоја цена да станеме членка на ЕУ или НАТО? Многу дадовме, а малку зедовме. Дипломатските претставници на Македонија се оние што требаат да ги штитат државните интереси и интересите на државјаните на Македонија, тоа им е единствена задача. Сепак, не испадна така во многу ситуации. Оттука и незадоволството на македонскиот народ кон секоја политичка партија. Останува прашањето, што може друго Македонија или македонските дипломатски претставници да продадат или направат за да конечно се исполни последната цел – полноправно членство во ЕУ.

ГЛАВА 2

2. ТЕОРИЈА И ПРАКСА НА ПРЕГОВОРИТЕ ВО ДИПЛОМАТИЈАТА

[17]Мирчев Д. *„Macedonian Foreign Policy 1991-2006*, Skopje, 2006

2.1. Улогата на меѓународните организации за постигнување на политички договори

Меѓународните организации и интеграции се многу важен сегмент во меѓународните односи, кој се занимава со односите помеѓу одделните држави. Како таков сегмент нудат подобри, пефикасни и пофункционални инструменти и механизми за регулирање на односите помеѓу нивните граѓани и институции, односно нивните економии. Тоа укажува дека треба да се навлезе во сферата на меѓународните односи за да се проучува феноменологијата на економиите на една држава. Меѓународни односи во поширока смисла се оние односи кои се воспоставуваат помеѓу државите, политичките организации, движења, економските, невладините, културните организации итн. Од друга страна, меѓународните односи во потесна смисла се оние односи кои ги воспоставуваат државите на билатерална и мултилатерална основа, но исто така и во рамки на меѓународните организации.

Развојот на меѓународната соработка и вклучувањето во меѓународните односи е интерес на секоја држава која претендира да реализира подинамични стапки на економски и цивилизациски развој и секако поради попросперитетна иднина. Тоа е подобро отколку државата да се самоизолира.

Економските врски се императив на секоја земја која е во транзиција, особено на оние земји кои имаат недоволно развиена економија и тоа треба да биде клучна одредница на нивните реформски процеси. За да има економски пораст, потребна е вклученост во глобалните текови на светскиот пазар и трговска размена.

Продлабочувањето на меѓународните односи игра многу значајна улога во развојот на секоја поединечна држава, и тоа не само од аспект на потребата за зачувување на безбедноста и мирот туку поради неопходноста и потребата од размена на духовни и материјални добра, економска и техничка соработка, научни и технички откритија како и други соработки во рамки на меѓународната заедница.

Реалноста е таа. Една современа држава треба да се интегрира во светските економски текови посебно ако станува збор за помала држава како што е нашата. Малите држави имаат мали економии така што е потребен висок степен на интегрираност во светската економија. Сепак, не треба само малите и помалку развиени држави да ја истакнуваат потребата за јакнење на меѓународните економски односи. Големите држави потребно е да ги отстранат ограничувањата, да создадат единствено светско стопанство кое е меѓусебно поврзано преку единствен светски пазар а меѓусебната соработка да ја развијат на уште повисоко ниво.

Низ историјата, земјите отсекогаш соработувале меѓу себе и тоа врз одредени правила и принципи кои самите тие ги договарале. Со тек на време, тие правила и принципи станувале појасно и поцврсто дефинирани, и се насочувале кон нивно прераснување во институции, преку кои ја продлабочувале и проширувале меѓусебната соработка заради остварување на целите и интересите.

Институционализирањето на меѓународните односи и членството во меѓународните организации е повисок степен на регулирање на односите помеѓу државите. На тој начин се обезбедува заштита од попречување, оневозможување или доведување во прашање на нивната меѓусебна соработка. Тоа значи преземање на

функциите од страна на меѓународните организации и интеграции затоа што тие не можат да се реализираат од страна на поединечните држави.

Поимот институција значи траен однос со формални акти кој се воспоставува поради вршење определени дејности за некоја поставена цел. На тој начин се основа и установува одредена организација. Поради ова, се основани и установени меѓународните организации од страна на државите, за да остваруваат заеднички цели на меѓународен план.

Денес, расте бројот на меѓународни институции во меѓународната заедница, така што многубројните посложени односи стануваат трајни и регулирани односи, а тоа доведува до нивно уредување како институции. Поради фактот што меѓународните односи се дефинираат како односи што се воспоставуваат на меѓународен план помеѓу народите и државите, политичките организации и движења, поедниците, културните организации, нивното институционализирање станува начин на заштита од многу ситуации кои може да ја доведат во прашање меѓусебната соработка. Таквото институционализирање обезбедува компетенции за да се преземат надлежности од страна на институциите кои не може да бидат остварени од поединечни држави, поединци или групи.

Современите меѓународни организации имаат долга историја, како што е на пример Виенскиот конгрес од 1814-1815 година кој претставува пример и обид за политичко обединување на Европа. Сепак, овие организации се развиваат и се јавуваат во 20 век, а посебно истакнати се Друштвото на народите и Организацијата на обединетите нации со своите специјализирани установи и организации.

[18]Раководејќи се од суштинските елементи и од институционалните облици на денешните меѓународни организации, тие би можеле да се дефинираат како тела формирани со мултилатерални спогодби како трајни облици на институционализирана соработка на повеќе држави, при што со посебен основачки акт и во рамките на постојани органи (на начин предвиден со основачкиот и со другите акти на организацијата) се одвиваат процеси на мултилатерално преговарање и заедничко одлучување на државите-членки во одредени области на меѓусебната соработка.

Од оваа дефиниција можеме да ги установиме основните елементи на секоја меѓународна институција која цели да има статус на меѓународна организација:

- Да е основана со меѓународен договор.
- Да опфаќа повеќе држави.
- Да има утврден делокруг на надлежности.
- Да има свои тела и органи.
- Да има основачки акти кои ќе придонесат за нејзиното функционирање.

Меѓународните организации се оние организации кои се формирани од држави, влади и приватни здруженија и институции од повеќе држави од областа на културата, социјалната дејност, хуманитарната работа, економијата, религијата. Поделбата на регионални, универзални и секторски организации е од аспект на географско подрачје

[18]Benčina Dragoljub, Simoniti Iztok *„Mednarodne organizacije“*, Priročnik in vodič, Delavska enotnost,Ljubljana, 1994

на кое организацијата ја реализира активноста или, пак, од аспект на целта на која активноста е подредена. Најважна светска меѓународна организација е ОН во којашто дејствуваат голем број на специјализирани агенции од трговијата, финансиите, економијата, науката, културата, образованието, здравството, а исто така и нејзините 30 помошни органи, програми, институти, канцеларии како пример за институции од светско значење.

Склучувањето на меѓународен договор е цел на секој еден меѓународен државен преговарач односно дипломатски претставник. Меѓутоа, некои преговори се одвиваат меѓу високи државни функционери кои преговараат па после потпишуваат одреден договор кој сепак оди на ратификација кај одредени тела. Преговарањето кое се одвива меѓу дипломатските претставници е на пониско ниво и се однесува на повеќестрани односи или билатерални односи кои се поврзани со меѓународни конференции или одредена меѓународна организација. Во овие преговори дипломатскиот претставник настапува со инструкции кои ги добива од својата влада, разговара и прави обид да го финализира преговарањето со тоа што ќе постигне договор. Кога тоа ќе го постигне, дипломатскиот претставник може да премине на други работи и преговори, но води сметка дали се почитува постигнатиот договор.

Меѓународното договорно право ги опфаќа сите права, правила и обврски кои се содржат во меѓународните договори, така што најсложената задача на дипломатската професија е склучувањето на меѓународните договори. Според Виенската конвенција за право на меѓународен договор од 1969 година, меѓународниот договор претставува спогодба која е склучена во писмена форма меѓу државите, врз кои меѓународното право се применува, без разлика дали станува збор за повеќе инструменти кои се поврзани меѓусебно.

Според истата конвенција, меѓународниот договор се проширува во смисла на тоа дека конвенцијата мора да се применува на секој договор што претставува уставен акт на одредена меѓународна организација и на секој договор кој е усвоен од некоја меѓународна организација.

Оттука, може да се заклучи дека меѓународен договор е оној што содржи еден или повеќе меѓусебно поврзани документи, договор кој во писмена форма е склучен од субјекти на меѓународното право, односно држави и меѓународни организации без разлика на неговиот назив. Тој може да има различни имиња: спогодба, пакт, договор, протокол, конвенција, декларација итн. За негово препознавање не е важно името туку неговата содржина.

Меѓународните меѓувладини организации се формирани врз основа на договор помеѓу држави членки. Целта, делокругот на работа, начинот на функционирање и внатрешната организациска поставеност се одредува со статутот на ваквите организации. Овие организации мора да поседуваат меѓународен субјективитет или обележје различно од државата членка, органи на управување и сопствени средства.

[19]Како посебна форма на организирање која не се формира на иницијатива на меѓународни правни субјекти, туку на иницијатива на здруженија или поединци од

[19]Одредени меѓународни невладини организации имаат значајно влијание врз меѓународните односи (Amnesty Internacional, Helsinki Watch, Red Cross)

различни држави, има цел извршување работи кои не се во интерес само на една држава. Меѓународните невладини организации немаат меѓународно правен субјективитет, но сепак имаат право да комуницираат со држави и меѓународни организации. Како и меѓународните меѓувладини организации, така и меѓународните невладини организации имаат свој статут и внатрешно правно уредување и организација. За различни области постојат различни меѓународни невладини организации, чијшто број во поново време е во постојан пораст. Голем дел од нив се членки на Унијата на меѓународни организации.

Ваквиот вид на поделба на меѓународните организации е од големо значење затоа што само меѓународните меѓувладини организации се субјекти на меѓународното право.

Во членот 6 од Виенската конвенција се наброени функциите на мисиите на државите во меѓународните организации, за претставување на државите во нивните односи со меѓународните организации. Тие се состојат во:

- Запознавање со дејствувањето на организацијата и поднесување извештај на владата.
- Обезбедување и претставување на државата во организацијата.
- Водење преговори со организацијата во рамките на самата организација.
- Одржување на врските меѓу државите и организацијата.
- Заштита на државните интереси во однос на организацијата.
- Обезбедување на учество на државата во дејностите на организацијата.
- Остварување на начелата и целите на организацијата во рамките на самата организација.

Од овие наведени функции на мисиите на државите во меѓународните организации, може да се видат некои заеднички карактеристики со дипломатските мисии. Заедничките карактеристики можат да се огледаат во претставувањето на државата, преговарањето, известувањето, следењето и заштитата на интересите на таа држава.

Мисијата на меѓународните организации ја одржува врската меѓу државата и организацијата. Тоа е функција која ја извршува и дипломатската мисија но со разлика што врската ја одржува со земјата на приемот. Тоа што е заедничко за двете мисии е што поднесуваат извештај за својата работа пред државата што ги именувала.

Членовите на мисиите на меѓународните организации имаат двојна задача. Најпрво, тие се претставници на државата на именување, а потоа се и учесници во остварување на програмите и целите на меѓународната организација во улога на претставници на државата членка на таа организација. Оттука, функцијата на претставувањето што ја има мисијата на меѓународните организации, не може да се поистоветува со функцијата што ја извршуваат дипломатските мисии. Претставувањето на државата преку мисијата на меѓународните организации не се однесува само на нејзините одредени тела туку на целината на самата организација.

Врската која се одржува со меѓународната организација преку мисијата на земјата на именување е многу битна поради тоа што меѓународните организации немаат во секое време органи што се во постојано заседание. Кога ќе се појават непосредните

делегации од земјите на именување, тогаш постојаните мисии ја извршуваат улогата на постојана врска меѓу меѓународната организација и земјата на именување.

Преговарањето со самата организација не се разликува многу од преговарањето како функција на дипломатската мисија, така што проблематиката е специфична и не се однесува само на билатералните односи.

Постојаните мисии ја имаат како функција работата на остварување на начелата и целите на организацијата, а таа не се практикува во работењето на дипломатските мисии. Од друга страна, во билатералната дипломатија, работата на дипломатските мисии е директниот интерес меѓу две држави, а постојаните мисии на меѓународните организации работат на интересите на државата на именување од поширок аспект, а тоа се заеднички цели на државите членки поставени од основањето на организацијата.

Виенската конвенција, раководејќи се од принципот на економичност, им овозможува можност на државите на именување, исто лице кое е во својство на шеф на мисија да може да се акредитира во две или повеќе меѓународни организации. Државата на именување има можност да акредитира член на дипломатскиот персонал на мисијата, во улога на шеф на мисијата кај други меѓународни организации или да именува член на персоналот на мисијата како член на некоја друга своја мисија. Исто лице може да биде акредитирано во улога на шеф на мисија во иста меѓународна организација од страна на две или повеќе држави.

Шефот на државата, министерот за надворешни работи и претседателот на државата даваат акредитиви на шефовите на постојаните мисии во меѓународните организации кои потоа ги доставуваат на меѓународната организација. Ако шефот на мисијата е овластен да дејствува во улога на делегат во еден или повеќе органи на организацијата, тоа мора да се забележи во акредитивно писмо.

Виенската конвенција го одредува бројот на членовите во постојаната мисија што ја претставува државата на именување во меѓународните организации. Бројот на персоналот во мисијата не треба да го надминува нормалното и разумното. Најспорен случај досега со бројот на членовите на постојаните мисии на меѓународните организации се случи во 1986 година. Тогаш САД на чија држава се наоѓа седиштето на ОН, побара од Сојузот на Советските Социјалистички Републики, да ги намали членовите од 411 на 150 во нивната мисија. Неоправдано е давањето на право на државата на чија територија се наоѓа седиштето на ОН да одлучува за бројот на членови на постојаните мисии на меѓународните организации. Тука може да се спомне и примерот на Република Македонија во Брисел како важна институција која ги извршува надлежностите заедно со Амбасадата.

Кога е во прашање првенството на меѓународните организации кои се во развој, важно е да се напомене дека владините организации имаат првенство пред невладините меѓународни организации. Меѓународната практика направила одреден ред на првенство според правилата кои се усвоени од страна на ООН. На прво место е Организацијата на обединетите нации и нивните тела за потоа на ред да дојдат специјализираните институции на ООН, а после нив останатите меѓународни универзални организации. Потоа доаѓаат регионалните организации, а на крај се меѓународните невладини организации.

Улогата на меѓународните организации за постигнувањето на политички договори е доста битна. Меѓународните организации играат повеќе улоги на секое поле. Ако државата во која што живееме е членка на некоја од светските меѓународни организации тогаш таа има многу поголеми бенефиции, како на економски план така и на други полиња. На пример, потребна е либерализација на меѓународниот промет на стоки и услуги на светско ниво, но тоа не е можно ако сите држави не се членки пример во меѓународните организации т.е. ако државите се изолирани. Тука може да ја спомнеме Светската царинска организација како меѓународна организација чијашто цел е земјите членки да ја унапредуваат својата царинска соработка во интерес на промовирање на меѓународната трговија.

Меѓународните организации бараат од своите земји членки голем број на реформи со цел земјите да се справат со голем број на глобални предизвици. На пример, како приоритет на ООН заштитата на човековите права се на прво место, борбата против тероризмот, разоружувањето и непролиферацијата, имплементацијата на милениумските развојни цели, климатските промени и одржливиот развој итн.

Како едни од најголемите и најважни меѓународни организации се: Лигата на Народите, Советот на Европа, НАТО, Организацијата на Обединетите Нации (ООН), Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ), Меѓународната организација на трудот, Светската трговска организација.

Процесот на глобализација и поволното пласирање на земјите во постсоцијалистичката транзиција во него, треба да биде поддржано од страна на меѓународните организации. Исто така, треба да поттикнуваат на продлабочување на степенот на регионална интеграција и заемна соработка. Постојаниот и брз пораст бара пораст на извозот кој е зависен од јаки регионални врски кои бараат поддршка од увозно-извозните банки, агенциите кои осигуруваат кредитни трансакции и берзите.

Во однос на стопанствата коишто поминуваат низ транзиција, активностите на меѓународните организации треба да се насочени пред сè на поддршка за изградба на институции и техничка помош, а да не бидат насочени на директни кредити. Сепак, овој вид на пазарна инфраструктура е недоразвиена и понатаму, а странските инвестиции и трговската размена во регионот се задоцнети. Оттука, факторот кој треба да претставува моторен погон на постојаниот раст, моментално претставува тешкотија за тој раст.

Постсоцијалистичките земји ќе имаат некоја си полза од благодетите што глобализацијата може да ги донесе, ако не го потпрат вклучувањето во светскиот поредок врз силните регионални врски.

Организациите кои се базираат врз системот Бретон Вудс треба пак да ја разгледаат политиката кон постсоцијалистичките стопанства. Меѓународниот монетарен фонд исто така, треба и понатаму да се насочува кон финансискиот проток, конвертибилноста на валутите и на монетарната и фискалната стабилизација. Светската банка треба да се насочува кон поддржување на растот со почит на принципите на општествена праведност и еколошки урамнотежениот развој.

Сепак, овие две области на стопанската политика се често во конфликт една со друга. Видлива е тенденција за мешање на целите и средствата на политиката, фаворизирање на краткорочната стабилизација по цена на долгорочниот развој и раст.

Стопанствата на постсоцијалистичките земји неповратно се заплеткани во процесот на глобализација. Тие застанаа на такво тло во облик на историска шанса за одработување на развојните задоцнувања. Тука има една игра, каде што салдото на додатните трошоци кои треба да се платат и додатните полезности кои може да се црпат да биде позитивно. Колку позитивен ќе биде овој биланс зависи од политичката умешност на оние на кои на срце им лежат интересите на целото општество и сопствената држава, а не само сопствените интереси.

Оние држави кои ќе успеат да донесат мудрост и да ги искористат новите шанси, не треба да се насочуваат само на периферијата на глобалното село.

2.1.1. Организација на Обединетите нации

Првата меѓународна организација за воспоставување организирана меѓународна соработка и зачувување на светскиот мир е Друштвото на народите. Но, сепак беше неуспешна како организација затоа што не успеа да го одржи мирот во светот. Напротив, светот беше вовлечен во уште поголеми крвопролевања, како што е на пример Втората светска војна.

Додека Втората светска војна земаше голем замав, по иницијатива на претседателот на Америка, Франклин Рузвелт, на 1.1.1942 година, во Вашингтон, 26 држави ја потпишаа декларацијата на Обединетите нации. Тоа била декларација која се засновала на пријателство, еднаквост и соработка.

Подоцна, решено е Обединетите нации од воен сојуз да прераснат во меѓународна организација која ќе обезбеди мир по завршување на војната. Во ноември 1944 година, 44 претставници на Обединетите нации потпишале Спогодба за формирање на Управа за помош и обнова на ослободените територии (UNRRA).

Повелбата на Обединетите нации била заснована на предлози од водечките сојузнички сили – САД, СССР, Кина и Велика Британија на конференција во Дамбартон-Оакс во САД во 1944 година. Повелбата беше усвоена после двомесечна конференција во Сан Франциско, каде што учествуваа претставници на 46 земји, и се потпиша на 26.06.1945 година.

[20]Преамбулата на Повелбата на Обединетите нации, како воведен дел од овој меѓународен договор, имаше обврзувачки карактер за земјите-потписнички. Во најзначајната содржинска одредница во Повелбата е истакнато:

-„Ние, народите на Обединетите нации, сме решени да ги спасиме идните поколенија од ужасите на војната што двапати во текот на нашите животи му нанесоа на човештвото невидени страдања.

- Да изградиме верба во основните права на човекот, во достоинството и вредноста на неговата личност, во еднаквоста на луѓето, жените и нациите, големи и мали.

[20]UN Charter Preamble

- Да поставиме услови под кои ќе може да се испочитуваат правдата и обврските што произлегуваат од Договорот (меѓународниот договор за основање на Организацијата на обединетите нации) и од другите извори на меѓународното право.

- Да работиме на општествениот напредок и подобрувањето на условите на живеењето и, имајќи ги предвид овие цели, да бидеме толерантни и заедно да живееме во мир, едни со други, како добри соседи, да ги обединиме нашите сили за одржување на меѓународниот мир и безбедност.

- Да обезбедиме со прифаќањето на принципите и установувањето на методите дека вооружена сила ќе се употребува единствено кога е во прашање општиот интерес.

- Да го употребуваме меѓународниот механизам за унапредување на економскиот и социјалниот напредок на сите народи".

Основните принципи и цели на дејствувањето на Обединетите нации се надоврзани на мисијата која се содржи во Преамбулата на Повелбата како документ на меѓународниот договор за нејзино основање. Едни од декларираните цели на ОН се:

- Да се одржуваат меѓународниот мир и безбедност, да се преземаат колективни мерки за отстранување и спречување на проблеми кои може да го загрозат мирот, да се превенира можно нарушување на мирот и на мирен начин, со мирни средства да се работи на решавање на меѓународните спорови или ситуации кои доведуваат до негово нарушување.
- Да се развиваат пријателски односи помеѓу државите, да се почитуваат принципите на рамноправност и правото на самоопределување на сите народи, да се преземаат мерки и активности кои ќе придонесат за зачувување на мирот низ целиот свет.
- Да се унапредува меѓународната соработка и да се решаваат социјални, економски, хуманитарни и културни проблеми, да се почитуваат човековите права и слободи без разлика на пол и раса, јазик или вера.

Оттука, можеме да заклучиме дека основна задача на ОН е да се зачува мирот во светот, а тоа се постигнува со механизми на колективна принуда поради заштита на општиот интерес. Од Преамбулата и декларираните општи цели, може да се види дека сила може да се употреби само поради заштита на општиот интерес, и државите меѓусебно своите конфликти треба да ги решаваат на мирен начин, без насилство. Употреба на сила не е дозволена освен ако се работи за самоодбрана. Сила може да се употребува за оневозможување или превенирање на конфликтите.

Потребно е да се развиваат пријателски односи и меѓусебна соработка помеѓу државите-членки, а тие се градат врз база на почит на принципите и правилата на меѓународното право. Ова претставува независна цел на ОН како и обврска на државите-членки. За да се унапреди соработката, потребен е развој на правото.

Целта на ОН е да бидат единствено централно седиште за хармонизација на односите помеѓу народите и државите во светот. Основната идеја за мирот е поврзана со јакнење на соработката и смирување на конфликтите. Тука се додава и идејата за колективна безбедност.

Основни принципи кои се содржани во членот 2 на Повелбата на ОН се:

- рамноправност на државите-членки,

- почитување и исполнување на обврските со пристапувањето кон ОН,
- решавање на меѓусебните спорови на мирен начин каде што меѓународниот мир, безбедност и правда нема да бидат загрозени,
- воздржаност од закани или употреба на сила која би ја загрозила територијалната целовитост на која и да е држава на кој било начин,
- давање помош на ОН во сите акции што ќе ги преземе во согласност со Повелбата, како и воздржување од давање помош на држави против кои ОН презема превентивни или принудени акции,
- државите кои не се членки на ОН да дејствуваат според принципите и да се залагаат за мир и безбедност низ светот,
- воздржаност од мешање во работи кои се во надлежност на државите.

Како главни тела и органи на ОН се: Генералното собрание, Меѓународниот суд на правдата, Советот за безбедност, Старателскиот совет, Економскиот и социјалниот совет и Секретаријатот.

Генералното собрание на ОН е едно од главните органи на ОН и претставува единствен орган во кој се претставени сите држави-членки. Државите имаат еднаков статус без оглед на својата развиеност, потенцијал или големина. Тука владее принципот на правна еднаквост на државите. Генералното собрание како орган има значајни ингеренции за разлика од другите органи на ОН. На пример, ги избира привремените членови на Советот за безбедност, го избира Генералниот секретар на ОН, членовите на Економско-социјалниот совет и заедно со Советот за безбедност ги избираат судиите на Меѓународниот суд на правдата. Во финансиското работење на ОН, Генералното собрание има првостепена надлежност.

Генералното собрание како орган се состанува на редовни годишни заседанија кои претежно започнуваат во третиот вторник во септември. По барање на Советот за безбедност или мнозинството на држави-членки, може да се свикаат и вонредни заседанија. Официјални работни јазици на Генералното собрание се: англиски, шпански, француски, руски, арапски и кинески. Република Македонија имаше и свој претседател на Генералното собрание во периодот од септември 2007 до септември 2008 година а тоа беше Срѓан Керим.

Секретаријатот го извршува администрирањето на ОН, предводено од генералниот секретар со петгодишен мандат, со можност за повторно избирање. Генералниот секретар е овластен да обрнува внимание на Советот за безбедност на секој проблем кој може да претставува закана за меѓународниот мир и безбедност. Исто така, генералниот секретар учествува во работата на другите главни органи на ОН, освен на Меѓународниот суд на правдата, и на Генералното собрание еднаш годишно му доставува извештај за работата на организацијата.

Како главен судски орган на ОН е **Меѓународниот суд на правдата** и во однос на другите органи има специфичен статус затоа што не учествува во политичкиот процес и не е подреден на друг орган. Секоја држава-членка се обврзува дека ќе ги почитува одлуките на овој орган доколку стане странка во некој спор. Ако државата не ги испочитува дадените обврски од Меѓународниот суд, другата страна може да се обрати

до Советот за безбедност кој одлучува какви мерки да се преземат понатаму за извршување на судската одлука.

Седиштето на Меѓународниот суд на правдата е во Хаг, Холандија и го сочинуваат 15 судии од различни држави кои се избрани според стручност, непристрасност и морален кредибилитет. Цивилизациските вредности и главните правни светски системи се едни од главните цели кои се застапени како цел за овој орган. Судиите имаат деветгодишен мандат, а за време на тој мандат не смеат да извршуваат други политички, професионални и административни функции. Мнозинството гласови е одлучувачко за Судот, а доколку има поделеност, се одлучува според гласот на претседателот на Судот.

Советот за безбедност е орган кој има посебно значење за заштита на меѓународниот поредок, безбедноста и мирот, има посебен однос кон други тела и органи, овластувања и посебни права на неколку држави. Кога ќе има потреба од ефикасно и брзо дејствување на ОН, државите-членки му ја остваат одговорноста во одржување на мирот и безбедноста низ целиот свет и врз основа на таа одговорност тој може да постапува во нивно име.

Советот за безбедност е составен од 15 држави-членки, а посебен статус имаат само 5 како постојани. Тоа се: Русија, САД, Кина, Велика Британија и Франција. Другите 10 членки се ротирачки според изборот на Генералното собрание кои имаат овластување да носат одлуки во случај на нарушување на мирот и стабилноста од страна на некоја држава. Одлуките се носат со мнозинство, а тоа се најмалку девет држави-членки, каде што поради правото на вето мора да се и гласовите на сите 5 постојани држави-членки.

Ако се појават посериозни закани за безбедноста и мирот, Советот носи одлуки за примена на принудни мерки како што се воените. Тука се гледа ефикасноста и моќта на овој извршен орган. Ако постојат прекршувања на меѓународното право од страна на држави-членки, тогаш според одлуките на ОН, тие држави ќе добијат ембарго на сите облици на економска соработка, прекин на целиот сообраќај и на дипломатските односи. Пример за вакво ембарго во деведесеттите години беа Србија и Косово.

Постојат уште многу меѓународни организации кои ги спомнавме претходно покрај ОН, но тука ќе ги наброиме поопширно: Светската здравствена организација – World Health Organization (WHO), Организацијата за храна и за земјоделство – Food and Agriculture Organization (FAO), Меѓународната организација на трудот – International Labor Organization (ILO), Организацијата на ОН за образование, наука и за култура - UN Educational, Scientific and Cultural Organization (UNESCO), Светската организација за интелектуална сопственост - World Intellectual Property Organization (WIPO), Меѓународната телекомуникациска унија - International Telecommunications Union (ITU), Поштенската унија - Universal Postal Union (UPU), Меѓународната организација за цивилно воздухопловство - International Civil Aviation Organization (ICAO), Меѓународната поморска организација - International Maritime Organization (IMO), Светската метеоролошка асоцијација - World Meteorological Association (WMO), Детскиот фонд на ОН (The UN Children Fund- UNICEF), Канцеларијата на високиот комесар на ОН за бегалци (UN High Commissioner for Refugees - UNHCR), Програмата на ОН за развој (UN Development Program - UNDP), Меѓународниот монетарен фонд - International Monetary Fund (IMF), Светска банка - World Bank (WB), Светската трговска

организација - World Trade Organization (WTO), Организацијата на ОН за индустриски развој - UN Industrial Development Organization (UNIDO), Конференцијата на ОН за трговија и за развој (UN Conference on Trade and Development- UNCTAD) и уште многу други кои играат круцијална улога во напредокот и развојот на државите-членки на ОН.

2.1.2. Обединетите нации и Република Македонија

Како членка на Обединетите нации, Република Македонија е примена на 8 април 1993 година. Денес, во нашата држава има 12 организации кои го сочинуваат семејството на ОН: УНДП, УНИЦЕФ, УНХЦР, СЗО, ФАО, МОТ, ИОМ, Светска Банка, ММФ, УНАИДС и УНМИК. Сите овие организации се ангажирани со многу активности и имаат една цел, а тоа е бенефитот на сите кои живеат во оваа држава.

На Светскиот самит кој беше одржан во Њујорк, во септември 2012 година, Македонија беше една од вкупно 189 земји кои ја поддржаа својата посветеност на Милениумската декларација и ветија дека ќе ги остварат 8-те милениумски развојни цели. Тие цели беа во областа на образованието, сиромаштијата, животната средина, родовите и здравството и требаше да се исполнат до 2015 година. Но останува прашањето дали Македонија досега ги исполни ветувањата и целите? Сè до 2022 година ние сè уште тонеме во уште поголеми проблеми и наместо напред одиме назад. Стапката на сиромаштијата се движи во нагорна линија, сè повеќе има сиромашни во земјава, здравството и образованието како најважни гранки се во незавидна позиција, заштитата на животната средина се гледа со проблемот со Преспанското Езеро кое се суши пред наши очи, значи наместо да живееме подобар живот се гушиме во сè поголеми проблеми. Не успеавме да има помалку сиромашни луѓе, а повеќе деца во училиштата, не успеавме да имаме здрав живот и сите заедно да уживаме во една заштитена животна средина. Каде е проблемот? Во ОН или во самите нас?

2.2. Европската Унија и нејзината политика за земјите од Западен Балкан

Поддршката којашто Европската Унија им ја дава на државите од Западен Балкан е несомнена. Перспективата на Западен Балкан во врска со пристапувањето во ЕУ е од суштинско значење за стабилноста во овој регион меѓу сите држави. И покрај тоа што ЕУ има многу предизвици, сепак нејзиното проширување треба да остане нејзин приоритет. Пристапувањето како процес треба да продолжи и понатаму со својата енергичност и ригорозност како еден од главните приоритети ан ЕУ, секако под јасни и строги услови како основа на сите процеси на проширување.

Многу големо внимание се посветува на принципите во пристапувањето и потребата за проширување на државите кои даваат приоритет на реформите во областа на економскиот развој, правото, функционирањето на демократските институции, основните права, зајакнувањето на конкурентноста како и реформи во однос на изборниот систем и јавната администрација.

Треба поголема доследност за да се усвои инклузивен и транспарентен пристап во процесот на пристапувањето од страна на институциите на ЕУ, засегнатите влади,

сите области на политиката во сите држави кои се кандидати и потенцијални кандидати. Државите кои се партнери од Западен Балкан, треба структурирано да организираат разговори за преговарање за пристапување кон ЕУ на транспарентен и инклузивен начин, со ефективно вклучување на владата, опозицијата и организациите на граѓанското општество.

Во процесот на пристапување, ангажирањето на граѓанското општество се состои од:

- директно вклучување во преговорите односно скрининг, надгледување на напредокот на преговорите, подготовка на национални ставови,
- граѓански и социјален дијалог кој е поврзан со формулирање на политиката како и усогласување на законодавството со acquis,
- следење на напредокот и социјалните ефекти од реформските процеси,
- учествување во програмирањето на претпристапно финансирање.

Кај земјите од Западен Балкан постои подготвеност и желба за спроведување на реформи кои би вклучиле интеграција во ЕУ, но исто така, се забележува дека успехот останува зависен од степен до кој државните институции може да ги спроведат и зајакнат реформите на ефективен начин, како и степенот на сопственост во управување и процесите кои се постигнати од населението и граѓанските организации.

Владите од регионот треба да спроведат проценка на влијанието на регулативите при подготовката на националните ставови за правно усогласување и преговарање за да се идентификуваат ризиците за приспособување. Многу е важно да се ангажираат и недржавни играчи како и бизнис-заедницата, претставници на засегнатите социјални групи и синдикатите, при спроведување на проценката на влијанието на регулативите.

Патоказот за преговорите за пристап во Европската Унија со точен временски рок и реални задолженија за секоја држава од Западен Балкан може да ги мотивира овие држави побрзо и поефикасно да ги спроведат реформите кои се потребни.

Препорачливо е сите држави во овој регион да формираат национални совети за европска интеграција или некои други тела што на високо ниво би ги поврзале политичките власти и клучни организации на граѓанското општество, за процесот на интеграција во Европската Унија да се направи потранспарентен за широката јавност. Националните парламенти потребно е да имаат советодавна, проактивна и надзорна улога во процесот на пристапување и тоа стратегиски и навремено.

Имајќи ја предвид сложеноста на процесот на преговарање, а исто и недостигот на капацитетот на јавната администрација, напорите на канцеларииите на главниот преговарач во врска со отворените консултации со претставниците на граѓанското општество се сепак за пофалба. На тој начин, овие консултации треба да бидат вистински, а учеството на граѓанските организации во работните групи не смее да е ограничено на проформа учество.

Од големо значење е улогата на заедничките консултативни комисии (ЗКК) на граѓанското општество да се зајакне. Овие комисии треба да ги пополнат празните места кои не се покриени од другите тела во тековниот процес на преговарање и да се фокусираат на одреден број на области.

ЕЕСК постави барање од владите на Западен Балкан да ги поддржат организациите на граѓанското општество и социјалните партнери така што ќе им дозволат да бидат на исто ниво и значително ќе ги вклучат во своите национални политики и стратегии за пристапување во Европската Унија, а исто така и во програмирањето и спроведувањето на проекти кои се финансирани од ЕУ. Од суштинско значење е да се ангажираат не државните органи, синдикатите, претставниците на засегнатите социјални групи како и бизнис заедницата.

Земјите-членки на ЕУ и институциите на ЕУ се редовно поканети да вклучуваат претставници од земјите од Западен Балкан на самитите на ЕУ, а тоа е доказ дека ЕУ смета дека овој регион е иднината на ЕУ. Треба да се води информирана дебата за економското, социјалното и политичкото влијание на политиката за проширување.

Во 2014 година, во Република Македонија се јавија политички тензии за да во 2015 година, ЕЕСК изврши истражувачка мисија во Куманово и Скопје, и со тоа ја покажа својата посветеност, заедно со другите институции на ЕУ, да помогнат во решавање на кризата во нашата држава која е кандидат за влез во ЕУ. Насилството во Куманово е осудено од сите држави, и покажа колку е кревка стабилноста на земјите од Западен Балкан и колку е неопходно да се обезбеди јасна пристапна перспектива на овој регион.

На ЕУ и требаат нови опции за државите од Западен Балкан, а политичката интеграција треба да се смени со економска. Со еден збор, потребно е да се најдат нови патишта за приближување на земјите од овој регион. Но за жал, односите меѓу ЕУ и Западен Балкан станаа длабоко неискрени, а главната вина за тоа ја сноси ЕУ. Јасно е за двете страни дека нема да има проширување на ЕУ на Балканот. Сепак, државите-членки и Европската комисија цврсто се држат до ставот за европска перспектива и заеднички вредности. На последната блиц посета, претседателката на Комисијата, Урсула фон дер Лајен ги повтори сите флоскули од кои на граѓаните веќе им е дојдено преку глава.

Денес, ЕУ најавува дека сака со инвестиција од 9 милијарди евра да ја направи економијата во овој регион дигитална и поодржлива, да ја подобри инфраструктурата, а со тоа да поттикне директни инвестиции. Тоа можеби ќе донесе подобрување но нема да го смени трендот. Ни стратегијата на Берлин и Брисел преку економска соработка не може да ги надмине билатералните проблеми на државите наследнички на Југославија. Потребно е соседните држави да ги надминат недоразбирањата кои се причина за спречување на регионалниот пазар. Но, сепак 6 држави на овој начин не може да станат богат регион.

Некои истражувања покажуваат дека БДП на 6-те држави со нивните 17 милиони жители е помал од оној на Словачка со 5.5 милиони жители, а по глава на жител е помеѓу 20 и 40 отсто од германскиот просек. Процесот на доближување не е ни почнат. Како излез од оваа ситуација, економските експерти препорачуваат врзување на ЕУ и пристап до нејзиниот буџет. Но, за тоа треба прво да се напушти фикцијата за полноправно членство. Од овој момент на вистината некој се плаши, а тоа е поради што Брисел и државите-членки веруваат дека ќе го загубат влијанието во регионот. ЕУ има модел кој може да им се понуди на балканските земји, а тоа се услови за спроведување на реформи. Но овие пречки може да се надминат за разлика од оние за членството во ЕУ, така што говорите за европската перспектива на овој начин може да добијат суштина.

Европската Унија донесе големи предности на сите жители на Европа, а тоа се: демократија, стабилност, просперитет, слободи, човекови права и владеење на правото. Тоа не се само таканаречени принципи туку тоа се предности кои го зголемија квалитетот на живеење на милиони луѓе. Постојат голем број на придобивки од заедничкиот пазар за потрошувачите во ЕУ меѓу кои: побезбедни стоки за широка потрошувачка, економски растеж и создавање работни места, пониски цени и поголем избор во секторите како банкарство, телекомуникации, воздушен сообраќај и др. Европските стопанства имаат тенденција на зајакнување со самото проширување на ЕУ. Финансиската и економска криза ја изложи Унијата и нејзината валута на тест кој покажа дека членките на ЕУ се меѓусебно зависни и дека е потребна економска соработка и нови форми на солидарност за да се соочат со новите предизвици на глобализираната економија.

Кога се зборува за одговор на кризата, проширената ЕУ има голема влијателност и дејствува како силен меѓународен играч. Таа промовира економска и финансиска солидарност и многу можности за потрошувачите, но исто така ЕУ е и заедница на вредности. ЕУ претставува растечко семејство на демократски европски земји кои се посветени на заедничка работа за слобода и мир, социјална правда и просперитет. Исто така, ЕУ се стреми кон унапредување на соработката меѓу народите во Европа, со зачувување и почитување на разновидноста.

Секоја земја во Европа може да аплицира за членство во ЕУ доколку ги почитува демократските вредности на ЕУ и е посветена на нивно унапредување. Една земја може да стане членка доколку ги почитува демократските вредности на ЕУ и ако е посветена на нивно унапредување. На овој начин, земјите од Западен Балкан може да станат членки ако ги исполнуваат сите критериуми за пристапување во членство како што е дефинирано од Европскиот совет во Копенхаген во 1993 година. Тие критериуми се:

- Политички: Институции кои се стабилни и кои гарантираат владеење на правото, демократија, човекови права и заштита и почитување на малцинствата.
- Економски: пазарна економија која е функционална и капацитет за справување со конкуренцијата и пазарните сили во ЕУ.
- Способност да се преземат обврските за членство како и приспособување кон стремежите на економската, политичката и монетарната унија.

Покрај ова, Европската Унија треба да биде способна да интегрира нови членки, па на тој начин има право да реши кога е подготвена да ги прифати истите.

2.2.1. Процесот на проширување на ЕУ и главни предизвици

Процесот на пристапувањето во ЕУ треба да се води правилно за да биде сигурно дека проширувањето носи полза и на ЕУ и на земјите кои треба да се приклучат. Земјите кандидати, а тоа се земјите од Западен Балкан претежно, треба да докажат дека ќе се способни да ја играат својата улога на членки целосно и неприкосновено, а за тоа треба да имаат поддршка од своите граѓани, а исто и технички и политички да се придржуваат кон нормите и стандардите на ЕУ. Низ овој процес, кога една држава аплицира па после

пристапува во членство на ЕУ, се применуваат сеопфатни процедури на одобрување, фаза по фаза.

Со цел да им помогне на земјите да се подготват за нивното членство, ЕУ смисли стратегија за претпристапување. Клучните елементи се договорите што ги опишуваат правата и обврските, на пример како што се спогодбите за асоцијација и стабилизација на Западен Балкан, или некои посебни механизми за соработка како пристапувањето или европските партнерства кои посочуваат конкретни реформи кои треба да се постигнат од страна на земјите кандидати. Исто така, финансиската помош од страна на ЕУ е важен елемент во претпристапните стратегии.

Преговорите за членство во ЕУ се гледаат во способноста на земјите кандидати да ги преземат обврските од членството. Во суштина за кандидатите земји се работи за тоа да се договорат кога и како ќе ги усвојат и спроведат правилата и процедурите на ЕУ. А на ЕУ ѝ е важно да добие гаранции за датумот и делотворноста на спроведување на правилата од страна на секоја земја од кандидатите. Преговорите се водат меѓу секоја земја кандидатка и секоја земја членка на ЕУ, а темпото на водење на преговори зависи од напредокот на спроведување на реформи на секоја земја кандидат. Како резултат, земјите имаат поттик брзо да ги спроведат реформите кои се потребни. Некои од овие реформи бараат многу големи жртви и трансформации на економските и политичките структури на земјата така што секоја влада треба јасно да ги соопшти на граѓаните причините за тие реформи во земјата.

Поддршката од граѓаните е од суштинско значење. Преговарањето се одржува на ниво на министри или заменици, претставници на земјите-членки, амбасадори или главни преговарачи на земјите кои се кандидати. Во поглед на преговарањето, целиот правен корпус на ЕУ е поделен во поглавја, а првиот чекор е наречен – скрининг чијашто цел е да се идентификуваат областите каде е потребно усогласување на институциите, законодавството или практиката во земјата кандидат.

Проширувањето на ЕУ е еден од нејзините најмоќни инструменти. Сегашната агенда за проширување ги покрива Западниот Балкан и Турција кои треба да исполнуваат повеќе услови за да станат членки на ЕУ. Овие земји сами ќе ја преземат одговорноста од Пактот за стабилност за промоција на регионална соработка која игра важна улога во помирувањето и воспоставувањето на добрососедски односи. Хрватска ги исполни условите и ги заврши преговорите и сега е членка на ЕУ. Исто така и Бугарија.

Самиот регион се соочува со крупни проблеми како што е потребата да се постигне договор за статусот на Косово. Едни од важните реформи кои носат бенефит за овој регион се: европскиот курс на Србија, подобро владеење во Македонија, Црна Гора и Албанија, градењето држава со локална сопственост во Босна и Херцеговина. Некои од овие држави се соочуваат со многу важни предизвици во владеењето и исполнувањето на воспоставените услови кои се поврзани со процесот на стабилизација и асоцијација. ЕУ треба да даде поддршка и да одговори на настаните и целосно да ги искористи своите инструменти на политика.

ЕУ ќе продолжи понатаму да го подобрува квалитетот на процесот на проширување и ќе стави акцент на фундаменталните прашања на градењето држава, административните и судски реформи, добро владеење, помирување, владеење на

правото, развојот на граѓанското општество и почитувањето на Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија. Потребна е промоција на контакти луѓе со луѓе и либерализација на визниот режим за граѓани од земјите од Западен Балкан. Треба да продолжи развојот на регионалната соработка на Западен Балкан, посебно локалната сопственост врз иницијативите на овој регион.

Ангажирањето на ЕУ со државите од Западен Балкан преку процесот на асоцијација и стабилизација што води кон членство, даде придонес кон напредокот кој е постигнат во последниве години од земјите во овој регион.

Стабилноста е одржана, а обновата после војните во 90-тите години е завршена. Низ целиот регион има влади кои се избрани на демократски начин, економскиот раст зеде замав, животниот стандард порасна и ќе беше уште подобро ако не се случеше корона кризата. Сега во тек се реформи за јакнење на владеење на правото и модернизирање на социјалните и економски структури. Регионалната соработка порасна, како и трговијата, транспортот, енергетиката и животната средина. Западен Балкан има сè поголема сопственост врз регионалните иницијативи.

Сите држави од Западен Балкан се движат кон членство во ЕУ но со различна брзина. На пример, потпишани се договори за реадмисија и олеснување на визниот режим, економската интеграција е доста напредната, спогодбите за асоцијација и стабилизација се завршени и др. Но сепак, треба да се обрне поголемо внимание на други крупни предизвици затоа што во многу земји процесот на реформи забави. Главна цел и грижа за земјите од Западен Балкан се градењето на држава и подоброто владеење. Ситуацијата со Косово е од значително меѓународно значење. Неговиот статус треба да се реши без одлагање за да се овозможи економски и политички развој на Косово и да се обезбеди стабилност во регионот. Во Босна и Херцеговина, договорот утврден со Дејтонско-Парискиот мировен договор е доведен под знак прашање поради националистичката реторика на политичките лидери а тоа ги забавува реформите. БИХ допрва треба да заземе целосна сопственост врз сопственото управување поткрепено со меѓународно присуство.

ЕУ бара да се решат етничките прашања на Западен Балкан. На пример, на Косово, односите меѓу Србите и Албанците се засегнати и косовските Срби во голем број не учествуваат во институциите и администрацијата на Косово. Исто се случува и во БИХ каде државната администрација се води според етнички поделби. Во Србија, екстремистичките партии и националистичката реторика остануваат на високо ниво и негативно влијаат врз политичката клима. Во Македонија, тензиите и недоволната соработка меѓу политичарите влијае врз нормално функционирање на институциите и на тој начин реформите забавуваат. Албанија има високо конфронтативна политичка клима, а долгиот процес на донесување устав во Црна Гора води до други предизвици во градење модерна демократија.

Некаков напредок е постигнат во прашањето со бегалците. Многу бегалци и внатрешно раселени лица живеат во тешки услови. Исто така, одреден напредок има и во подобрување на застапеноста на малцинствата во јавните служби. Но, Ромите и понатаму остануваат најранлива малцинска група. Сите држави треба да ги толерираат малцинствата и да преземаат чекори за заштита на лица кои се дискриминирани, да нема насилство и непријателство.

Врвен приоритет за земјите од Западен Балкан како реформи се: судството, борбата против корупцијата и организираниот криминал. Повеќето од земјите презедоа чекори да се подобри организацијата и работата на судствата, а се прават и напори да се засили борбата против организираниот криминал. Но, сепак потребно е многу поголемо подобрување на судството низ цел регион. ЕУ бара да се спроведат реформи на одржлив начин за да се обезбеди ефикасност, независност и отчетност на судството. Тука е и корупцијата која е широко распространета и вкоренета во општествата. Преземените мерки против тоа не се на високо ниво во сите држави од регионот. Треба силна политичка волја за искоренување на корупцијата, прекршителите на законот треба кривично да се гонат, а тоа се и случаите со високи функционери. Западен Балкан е регион и транзитна зона на трговија со луѓе и криумчарење со дрога и потребно е да се направат големи и значителни напори во оваа област.

Во секоја држава од Западен Балкан потребна е голема посветеност за да се воспостави ефикасна, одговорна и стабилна државна служба на централно ниво. Во неколку држави, вработувањето, отпуштањето и унапредувањето на државни службеници не е засновано врз транспарентни и објективни критериуми. Потребно е зајакнување на етничките стандарди во државните служби. На пример, во БИХ и некои други земји треба да се спроведат реформи во безбедносните служби и полицијата.

Граѓанското општество е еден од основните елементи на европскиот јавен живот. Западен Балкан вложи напори да донесе закони и стратегии кои се поволни за развој на граѓанското општество. Сепак, граѓанското општество е слаба целина во овој регион. Етничките несогласувања и војните направија голема штета на социјалното ткиво во овој регион така што се потребни дополнителни напори за продлабочување на слободата на здружување, поставување јавни стимули и регулаторни рамки за развој на организации од граѓанското општество.

Економскиот развој и понатаму е висок во регионот и сепак постои некое зголемување на просечните плати а бројките на инфлација се стабилни. Финансиските системи се развиени дополнително, а системите за управување на јавните финансии се подобрени. Западен Балкан се преструктуира и ги отвора своите економии. Степенот на економска интеграција со ЕУ е на високо ниво и се зголемува постојано, а некои земји имаат планови да ги осовременат системите за социјална заштита и да ја надградат физичката инфраструктура.

Подигнувањето на конкурентноста, намалувањето на невработеноста грижата за човековиот развој и инфраструктурата се главни предизвици за цел овој регион. Во некои земји сè уште постојат големи фискални ризици и висока надворешна неурамнотеженост. Невработеноста е голема во овие земји и некаде се движи дури над 35% и јазот меѓу потребните и достапните работни вештини се зголемува. Пазарот на труд има недостиг од заштита и флексибилност за работниците и работодавците, а давачките за плата за компаниите се релативно високи. Потребни се планови за приватизација во земјите, владите да ја подобрат деловната средина и да поттикнуваат вработувања. Треба да се намали бирократијата, да се зајакне владеењето на правото, да се обезбеди веродостојно регистрирање на земјиштето и транспарентност во приватизацијата. Режимот за даноци треба да се поедностави, требаат мерки за олеснување на пристапот до финансиите и користење на е-технологијата.

ЕУ продолжува да применува строга условност за напредокот на државите од Западен Балкан. Потребни се задоволителни резултати во спроведувањето на обврските во врска со спогодбите за стабилизација и асоцијација, како и одредбите во врска со трговијата. Тоа е клуч на патот за можно членство. Секако потребни се стабилни институции за спроведување на одредбите и реформите како и непречено функционирање на институциите.

Комисијата на ЕУ исто така продолжува да ги поддржува сите земји од Западен Балкан кон европскиот пат. Сепак, приоритет на Комисијата е стабилноста на Косово и перспективата за ЕУ.

Потребни се видливи подобрувања за граѓаните од Западен Балкан кои ќе произлезат од евроинтеграцијата на земјите во кои живеат. Ова е од големо значење за тие да преземат одговорност за помирување и да се спроведат потребните реформи во нивните држави. Меѓучовечките контакти во земјите од регионот и земјите членки треба да бидат на највисоко ниво.

Особено важно е олеснувањето на патувањата во ЕУ за народите и владите од Западен Балкан. Договорите за олеснување се доста важен чекор кон целосна либерализација на визниот режим. Хрватска го постигна тоа, нивните граѓани патуваат без визи како членка на ЕУ, исто така и Бугарија. Комисијата предлага да се започне дијалог со секоја засегната земја во поглед на условите кои што треба да се исполнат. На тој начин, секоја земја треба успешно да се справи со организираниот криминал, безбедноста на документите на границите и нивното управување за да се добие безвизен режим.

Камен темелник на стратегијата за проширување на ЕУ е комуникацијата каде што предизвиците и придобивките треба подобро да се пренесат во јавноста. Од суштествена важност е да се слушнат и мислењата на граѓаните, да се земат предвид нивните грижи и да се дадат понатамошни информации. ЕУ треба да дава фактички информации за нејзиното проширување во јавноста, за да може јасно да се видат придобивките и предизвиците од истото.

Во земјите кои се кандидати, главните предизвици се да се согледа заложбата на ЕУ кон нивната европска перспектива, да се објаснат условите за напредокот на секоја земја кон ЕУ, така што за секоја земја се носи оценка според заслугите. Луѓето треба да согледаат дека напредокот кон ЕУ зависи од темпото на спроведување на реформите во секоја земја поединечно. Колку се реформите побрзи и поефикасни, толку ќе биде позабрзан нивниот напредок за членство и сите придобивки кои тоа членство ги носи. ЕУ треба да ги поддржува владите на Западен Балкан во нивното објаснување на природата на ЕУ и да покажат каква полза би имале граѓаните ако нивната земја стане членка на ЕУ. Граѓаните треба да ги знаат придобивките, како на пример претпристапната техничка помош и технички совети, школарини, визни олеснувања итн.

Ако земјите од Западен Балкан станат членки на ЕУ тогаш тоа проширување ќе придонесе за мир, стабилност и демократија, ќе донесе конкретни придобивки во поглед на трговијата, економскиот раст и инвестициите. Денес, ЕУ е поконкурентна и подобро се справува со глобализацијата, а нејзиното проширување ја зголеми и тежината на унијата во светот.

ЕУ е подготвена да даде дополнителна поддршка за стабилноста на Косово и регионот, а исто така да одговори во согласност со најновите настани, искористувајќи ги нејзините инструменти на политика. Исто така, ЕУ донесе стратегија која се заснова на Копенхагенските критериуми, а во иднина само за земјите од регионот може да се и Стразбуршки критериуми. Во оваа стратегија, ЕУ порачува дека земјите од Западен Балкан може да станат членки на ЕУ во 2025 година само ако имаат силна политичка волја, испорачуваат реални и одржливи реформи и ги решат споровите со соседите.

Сепак, оваа стратегија покрај тоа што е навремена и е временски ограничена, таа е двострана затоа што утврдува активности и временски рокови за ЕУ, а приоритети за реформи за земјите од Западен Балкан. Некои од задачите не се впишани во оваа стратегија, но тие подеднакво ја обврзуваат ЕУ. За оваа стратегија се расправаше на неформалниот Совет на ЕУ, што се одржа во февруари 2018 година, а исто и на Европскиот совет во март 2018 година. Се очекуваше дека целокупната дискусија ќе заврши на Европскиот совет во јуни 2018 година, кога требаше да биде одреден датумот за почеток на преговорите за Македонија и Албанија, но тоа не се случи.

2.2.2. Предизвиците на Република Македонија кон патот до Европската Унија

Република Македонија повеќе од 25 години е дел од пристапниот процес кон ЕУ. Тоа е период испреплетен со многу предизвици кои носеле тешки одлуки во насока на напредок на земјата. Но, има и многу одлуки кои ја одредувале подалечната или поскората иднина на земјата во ЕУ, и кои зависеле исклучиво од нејзините членки.

Според договорот на ЕУ, секоја земја во Европа која ги почитува вредностите на ЕУ и е посветена на нивно промовирање, може да аплицира за да стане нејзина членка. Но, познато е дека почувствителните одлуки на ЕУ се предмет на едногласност и се донесуваат со консензус помеѓу сите земји членки така што секоја земја која е членка може да стави вето за друга земја, во која било фаза од пристапните преговори. До вчера тоа беше Грција, поради недоразбирањето со нашето уставно име, пред донесувањето на одлуката за почеток на преговорите и Франција беше против, поради промената на методологијата за пристапни преговори, а денес тоа е Бугарија. Ќе има ли крај?

Тоа е реалноста за жал, и тоа се правилата за игра ако нашата држава некогаш стане членка на ЕУ. Правилата како и кај нас, така се и за сите други земји кои се во процес на преговори. ЕУ е изградена и функционира преку компромиси и дијалози.

Преговорите на Македонија за членство во ЕУ ќе се одвиваат преку промени и прилагодувања на новите ситуации. Денес, тоа е корона вирусот, а утре којзнае што ќе биде. Во оваа глобализација, никој не е поштеден од промените. Сè околу нас забрзано се прилагодува и менува, исто и ЕУ.

Македонија ја поднесе својата апликација за членство во ЕУ во март 2004 година, денот кога беше јасно изразена волјата и определбата да стане членка на ЕУ. Исто така, нашата држава беше прва во регионот што ја потпиша Спогодбата за стабилизација и асоцијација во 2001 година, како политичка, трговска, економска и институционална рамка за продлабочена асоцијација со јасна клаузула за членство во ЕУ. Со самата апликација за членство во ЕУ, Македонија стави до знаење дека сака да стане членка и

е свесна за сите обврски што тоа членство ги носи. Во 2005 година, земјата доби статус на кандидат, но потоа имаше застој во односите, продлабочени реформи, приклучување кон финансискиот инструмент ИПА, за во 2009 година, Европската комисија да се одлучи дека земјата е подготвена за пристапни преговори. Но, Советот на ЕУ молчеше и одбиваше да ја стави одлуката за почеток на преговорите поради нерешениот спор со Грција за името на нашата земја.

После потпишувањето на Договорот за добрососедство со Бугарија во 2017 година и Преспанскиот договор со Грција во 2018 година, за првпат Советот на ЕУ ја става одлуката за почеток на пристапните преговори во 2018 година. Во 2020 година во март се донесе Одлука за почеток на пристапните преговори која е потврдена од Европскиот совет. На овој начин, сите 27 земји членки потврдија дека сакаат да ја видат Македонија како идна членка на ЕУ. Оваа одлука е историска и го отвора патот за нова договорна рамка меѓу Македонија и ЕУ во форма на пристапен договор кој ќе биде конечен акт за приклучување на земјата кон ЕУ.

За тоа време, Македонија склучи голем број на договори со ЕУ во делот на транспортот, земјоделието, енергетиката, полициската соработка, соработка во правосудството, безбедноста на границите итн. Кога ќе се завршат преговорите, пристапниот договор ќе се потпише и ратификува од страна на сите кои се вмешани во тие преговори. Во Македонија ќе се спроведе и референдум за пристапување кон ЕУ поради пренесување на дел од својот суверенитет на ЕУ. Другите договори со други земји кои беа потпишани за слободна трговија ќе престанат да важат, како што се договорите со Турција, Украина и др. Со други зборови, институциите на ЕУ ќе раководат со нашата држава покрај нашите национални тела.

Република Македонија сепак оствари мал напредок во политичките критериуми. Но, честите тензии и проблемите во остварување на дијалог меѓу главните политички учесници го нарушува ефикасното функционирање на политичките институции и доведува до забавување на спроведувањето на реформите.

На пример, спроведувањето на реформата со јавната администрација се одвива постепено. Децентрализацијата се спроведува стабилно, законот за полицијата е доста битен за Европското партнерство, но корупцијата е, пак, на високо ниво, а земјава е сè уште зона на размена на опојни дроги и шверц. Јавната администрација е сè уште неефикасна и слаба, а законодавството за државна служба многу малку се користи. Функционирањето на администрацијата се прекинува поради произволни разрешувања на службеници кои се одвиваа на нетранспарентен начин. Потребни се големи напори за да се создаде стабилна и професионална државна служба.

Остварени се подобрувања и мал напредок во спроведување на стратегијата за реформи во судството, а тоа е клуч за Европското партнерство. Се воведуваат нови ИТ системи, се спроведуваат законите за парнична постапка, а тоа ја зголемува судската ефикасност. Но, секако потребни се големи напори за да се обезбеди ефикасност, одговорност и независност на судството. Од друга страна, во земјава, корупцијата е многу распространета и е сериозен проблем. Спроведувањето на институционалната и правната рамка за борба против корупцијата сепак даде некакви резултати, каде што имаше голем број пресуди и обвинениј на високо ниво. Сепак, за да се спречи

корупцијата неопходен е сеопфатен приод во секој сектор и целосно да се спроведе законодавството.

Во Македонија, човековите права, заштитата на малцинствата како и меѓуетничките односи се подобруваат. Охридскиот рамковен договор се спроведува, а исто така и стратегијата за еднаква застапеност на етничките заедници во администрацијата. Меѓутоа, треба и понатаму да се развива довербата меѓу етничките заедници, посебно преку решавање на социјалните и економските тешкотии со кои малцинствата се соочуваат. Исто така, постигнат е напредок со Ромите како малцинство, кои и понатаму се соочуваат со дискриминација и тешки услови за живеење.

Кога се работи за правата на жените, направени се чекори за еднакви можности но сепак, заштитата на правата на жените против секоја форма на насилство треба да се зајакне. Потребно е забрзување на спроведувањето на мерките за заштита на правата на децата, а социјалниот дијалог треба да се развива и во иднина.

Економијата на Македонија забележува забрзан раст и макроекономската стабилност се одржува и постигнат е напредок во структурните реформи, но високата невработеност претставува главна причина за загриженост. Кога се зборува за економските критериуми, Македонија напредува и прави чекор во воспоставување на функционална пазарна економија. Таа треба да покаже способност да се соочи со притисокот на пазарните сили и конкуренцијата во ЕУ, и засилено да ја спроведува програмата за реформи поради намалување на слабостите во структурата.

Спогодбата за стабилизација и асоцијација, на политички план, ја постави Македонија во земјите кои имаат перспектива за членство во ЕУ, а на економски план, ја отвори вратата на еден од најмоќните и најголемите финансиски пазари во цел свет. Со оваа спогодба се даде поттик за забрзување на преструктуирањето на стопанството на Македонија, прилагодување на новите услови на пазарот, а исто така, се отвори можност за забрзување на економскиот и социјалниот развој на земјата. На тој начин, се воспоставија и втемелија трајни економски и политички врски со сите земји членки на ЕУ.

Спогодбата за стабилизација и асоцијација имаше директно влијание на развојот на економијата и индустријата во Македонија, како и насочувањето на трговските односи кон ЕУ. Сите производи имаа веднаш слободен пристап на пазарот во Европа, без никакви царини и квантитативни ограничувања, додека македонскиот пазар за европските производи се отвораше со постепено намалување на давачките за царина и другите ограничувања околу 10 години. На овој начин, македонските производители имаа шанса да инвестираат во некои нови технологии или методи на производство и да ја подобрат продуктивноста и конкуренцијата. После 10 години, на 01.06.2011 година, воспоставена е зона на слободна трговија помеѓу Република Македонија и ЕУ.

Предизвиците, специфичното опкружување, политичката и геостратешките позиција на Македонија треба разумно да се искористат во врска со подигнувањето на свеста за потреба од мир, развој и стабилност, како клучни придобивки кои би дошле ако станеме земја членка на ЕУ. Регионот на Западен Балкан е многу специфичен од повеќе аспекти, така што сите различности може да се користат како вредности за соработка и унапредување на регионалните и билатералните односи помеѓу сите земји во овој регион.

Македонија се стреми да стане полноправна членка на ЕУ, но што ќе продадеме ,пак, за да го постигнеме тоа? Дали сите овие бенефиции од членството во ЕУ ќе ни ја нахранат душата или ќе изгориме исто како кога го продадовме името за да станеме членка на НАТО? Вредат ли сите паднати борци години и векови наназад кои го положиле својот живот за ова парче земја? Сега дали да ја продадеме нашата историја, нашиот јазик, нашиот идентитет за членство во ЕУ? Зошто секогаш да се потценуваме пред соседите и да се негираме како нација? Самите себеси да се негираме, па зарем постои поголем грев од тоа?

Бугарија е сегашната пречка за влез во ЕУ, но сепак се мисли дека постои грчко-бугарски сојуз против Македонија посебно против нејзините европски интеграции. Сепак, Бугарија може само да се угледа на Македонија и да учи од неа.

Последните годишни извештаи на многу релевантни меѓународни тела како на пример на „Хјуман рајтс воч" покажуваат дека Македонија не е земја што прекршува нечии права, слободи, туку сосема спротивно. Македонија ги издига правата на малцинствата на многу повисоко ниво од тоа што е практика во светот.

Сево ова е констатирано во извештаите на Венецијанската комисија, Европската Унија, ОБСЕ, Советот на Европа и многу други тела, чијшто заклучок е дека во Македонија, правата на малцинствата се почитуваат на највисоко ниво.

Меѓутоа, од друга страна, додека малцинствата во Македонија слободно може да ја изразуваат својата волја и по никоја основа не се предмет на дискриминација, македонското малцинство во Бугарија со децении се обидува да оствари минимални малцински права но наидува на пречки од Бугарија, која во 21 век продолжува да негира постоење на други етнички групи и малцинства на нејзината територија.

Заедно тука се Бугарија и Грција кои како дел од Европската Унија каде што демократијата е на највисоко ниво, тие две не ги признаваат македонските малцинства на нивна територија. Тоа е силување на македонскиот народ, претопување во друг народ. Зарем не е жалосно? Каде е демократијата тука, каде е правдата? Или посилниот ја добива битката.

Ако се направи споредба на односот кон малцинствата помеѓу двете земји, со факти, резолуции, извештаи и заклучоци, јасно ќе се увиди кој ги дискриминира малцинствата и ги загрозува основните малцински права.

Бугарија се соочува со 17 пресуди од Судот за човекови права од Стразбур затоа што го дискриминира македонското малцинство. Судот во Стразбур е суд чија дејност е втемелена врз Европската конвенција за човекови права и е коректив на почитта на човековите права за сите земји членки при Советот на Европа, а таму членуваат и Македонија и Бугарија. Поради тоа, дури Советот на Европа се закани со исклучување на Бугарија од членството во ЕУ поради повреди на човековите права и слободи на малцинствата.

Венецијанската комисија е со мислење дека одредбите во уставот на Бугарија се користат за да се спречат малцинските етнички, јазични или религиозни групи воопшто да се организираат. Со овој извештај само се најавува потреба од менување на Уставот на Бугарија, така што се предупредуваат бугарските власти да земат предвид што им прават на македонското малцинство и да ги усвојат пресудите кои се во нивна полза.

Исто така, и Дуња Мијатовиќ која е комесарка за човекови права при Советот на Европа, констатира дека Бугарија не сака да ги регистрира Македонците во Бугарија.

Европскиот парламент, исто така, забележа недостиг на демократија кај бугарските власти во врска со почитувањето на човековите права, и тоа беше преточено во резолуција. Оттука може да се види дека во Бугарија е значително влошено владеењето на правото, демократијата и основните права.

ОБСЕ исто така посочи многу забелешки во врска со почитувањето на малцинските права во Бугарија, така што многу јасно е дека сите тела за заштита на малцинските и човековите права, редовно ја забележуваат Бугарија во негативна конотација во своите извештаи.

Македонија, од друга страна, во ниту еден извештај не е спомнато дека прекршила нечии малцински права, туку, напротив, Венецијанската комисија и ЕУ забележуваат дека земјата во многу наврати ги унапредува и надминува овие права. На тој начин, се наметнува и прашањето за какво загрозување на малцински права на наводните Бугари говори Софија, кога ниту едно меѓународно тело нема регистрирано такво нешто.

Многу правни застапници на Македонците од Бугарија пред Судот за човекови права во Стразбур, посочуваат дека Бугарија има конкретни обврски во поглед на малцинските права според меѓународните стандарди и треба да ги исполни, но за да побегне од тоа, таа сега прави замена на тези, односно бара Бугари во Македонија на кои што им се загрозени правата и го тврди тоа, а всушност меѓународната заедница бара Македонци во Бугарија. Сепак, ситуацијата е многу јасна, а тоа може да се види од фактот што Македонците од Бугарија добија 17 пресуди за прекршување на нивните права од страна на Бугарија.

Советот на Европа и Советот на министри ги регистрираа овие прекршувања, така што Македонците ги остварија своите легитимни права и очекувања пред Европскиот суд за човекови права. Советот на Европа ги легитимира и афирмира правата на Македонците во Бугарија преку своите институции, и останува само обврската на Бугарија да ги имплементира истите, но таа засега го избегнува тоа.

Денес, Бугарија води политики дека Македонија ќе ја нападне нејзината територија и ќе и го земе „Банско" т.е. Пиринска Македонија. Но, кога Бугарите ќе сфатат дека Македонија е една мирољубива земја каде што малцинствата ги уживаат своите права како никаде на друго место, дека поради таа мирољубивост можеби сме издржале скоро 6 векови под турско ропство. На ваквите гнасни политики им нема крај, еднаш тоа е Грција, еднаш Бугарија, еднаш Албанија итн. А кога ќе дојде редот на Македонија да биде држава која ќе биде почитувана од сите? Изгледа никогаш, но тоа е поради тоа што ние како народ не се почитуваме меѓусебно, не сме сложни, па така оди познатата изрека – Раздели па владеј.

Сепак, Бугарија го призна скратеното име на Македонија, значи ја нарекува Северна Македонија без Република, а тоа е јасен знак дека Македонија нема територијални претензии кон Бугарија. Но, за какви територијални претензии зборува Бугарија? Македонија немала никогаш територијални претензии, сакала само да им се признаат малцинските права на Македонците во Бугарија и Грција. Но за жал, сите си играат како што сакаат со нас, без никаква основа. Не треба да се потклекне, не треба да

го изгубиме јазикот, нацијата по секоја основа. Го згрешивме тоа со Грција за името, а сега да се откажеме од идентитетот, од историјата? Постојат граници за сè. Македонскиот народ постоел и пред Тито, македонскиот јазик е различен од бугарскиот и се користел години наназад пред Тито, во Македонија нема 120 000 Бугари, тоа е измислица, тоа се граѓани кои зеле бугарски пасоши поради економски причини. Но, Бугарија си го бара своето и нема да попушти, исто како и Грција. Ќе си бара историја, историски личности, идентитет, јазик итн. Дали покрај сето ова вреди да станеме членка на ЕУ ако ги изгубиме сите овие работи?

На крај, сепак, сите можат да учат од Македонија, од начинот на демократијата што ја води внатрешно но и надворешно, од начинот како ги третира своите малцинства и какви права им дава за разлика од нејзините соседи, од начинот што ги промени името и знамето само за да задоволи нечии амбиции, каприци, украдени истории итн. И на крај ќе се запрашаме каде е демократијата кон Македонија? Дали вреди сето ова? Вреди да се размисли.

ГЛАВА 3

3. МИРНО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН ОД АНАЛИТИЧКИ АСПЕКТ

3.1. Дејтонскиот мировен договор

После распадот на Југославија започнаа и проблемите на овие простори. Секоја држава имаше свои проблеми, а една од тие држави беше и БИХ. Војната во Босна и Херцеговина траеше 3 години, а на 21 ноември 1995 година во Дејтон беше постигнат мировен договор кој до ден денес ја парализира земјата. Страните кои војуваа се согласија за мир и една суверена држава со име Босна и Херцеговина која е составена од два дела – Република Српска со српско население и Федерација на Босна и Херцеговина со хрватско-бошњачко (муслиманско) население. Со тоа босанската држава беше зачувана меѓутоа поделена на два ентитета. Се постави специјална административна област во градот Брчко на исток, а создадена беше и Канцеларија на висок претставник на меѓународната заедница која беше задолжена за надгледување на имплементацијата на договорот.

За да се избегнат конфликти и тензии, трите народи – Хрвати, Бошњаци и Срби добија право на вето за да ги заштитат своите витални национални интереси. На тој начин, нивните членови во босанскиот парламент и претседателството можат да го блокираат секое решение ако сметаат дека нивната етничка група е загрозена.

После речиси четири години војување и над 100 000 жртви, два милиони бегалци, воени логори и геноцид во Сребреница, Босанските Срби беа наградени со половина од територијата на Босна. Сепак, воените злосторства и ден денес носат големи потешкотии. Дејтонската спогодба им даде предност на оние кои беа главни актери во воените злосторства.

Меѓутоа, и покрај сè, сите здивнаа кога овој договор беше потпишан. После четири години, меѓународната заедница ги собра остатоците од своите слабости од Босанската војна но за жал многу доцна за некои луѓе. Од друга страна, луѓето во Босна, конечно не мораа секој ден да стравуваат за својот живот.

Населението независно од етничката припадност сепак мораше да се престрои. Бегалците добија право да се вратат од каде што потекнуваат, вклучувајќи и во новосоздадените етнички дефинирани ентитети каде што сега тие беа дел од малцинството. Сепак, после многу безуспешни обиди за интеграција, многу луѓе си ги продадоа своите куќи и се иселија и на тој начин земјата се чистеше и делеше според етничка линија.

Исто така, Дејтонскиот договор им ги одзеде правата на сите што не се Хрвати, не се Срби, не се Босанци во земјата, така што припадниците на малцинствата – 4 % од населението не можат да се кандидираат за највисоките позиции во земјата, затоа што се резервирани само за конститутивните народи. Дејтонскиот договор ја направи Босна држава со која не може да се владее.

Сите кои беа инволвирани во Дејтон во 1995 година, беа свесни дека Мировниот договор и Уставот се непотполни и комплицирани. Но, се надеваа дека договорот со тек на време, дел по дел, ќе се реформира според потребите со помош на високиот претставник.

Во последните 25 години тоа на никој не му успеа, ниту на меѓународната заедница, а ни на самите Босанци. Требаше да се вгради обврзувачка клаузула за ревизија и ќе мораше да следи преработка после три години.

Денес, Босна е најголем губитник од Југословенската војна, затоа што е нестабилна, нема владеење на правото, сиромаштијата и социјалната несигурност се во пораст, корупцијата е на многу високо ниво, а младите посебно оние квалификуваните ја напуштаат државата не можејќи да најдат работа во сопствената држава. Дејтонскиот договор и Уставот кој произлезе од него, не се сменети и важат, иако ја поткопуваат земјата и ја оддалечуваат од Европската Унија.

Улогата на меѓународната заедница и понатаму нема конструктивна улога. Незаинтересирана и поделена таа со години ја повторува истата грешка како во 1990 – те години, толерира националистичка и агресивна реторика на голем број политичари во Босна, дури и кога се величаат осудени воени злосторници. Со Дејтонскиот мировен договор се трасираше патот за сецесионистичките и националистичките сили, кои со години се трудеа да ја растурат Босна.

Денес мора да се апелира на одговорност од страна на меѓународната заедница која треба посериозно да се занимава со БИХ за да се бара решение за статусот ков или ,пак, ќе се допушти земјата да се распадне. Пред 25 години, Алија Изетбеговиќ кој беше тогашен претседател на БИХ, по потпишувањето на договорот во Париз и неговото потврдување, кажа дека ќе им посочи на неговиот народ дека тоа не е праведен мир, но е поправедно отколку да се продолжи војната. Во таква ситуација, подобар мир не можеше да се постигне. Тие направиле сè што било во нивна моќ за да се намали обемот на неправди за земјата и народот. Без правда нема мир, и време е Босна да добие правда.

Време е поради фундаменталните контрадикторности на самиот уставно-политички систем кој е воведен во Дејтон, да се имплементираат човековите права кои треба да се меѓународно пријателски.

Дејтонскиот договор претставува основа за сегашната општествено-политичка опстановка во Босна и Херцеговина. Со овој договор се воспостави уставно-политички систем, а на тој начин се овозможи да се стави крај на 3 и пол годишната граѓанска војна. Со својот Анекс 4, договорот целеше комбинација на елементите на територијално уредување како и уредување врз основа на етнички групи, преку кои се есенцијализираше поделбата на власта и колективно политичко учество, воспоставување одржлив демократски развој и демократско владеење. Како важни компоненти на овој договор се: заштита на правата и слободите на граѓаните, распределба на моќта и одговорноста помеѓу босанската држава, зајакнување на структурата на владините институции, нејзините конститутивни ентитети (Федерација БИХ и Република Српска) и конститутивните народи (Срби, Бошњаци и Хрвати).

Во босанското општество најважно беше надминувањето на етничките поделби но тоа би вклучило опширен аранжман во Дејтонскиот мировен договор кој се однесува на човековите права. Овој договор, исто така, овозможи формирање на различни институции за малцинските и човековите права кои даваа гаранција дека може да се пријават нивни повреди, а високиот интерес однадвор и вклученоста послужија како ветување за ефикасно спроведување на сите овие одредби. Сепак, замислите на Дејтонскиот договор беа почитување на човековите права пред сè но дали тоа влезе во практика е знак на прашање.

Уставот на Босна и Херцеговина содржи широк каталог на човекови права и слободи, и затоа претставува уникатна солуција на полето на човековите права. Сепак, човековите права и слободи во Уставот на БИХ не се наоѓаат во еден каталог туку на различни места и различни правни извори.

Конститутивните народи на БИХ (Срби, Бошњаци, Хрвати), заедно со другите граѓани на БИХ го утврдуваат нејзиниот Устав. Дејтонскиот мировен договор опфаќа широк спектар на човекови права кои се специфични, како на пример, правото на учество во демократскиот процес или правото на слобода на движење на раселените лица и бегалците.

Дејтонскиот мировен договор се заложи за етаблирање на босанска држава која е федерално устроена во рамки на меѓународно признатите граници кои се сочинети од два ентитета – Федерација БИХ (бошњачка и хрватска) која е поделена на десет кантона и Република Српска (претежно српска). Сепак на овој начин не може да се утврди комплексноста на системот на човековите права во Уставниот поредок на БИХ, ако нема разгледување на човековите права и слободи во двата ентитетски устави на Република Српска и Федерацијата на Бошњаците и Хрватите.

Институционалната структура на Босна е комплицирана и е главна пречка за ефикасна заштита на човековите права. Недостатокот на политичка волја и фрагментацијата на различни административни нивоа на власта во Босна е причина поради која соработката и координацијата на државно ниво е невозможна. Хрватите и Бошњаците во Република Српска и Србите во Федерацијата на Бошњаците и Хрватите имаат и понатаму тешкотии во остварување на нивните права.

Дејтонскиот договор ги зајакна и поткопа малцинските права со воспоставување автономни квоти и ентитети за застапеност на малцинствата на национално ниво. Но, системот обезбеди непочитување на малцинските права и форсирање на етнички поделби и колективни права, но за сметка на единството и индивидуалните права. Тоа придонесе за мир во првите години после војната во БИХ, но на подолг рок овој пристап го поткопа целиот мировен процес. Повиците за акцентот на етничка припадност и групни права беа погласни, со цел да се поместат кон поинклузивен пристап кој е насочен кон еднаквост на човечките индивидуи и индивидуалните права.

Овие ставови ги поткрепува пресудата на Европскиот суд за човекови права во врска со случајот Сејдиќ-Финци, така што се потврдува уставната дискриминација врз Ромите и Евреите во БИХ од 2009 година. Оваа пресуда е всушност обид на босанските политички елити да го ревидираат Уставот на БИХ, затоа што во него продолжува да се зборува за дискриминацијата врз граѓаните што не припаѓаат на трите главни етнички групи. Исто така, тука треба да се спомне и случајот со граѓанката Зорниќ која одбила да се изјасни како припадник на некоја етничка група, и на тој начин се потврдува исправноста на тезата, а тоа е дека доделувањето на посебни политички права нема место во едно современо демократско општество.

Со Дејтонскиот мировен договор е завршена четиригодишната војна и Босна и Херцеговина станува држава на три конститутивни народи и останати, а исто така и на два ентитети – Република Српска и Федерација БиХ.

Зборовите на Изетбеговиќ после крајот на војната до ден денес претставуваат најдобар опис на моментот во кој е усогласен овој мировен договор за БиХ. Со потпишувањето на овој договор, на граѓаните на БИХ кои беа премногу исцрпени и изморени од војната, им се донесе долгоочекуваниот мир. Исто така, се донесе и ново уставно уредување на земјата за кое не се размислуваше многу тоа време. На граѓаните им беше важно само да останат живи, во таа проклета војна, малку размислуваа за тоа уредување тогаш, размислуваа само за настраданите жртви, околу 100.000 луѓе го загубија животот, повеќе од милион беа протерани од своите домови, а факултетите, куќите, фабриките, училиштата, спомениците, целата инфраструктура беа разорени и уништени.

Овој договор беше толку многу посакуван, тоа беше вест која сите едвај ја чекаа во 1995 година. Можеби не се донесе ниту политичка, ниту економска целовитост на БИХ, а ниту еден глас на БИХ во Европската Заедница, односно Европската Унија, ниту во меѓународни рамки. Знаеме дека Дејтонскиот мировен договор има свои недостатоци и целосно не е применет на територијата на Босна и Херцеговина.

Најголем придонес во создавањето на Дејтонскиот мировен договор има Ричард Холбрук како заменик на поранешната американска секретарка Медлин Олбрајт, а тука беа присутни и американскиот претседател Бил Клинтон, генералниот секретар на ОН Бутрос Бутрос-Гали, британскиот премиер Џон Мајор, францускиот претседател Жак Ширак, генералниот секретар на НАТО Хавиер Солана, рускиот премиер Виктор Черномирдин, германскиот канцелар Хелмут Кол и шведскиот премиер Карл Билд кој претседаваше со мировната конференција во име на ЕУ.

Овој договор се состои од 11 анекси, меѓу кои и Анекс 4 – Уставот на Босна и Херцеговина, кој до ден денес е во сила, 21 година после овој договор. Токму овој анекс

е предмет на најжестоки дебати во последниве неколку години. Со него се потврдува територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на БИХ како држава.

Сепак, Дејтонското уставно уредување станува еден од основните проблеми на модерна Босна и Херцеговина и нејзиното функционирање, а исто така, станува и препрека на патот кон евроатлантските интеграции. Како тоа да не е доволно, ова уредување станува препрека и во внатрешното функционирање на државата, а е предмет на спор помеѓу политичките опции за тоа како БИХ треба да изгледа како држава во иднина и каква треба да биде нејзината внатрешна структура. До ден денес не е постигнат консензус за ниту еден предлог во врска со уставните промени. Политичкиот јаз помеѓу политичките претставници за измените на уставниот поредок на БИХ, се рефлектира во сите области на животот.

Во Република Српска, како ентитет на Босна и Херцеговина, 21 ноември се празнува како државен празник и неработен ден, затоа што се одбележува како Ден за воспоставување на Општиот рамковен договор за мир во БИХ.

За разлика оттаму, во Федерација БиХ, другиот ентитет на Босна и Херцеговина, 21 ноември е обичен работен ден, додека 25 ноември е неработен ден, затоа што се одбележува Денот на државноста на Босна и Херцеговина. Тоа е датум кој на заседанието на Антифашистичкиот совет на народното ослободување на БИХ е потврдена државноста на Босна и Херцеговина во тогашна Југославија во Мркоњиќ Град.

Никој не може да оспори дека овој договор има и позитивни страни, но сепак исто така овој договор предизвика и одредени тешкотии за земјата. После потпишувањето на овој договор, Босна не можеше да биде третирана како нормална држава. Причината за тоа е хомогената структура на некои поедини области кои се наоѓаа под контрола на Бошњаците, Хрватите и Србите за време на војната. Овој договор ја легализира етничката поделеност, посебно двата ентитети на Босна и Херцеговина, кои имаат сопствени институции, образовен систем, правосудство, полиција, медиуми и други установи кои се независни и во согласност со независните држави, доведоа до формирање на две помали држави во една иста држава.

Во содржината на овој мировен договор, се наоѓаат членови кои ги регулираат активностите на Собранието на БИХ како одредби за прекршување на човековите права. Во согласност со четвртиот член на Уставот на БИХ, парламентот на БИХ се состои од 15 членови, од кои по 5 од хрватскиот федерален ентитет, 5 од бошњачкиот и 5 Срби од српскиот ентитет. Според одредбите од овој член, Србите кои живеат во рамки на Федерацијата или Бошњаците и Хрватите кои живеат во српскиот ентитет, не може да бидат избрани во Претставничкиот дом.

Вакви слични проблеми постојат и во одредбите на 5-от член на уставот, а тие се однесуваат на изборот на членовите на трипартитното претседателство. Во БИХ, трипартитното претседателство се состои од еден член од хрватско, српско и бошњачко потекло. Хрватскиот и бошњачкиот член се избираат во Федерацијата, додека српскиот од Република Српска. Според одредбите на овој член, Бошњаците и Хрватите кои живеат во Република Српска не може да се избрани за членови на трипартитното претседателство. Тоа важи и за Србите кои живеат во Федерацијата. На овој начин,

уставот наместо да им пружи еднакво право на избор на сите граѓани на БИХ, за жал нуди само избор на основа на етничко потекло на граѓаните.

Многу поголема предност според 3-от став на 4-от член на Уставот на БИХ, се дава на етничкото потекло отколку на граѓанинот. Одреден процент од пратениците на ентитетите потребно е да гласаат за усвојување на одредена одлука во Парламентот. Поради тоа, во Парламентот на БИХ доаѓа до застој при усвојување на одлуките. Компромисот меѓу претставниците на различните народи не е можен па поради тоа предизвикува неусвојување на реформи од клучно значење.

ОХР како високо претставништво на меѓународната заедница, имаше значајна улога во надминување на застојот во БИХ. ОХР е конечниот авторитет во спроведувањето на цивилниот дел на овој мировен договор.

Високите претставници, освен што имаат законски обврски и право да ги променат службените претставници кои нема да го почитуваат спроведувањето на одредбите на овој мировен договор, имаат право да ги наметнат законите по потреба. До крајот на 2006 година, различни високи претставници кои се наоѓаа во фунгација на БИХ, го искористија ова право околу 150 пати. Сепак, БИХ, не можеше целосно да располага со државните функции како држава.

Неможноста за спроведување на макроекономските политики, социјалните политики, образовните политики и други на ниво на држава како и нефункционалноста на државните установи, се основни показатели за тоа. БИХ не може да се ослободи од поделеноста затоа што не постои заедничка политичка волја за да се постигне тоа.

Дејтонскиот мировен договор треба да се спроведе во целост и да се помогне институциите на БИХ нормално да функционираат. Република Српска имаше обиди за блокада на институциите, што претставува противдејтонска активност затоа што функционирањето на институциите на БИХ е основна обврска на Дејтонскиот мировен договор. Во БИХ мора да се изградат механизми за политичка одговорност затоа што пратениците во Собранието не може да кажат дека нема да дојдат на седница, а потоа да земаат плата на крај на месец. Потребна е одговорност од сите институции, а пред сè од пратениците.

Потребна е регионална соработка на БИХ, регионален пазар, зелена агенда меѓу сите 6 земји од Западен Балкан. Исто така, во интерес на БИХ е да се доведе режим на движење на стоки, капитал, луѓе и услуги меѓу овие земји на оптимално ниво. За таа цел, постигнат е договор за „Отворен Балкан", кој е еден вид на мини-шенген зона за полесна соработка на Западен Балкан.

Република Српска не е само ентитет на српскиот народ, туку и на хрватскиот и бошњачкиот и на сите други кои живеат таму. Таа е дел од БИХ и засекогаш ќе остане така. Дејтонскиот мировен договор е еден вид на рамнотежа и не е можно БИХ да се распадне како држава и да се оди по патот на независноста на ентитетот Република Српска, затоа што тоа е патот до исчезнување на тој ентитет, а БИХ ќе продолжи да постои после Дејтон, затоа што постоела и пред Дејтонскиот мировен договор. Република Српска си нанесува штета сама себеси и предизвикува непотребни тензии на крајот, а ако одлучат да го сторат тоа, ќе се загрози мирот и стабилноста на БИХ и регионот. Тогаш БИХ ќе се брани, се бранеше и порано кога беше во многу потешка ситуација. Денес, БИХ се наоѓа во многу подобра ситуација отколку во 90-тите години

за разлика на тие ретроградни политики и нивните носители кои се во многу полоша ситуација.

Најважно е во денешно време да се почитува Дејтонскиот мировен договор и да не страдаат невини жртви и народ. Жртвите што паднаа да не бидат залудни, да владее демократија, мир и стабилност во регионот, а институциите на БИХ да си ја вршат работата онака како што треба.

3.2. Охридскиот рамковен договор

Летото 2001 година беше критична точка во историјата на Македонија, кога состојбата можеше да премине во несакана насока и да влијае врз иднината на многу луѓе, можеби милиони. Македонија тогаш се соочи со предизвикот да избере помеѓу војна и мир, а нејзините лидери го избраа мирот. Охридскиот рамковен договор е класичен пример на превенција на конфликт со кој се избегнува деструктивната и трагична војна која можеше да ја уништи Македонија и да не биде таква каква што е денес. Таа ќе беше сосема различно место ако националните лидери од двете страни не избраа да постигнат потребен компромис за да се воспостави Охридскиот рамковен договор.

Тогашните лидери на Македонија беа Лубчо Георгиевски кој беше премиер и Бранко Црвенковски кој беше лидер на СДСМ и подоцна претседател на Македонија, а Борис Трајковски беше тогашен претседател. Самата закана за војна во Македонија дојде со распадот на Поранешна Југославија во раните 90-ти години.

Безбедносната ситуација во Македонија започна да се влошува сериозно на почетокот на 2001 година, најпрво со инцидентот на границата со Косово, за потоа да дојде во средиштето на Македонија. Пролетта во 2001 година, опасноста од граѓанска војна во Македонија беше очигледна. Не помогнаа дури ни дипломатските посети на високо ниво, насилството продолжи да се шири и да ескалира со воени напади и жртви. Бунтовниците напаѓаа од заседи и паднаа многу жртви војници.

Се водеа тешки преговори во јули и август, 2001 година, кои вклучуваа повеќе страни со различни интереси и погледи. Претседателот Трајковски и другите ја направија вистинската работа и го потпишаа Договорот, кој сепак не е совршен, а неговата имплементација имаше некои проблеми. Сепак, Охридскиот договор се задржа како модел на етничките односи како во Македонија така и во светот. До ден денес се валидни културниот идентитет на сите и еднаквите права за сите граѓани без разлика на етничката припадност.

Воениот конфликт во Македонија се водеше меѓу ОНА и безбедносните сили на Македонија. Конфликтот заврши со потпишување на Охридскиот рамковен договор во август, каде што беа унапредени правата на Албанците најмногу но и на другите немнозински етнички заедници во Македонија (Бошњаци, Турци, Срби, Роми и Власи).

Преговорите започнаа во Скопје, за потоа да продолжат во Охрид, каде што се заврши со парафирање на договорот, потпишан на 13 август 2001 година во претседателската резиденција во Скопје.

Рамковниот договор беше потпишан помеѓу најголемите политички партии во Македонија и специјалните претставници на ЕУ и САД. Преговорите траеја околу два месеци во Охрид, и се одржаа под покровителство на тогашниот претседател Трајковски, а договорот беше потпишан од тогашните лидери на политичките партии во Македонија, Црвенковски како лидер на СДСМ, Арбен Џафери на ДПА, Љубчо Георгиевски на ВМРО-ДПМНЕ и Имер Имери на ПДП.

Потписници на овој договор како гаранти, беа специјалниот претставник на ЕУ Франсоа Леотар и специјалниот претставник на САД Џејмс Пердју.

Со имплементацијата на Охридскиот рамковен договор се донесени над 130 закони, законски измени и дополнувања. Најголем дел се закони за недискриминација и правична застапеност, а дел се во сфера на културата, идентитетот, децентрализацијата на власта и образованието. Исто така, донесен е закон за унапредување на јазиците без амандманска расправа. Со овој закон се предвидува сите органи на државната власт во Македонија, јавните претпријатија, централните институции, дирекциите, агенциите, комисиите, организациите и установите, правните лица кој вршат јавни овластувања, за службен јазик покрај македонскиот јазик и неговото писмо да биде и албанскиот јазик што го зборуваат 20 проценти од граѓаните на Македонија.

Исто така, правичната застапеност на припадниците на етничките заедници во сите јавни институции е дел од Рамковниот договор, чие имплементирање го бараат политичките лидери на етничките заедници.

Македонија со Охридскиот рамковен договор доби шанса да ја избегне деструктивната поделба и да се развие како демократска држава. Потпишувањето на овој договор немаше да биде возможно ако одредени личности немаа храброст и визија за да овој конфликт се заврши на добар начин. Благодарение на лидерството на Борис Трајковски, Македонија премина од конфликт во мир.

Имплементацијата на Охридскиот рамковен договор претставува процес, и тоа доста важен за иднината на земјата. Тој беше клуч за евро-атлантската интеграција на Македонија, основна политичка цел која е заедничка за секоја политичка партија и за сите граѓани, без разлика на верска, партиска или етничка припадност.

Овој договор беше основа за промена на Уставот во Македонија. Можеби е несомнено контроверзен и потпишан во околности на секојдневно насилство како и силен притисок од меѓународните организации и јавност. До ден денес продолжуваат дебати за неговата улога, посебно после објавувањето на барањата на партиите на Албанците после парламентарните избори во 2016 година. Можеби затоа потребна е компаративна анализа меѓу Охридскиот рамковен договор и „Тиранската платформа" на партиите на етничките Албанци.

[21]Тиранската платформа беше потпишана од најголемата партија на етничките Албанци во Македонија, Демократската Унија за Интеграција (ДУИ), од втората најголема партија БЕСА и од коалицијата на повеќе етнички албански партии наречена Алијанса за Албанците, а под менторство на Премиерот на Република Албанија Еди Рама. За разлика од Охридскиот рамковен договор, оваа платформа не е резултат на

[21] Михајловски, Г., *Дуи, Беса и Алијанса за Албанците ја објавија Платформата за Влада, на потег се Груевски и Заев,* sdk.mk, http://sdk.mk/index.php/makedonija/duibesa-alijansa-za-albantsite-ja-objavija-platformata-za-vlada-na-poteg-se-gruevskizaev

компромис туку во неа се содржани барањата на партиите на етничките Албанци. Многу значајно е што може да се утврди од анализата на двата документи тоа дека и покрај тоа што платформата се повикува на Охридскиот Рамковен Договор, Уставот и Законите на РМ, таа излегува од нивната рамка и бара нивна ревизија која би водела кон воведување на елементи на бинационална држава и федерација.

Охридскиот Рамковен Договор нагласува дека развојот на локалната самоуправа е од многу големо значење за почитување на идентитетот на заедниците. Со овој договор се предвидува ревидирање на Законот за локална самоуправа со кој ќе се зајакнат овластувањата на избраните локални претставници и ќе се зголемат надлежностите согласно со Уставот и Европската повелба за локална самоуправа.

Исто така, договорот предвидува целосна почит на принципот на недискриминација и рамноправен правичен третман на сите граѓани пред законот. Ова особено ќе се применува во однос на вработувањата во јавните претпријатија и јавната администрација. Во Уставниот суд, една третина од судиите ќе се избираат од Собранието, каде што ќе има мнозинство од бројот на пратениците, припадници на заедниците. Истото тоа важи и за изборот на Народен правобранител и тројца членови на Судскиот совет.

Законот за локална самоуправа и уставните амандмани не може да се усвојат без квалификувано двотретинско мнозинство од гласовите на пратениците кои припаѓаат на заедниците. Истото важи и за донесување закони кои директно ги засегаат образованието, културата, личните документи, употребата на јазикот, употребата на симболи и законите за локално финансирање, градот Скопје, локални избори и за општински граници.

Во основното и средното образование, наставата ќе се изведува на мајчините јазици на учениците. Државата ќе обезбеди финансирање за високо образование на јазиците на кои што зборува најмалку 20% од населението во Македонија. Службен јазик е македонскиот јазик низ цела Македонија како и во нејзините меѓународни односи. Исто така, кој било друг јазик што го зборува 20% од населението е службен јазик.

Во врска со симболите, Охридскиот Рамковен договор предвидува блиску до симболот на Македонија, локалните власти на предната страна од локалните јавни објекти да можат да постават симболи кои го обележуваат идентитетот на заедницата која претставува мнозинство.

Овој договор се состои од три анекси:

- Анекс А за уставни амандмани,
- Анекс Б за измени во законодавството,
- Анекс Ц за имплементирање и мерки за градење доверба.

Во анексот А пишува дека сегашната Преамбула на Уставот на Република Македонија се заменува со јазик кој е заснован врз концептите на граѓанското општество и индивидуалните права. Македонците ја преземаат одговорноста за иднината и сегашноста на нивната татковина и се свесни и благодарни на предците за посветеноста и жртвите во заложбите и борбата за создавање на самостојна и суверена Македонија, и се одговорни пред идните генерации дека ќе го чуваат и развиваат сè она што е вредно од богатото културно наследство и соживотот во Македонија.

Од друга страна, анексот Б предвидува измени во делот на законодавството. Се предвидува донесување на повеќе закони, како што е законот за локална самоуправа, законот за територијална поделба, за локално финансирање, за изборни единици, за употреба на јазиците како и нов деловник на Собранието итн.

Анексот Ц е во врска со имплементацијата на овој договор и за мерките за градење доверба. Тука се регулирани прашањата за изборите, пописот, улогата на меѓународната заедница и враќањето на бегалците.

Повеќето од останатите мировни договори на територијата на поранешна Југославија имаат многу посложена позиција за разлика од Македонија. Полесно е да се склучи мир после осум месеци борба со околу 200 жртви отколку после 3-4 години војување со над 100.000 загинати жртви.

Втора битна разлика поради која што мирот беше потраен во Македонија, е тоа што конфликтот не се однесуваше на освојување на држави туку кон освојување на идеи за видот на земјата. Иако ОНА, на почетокот на конфликтот произнесе ставови за сецесионистичко уредување, сепак брзо беше пригушена. Конфликтот беше насочен гласно кон правата на Албанците во Македонија, а не кон освојување или прекројување на граници и територии. За разлика од Македонија, во Хрватска и Босна, државата сама по себе беше спорна. И на тој начин беше многу потешко да се постигнат договори без да се прекројуваат границите.

Охридскиот рамковен договор не само што придонесе за смирување на страстите и тензиите меѓу заедниците, тој отвори и простор за похармонично, инклузивно и мултиетничко општество, а исто така придонесе за општествена и политичка интеграција на сите заедници во Македонија. Може да се каже дека Македонија созреа, дека старите анимозитети кои ги раздвојуваа народите се надминати, и дека сите се обединети околу европската перспектива, градењето држава со демократски вредности и партиципативна политичка култура. Моделот на внатрешно политичко и општествено уредување кој беше усвоен и утврден со Охридскиот рамковен договор, ја направи Македонија една посилна, постабилна и отворена земја. Денес, Македонија може да биде горда за состојбата на меѓуетничките односи и нејзината иднина, и секако да служи за пример како држава која се грижи за етничките припадници на нејзина територија, за признавање на нивните права и слободи.

Сепак, Македонија е таа којашто ги признава другите етнички народи, но ние каде сме? Каде се Македонците во Пиринска и Егејска Македонија, па дури и во Албанија? Дали и нас ни се признати нашите права или едноставно нѐ потопија без остварување на правата? Постојат многу историски факти и вистини за тоа што се случуваше со македонското население во овие области, но соседните држави го оспоруваат тоа. Македонците како народ сме многу меки и не сме бунтовни, не бараме никакви права и прифаќаме сѐ што ќе ни се каже. Етничките заедници кај нас уживаат секакви права, но Македонците во соседните земји бел ден немаат видено. Каква е оваа правдина во светот?

Можеби една од најголемите придобивки од Охридскиот рамковен договор е мирот и стабилноста, да нема воени дејствија на територијата на Македонија. Сепак, албанскиот кампус е секогаш незадоволен и постојано бара нови барања кои понекогаш немаат смисла. Позитивната улога на договорот беше имплементацијата на

посакуваниот мир, но сепак Албанците секогаш бараат нешто повеќе, секогаш бараат проширување на договорот, а тоа е непринципиелно и претставува непочитување на партнерите кои зедоа учество во неговото потпишување.

Сепак, никој не може да предвиди како овој договор ќе се развива понатаму во секојдневната динамика. Но, не се очекува во догледно време да се промени, бидејќи за тоа нема подготвеност во внатрешната политичка структура, а исто така затоа што беше меѓународно гарантиран, и затоа не може да се очекува лесно пристапување кон негова примена.

3.3. Преспанскиот договор

Преспанскиот договор е склучен меѓу Атина и Скопје и беше замислен како решение кое ќе биде конечно за спорот со името. Но, овој спор никогаш не се однесуваше само на државното име. Многу други работи треба да се применат на домашен и на меѓународен план. Иако, прашањата за идентитетот, националноста, етницитетот, јазикот и културата не беа предмет на спор, сепак овие прашања станаа централни и се Ахилова пета на договорот.

Овој договор не само што ги регулира овие засегнати прашања, тој претставува и правна интервенција во сфера на националниот и етничкиот идентитет со импликации и за двата. Наместо да се добие конечно решение за еден конфликт кој се одолговлекува со години, Преспанскиот договор го претвора старото македонско прашање со старата содржина но во нова форма. На тој начин, овој договор не само што не може да го реши спорот, туку дополнително ја усложнува дилемата за идентитетот.

Транзицијата на Македонија беше обележана со уникатните предизвици кои беа поврзани со нејзиното име, а не само со вообичаените економски и политички трансформации кои се типични за сите постсоцијалистички земји. Апликацијата на Македонија за членство во ОН беше поднесена во јули 1992 година, а земјата беше примена дури во април 1993 година. Советот за безбедност реши дека на Македонија ќе ѝ се обраќаат со ,,Бивша Југословенска Република Македонија" а со тоа безбедносните грижи го засенија принципот на еднаквост, а исто така и нормите кои се втемелени во Повелбата на ОН.

Грција отсекогаш и правеше проблеми на Македонија, како на пример со трговското ембарго во февруари 1994 година. Во период од 19-месечна блокада, Македонија изгуби многу во поглед на економијата. После меѓународното посредување, состојбата се надмина со потпишувањето на Времената спогодба во 1995 година. Тогаш Грција, се обврза дека нема да ја попречува Македонија во меѓународните организации ако се користи кратенката БЈРМ. Сепак, противењето во однос на името остана како голем проблем и Грција го користеше правото на вето.

Односите меѓу двете држави се заостриј а со проектот „Скопје-2014" како и со јакнењето на патриотизмот и националната гордост. Правната победа пред Меѓународниот суд на правдата, со која беше утврдено дека Грција ја прекршила Времената спогодба, а Македонија не презела никакви дејствија кои се спротивни на Спогодбата, не значеше излегување од ситуацијата. Напротив, ЕУ и НАТО потврдија

дека пресудата нема никакво влијание врз внатрешните процедури на носењето одлуки, и на тој начин притисокот врз послабата страна стана уште поголем.

Преспанскиот договор стана предмет на големи несогласувања во Македонија. Некои мислат дека со овој договор, Грција конечно го признала постоењето на Македонците, а тоа е отстапка во врска со националниот идентитет. Опонентите мислат дека идентитетот не треба и не смее да биде предмет на некаков билатерален или меѓународен компромис. Тие тврдат дека низ годините, разликата во врска со името се трансформирала во преговори за македонскиот идентитет, историја, култура, јазик, образование, устав и човекови права и слободи.

Со овој договор, Македонците не се декларираат како Македонци туку како граѓани на Северна Македонија односно тоа би дошло како Северномакедонци. Каде е тука идентитетот? Ова претставува нова форма на национален инженеринг.

Овој договор е повеќе од обичен билатерален договор. Тој не претставува компромис во вистинска смисла на зборот поради асиметријата на моќта од страна на договорните страни. Договорот излегува надвор од правните рамки и стандарди и пенетрира во културната сфера и сферата на колективните и индивидуалните права и слободи. Проблемот со името не може да се дефинира, а камоли да се реши со правни средства. Наместо трансформација и деконструкција на идентитетскиот конфликт меѓу Македонија и Грција, меѓународните посредници одлучија да стават крај со наметнување на договор кој е крајно контроверзен од аспект на меѓународното и домашното право.

Според меѓународното право, државите не може да имаат спорови за идентитет со други држави, и ниту еден меѓународен правен акт не смее и не може да навлезе во определување на нечиј идентитет. Државните и националните идентитети се прашања во внатрешна јурисдикција и секое наметнато решение е правно невалидно, а тоа значи дека идентитетот не е прашање на правна регулатива или преговарање, мултилатерално или билатерално. Можеме јасно да видиме дека отстапки со овој договор направи само Македонија. Преспанскиот договор не реши никаков проблем, затоа што такви прашања не може да се решат преку наметнување и со правно задолжителни механизми, чијашто валидност може да се преиспита низ призмата и институциите на меѓународното право.

Принципот на самоопределување на секој народ е камен темелник на меѓународното право врз кој се регулираат меѓусебните односи на државите од меѓународната заедница. Овој принцип како предмет на многубројни меѓународни декларации и документи кои поради нивната универзалност, му имаат придадено задолжителен карактер, но сепак неговото почитување нема никаква гаранција во меѓународните односи.

Кога ќе видиме пошироко, со Договорот од Преспа, принципот на самоопределување на народите се повредува. Тие повреди се однесуваат на различни аспекти од принципот, како на пример правото на избор на сопствено име, право на сопствена историја, право на сопствено политичко уредување, право на култура, суверена еднаквост, јазик и еднаков третман во меѓународните односи.

Со потпишувањето на овој договор меѓу Македонија и Грција, наводно се става крај на спорот со името помеѓу овие две држави, но сепак Република Македонија станува жртва на серија на повреди на основните принципи на меѓународното право, а тоа е

принципот на самоопределување на народите, принципот на забрана за мешање во внатрешните работи на секоја држава како и принципот на суверена еднаквост меѓу државите.

Исто така, со модалитетите и начинот преку кои се донесе и усвои Договорот од Преспа во македонскиот поредок, Република Македонија стана жртва на големи и тешки повреди на владеењето на правото во националниот правен поредок, а ЕУ и САД замижуваа и дури ги игнорираа. Со овој договор се наметна новото уставно име – Република Северна Македонија кое би се користело за меѓународна и внатрешна употреба, а исто така, се наметнува и обврската „erga omnes" во врска со употребата од страна на трети држави во меѓусебните односи со Македонија. Придавката „македонски" и терминот „Македонија", повеќе нема да постојат, се забрануваат и се заменуваат со придавките „Република Северна Македонија" или само „Северна Македонија".

Со овој договор, исто така, се изнудуваат промени во националните симболи на Македонија кои се однесуваат на јазикот, историјата, идентитетот, Уставот, културата, образованието, правата на граѓаните, слободата и политичкиот и административниот систем, кои придонесуваат за да исчезне македонскиот народ и македонскиот идентитет.

Преспанскиот договор или конечниот договор за решавање на разликите помеѓу Грција и Македонија се потпиша на 17 јуни во селото Нивици, Мала Преспа, на границата помеѓу Македонија и Грција. Договорот беше критикуван и оспоруван, а тоа трае до ден денес. Најпрво, овој договор е противуставен затоа што не е во согласност со уставот на Република Македонија од 1991 година.

Никоја држава не смее да се меша во дворот на друга држава но сите знаеме дека големите сили се оние што диктираат, а малите се немоќни во однос на тоа. Сепак, македонскиот народ е разочаран од Владата на власт во 2018 година, на чело со премиерот Заев, затоа што тој ги помина црвените линии во врска со името. Во својата предизборна кампања ветуваше дека нема никогаш да потпише таков договор но сепак го стори тоа и на тој начин, македонскиот народ се чувствува изигран.

Со овој договор, Владата се откажа од уставното име Македонија, но исто така, се откажа и од македонското малцинство кое живее во Грција, на ист начин како што се откажа и од македонското малцинство во Бугарија. Со Преспанскиот договор, Владата се откажа и од историското и културно наследство на македонскиот народ од антиката и од современата историја од 20 век. Дури и самиот Димитров кога го прашаа на кој јазик зборува македонското малцинство во Грција кажува дека „не знае".

Не станува збор само за промена на името, станува збор и за многу други настани кои се случија во исто време, како што е на пример, донесувањето на Законот за употребата на албанскиот јазик како втор официјален јазик итн. Сето тоа е собрано заедно кон уништување на македонската држава односно демакедонизација и поделба по етнички линии.

Од аспект на идентитетските прашања, Договорот де факто (de facto) не се однесува на лимитираноста на проблемот околу името на Република Македонија, туку го проширува опсегот и ги засегнува основните идентитетски постулати на македонската национална припадност која е детерминирана од сувереното право на самоопределување.

Реконфигурирањето на македонскиот народ од етничкото разбирање во насока на граѓански национален модел, ќе предизвика процес на национална деноминација која може да предизвика фрагментација и дестабилизација со силни интраетнички поделби во Македонија. А со потпишувањето на овој договор, Владата создаде виртуелен европски идентитет, кој може никогаш да не се оствари, но кој во суштина го анектираше македонскиот идентитет.

Го добивме НАТО, но по која цена? Откажување од името и Уставот, идентитетот и историјата. За една држава да промени име потребен е референдум на кој ќе се изјаснат граѓаните дали сакаат промена на име или не. Имавме и таков референдум но според властите беше само консултативен затоа што се знаеше пред време дали ќе се исполни. Референдумот не успеа, но сепак властите постигнаа успех да го променат она што е најболно – името на државата. Од толку многу држави низ целиот свет што го имаа признато името Република Македонија, се пропадна во вода.

Како најголема придобивка од овој договор е отворањето на патот за евроатлантските интеграции на Република Македонија, односно членството во НАТО кое сега е реалност, а и членството во ЕУ. Грција веќе 28 години ја блокираше Македонија во евроинтеграциите. Сега тоа е Бугарија. Членството во НАТО и ЕУ би требало на Македонија да ѝ донесат поголеми безбедносни гаранции, поголеми економски перспективи и развој, а со самата спогодба со Преспанскиот договор, предвидено е збогатување и интензивирање на соработката меѓу Грција и Македонија.

Со прифаќањето на официјалното и уставното име Република Северна Македонија и тоа за внатрешна употреба, се загрозува постоењето на македонската нација односно губење на националниот идентитет и се создаваат услови за појава на нов државно-национален хибрид. Исто така, голема конфузност дава толкувањето на терминот – nacionality, односно терминот ,,националност", кој според спогодбата гласи – државјанин на Република Северна Македонија. Дали овој термин се однесува исклучиво на државјанство или, пак, се однесува на националниот идентитет на граѓаните на државата.

Со Преспанскиот договор се прави рестрикција на националниот, државниот, историскиот, институционалниот идентитет и суверенитет на Македонија. Исто така, се ограничува правото на културно наследство, откажување на малцинствата, а се предвидува и смена на историските учебници, односно ќе се ревидира историјата на Македонија. Со овој договор, постоењето на Македонците во историјата се ограничува до седмиот век.

Најголемата придобивка за Грција е остварувањето на суштинските барања, а тоа е дека ја убеди Македонија да си го промени уставното име во сложено име со географска одредница што беше дел од нивната политика од 2008 година. Исто така, Грција успеа да постигне промени во Уставот на ПЈРМ, со тоа што се отстранија претенендирачките елементи. Таа успеа да ги оствари разликите помеѓу историјата на античка Македонија и историјата на ПЈРМ, иако се смета дека обидите за узурпација на историјата на античка Македонија беше само стратегија на владата на Никола Груевски и таа секако повеќе не е дел од стратегијата на официјално Скопје. Иако, овој договор, го признава јазикот ,,македонски", а тоа е единствената отстапка што Грција ја направи,

сепак таа издвојува победа со овој договор, затоа што сегашниот македонски јазик припаѓа во јужнословенските јазици.

Овој договор е болна тема за македонскиот народ, посебно затоа што се спроведе на сила, со пропаднат референдум но сепак уважен, со непочитување на волјата на народот кој до денес не го признава и не го почитува овој договор. Македонија изгуби многу, го изгуби највредното, а тоа е достоинството.

3.4. Спорот Србија-Косово

Поранешна Југославија се распадна во 1990 година а Косово беше регион во склоп на Федералната Република Србија. Југославија во 1974 година ја одобри косовската автономија, а во 1989 година, овој регион беше вратен од српскиот претседател Слободан Милошевиќ.

После распадот на Југославија во 1991 година, војната која започна во Хрватска, а после и во БИХ, се прошири и на Косово. Во 1998 година, се судрија српската полиција и Ослободителната војска на Косово (ОВК). Тогаш, војската на Милошевиќ изврши рација во села во кои живеат Албанци, и убиваше цивилно население. Во 1999 година, НАТО интервенираше во конфликтот. После 78 дена, Србите беа принудени да се повлечат од територијата на Косово.

За време на оваа војна, загинаа над 10.000 Косовци, од кои повеќе од 8000 беа Албанци, а 1 милион Косовци ги напуштија своите домови. Сепак, тензиите помеѓу Косово и Србија не се смирија и продолжија и во наредниот период.

Првата поголема криза беше во 2004 година, каде што во настаните наречени ,,Мартовски немири", загинаа 19 лица од кои 11 Албанци и 8 Срби.

Во 2005 година, Кофи Анан кој беше генерален секретар на ОН, го назначи Марти Ахтисари за специјален пратеник за Косово. Во 2007 година, Ахтисари кажува пред Советот за безбедност на ОН дека Косово треба да стане независно. Србија тоа инстантно го отфрли и предложи ,,надгледувана автономија", додека Косовското собрание прогласи едностарна независност на 17 февруари 2008 година.

Многу европски држави меѓу кои и Турција, веднаш ја признаа независноста на Косово. Денес, Косово е признато од 116 земји низ светот, но Србија не го признава и се уште не е прифатено да стане членка на ОН поради Русија која е најголемиот поддржувач на Србија.

Во 2011 година, започна дијалог кој беше со посредство на ЕУ за да се нормализираат односите помеѓу Србија и Косово. Но, тој процес е прекинат поради тензиите и настаните кои се случија во последните години.

Односите помеѓу двете земји се заостриј во 2018 година, со убиството на Оливер Ивановиќ кој беше претседател на Граѓанската иницијатива ,,Србија, демократија и правда" (СДП), на 16 јануари, 2018 пред неговата канцеларија во Северна Митровица на Косово.

Тогаш, состанокот помеѓу Србија и Косово кој беше планиран да се одржи во Брисел, беше откажан поради повлекување на српската страна.

Исто така, друго прашање кое е од голема важност за Косово е стапувањето на сила на Договорот за демаркација на границата со Црна Гора, кој беше потпишан на 26 август 2015 година. Претставниците на ЕУ изјавија дека визната либерализација ќе се овозможи со стапување на сила на овој договор.

За овој договор се дискутираше на седница која се одржа на 21 март. Пратениците на опозицијата, движењето Самоопределување, за време на седницата два пати фрлаа димни бомби и солзавец. Договорот помина со 80 гласа во Парламентот.

Меѓу Србија и Косово имаше уште еден инцидент кој предизвика големи тензии. Директорот на Канцеларијата на српската Влада за Косово, Марко Ѓурић, иако немаше дозвола од властите на Косово за влез во земјата, тој присуствуваше на собирот на 26 март во Северна Митровица. Тој беше притворен и однесен во полиција во Приштина, а потоа беше депортиран од земјата.

На почетокот на септември, во рамки на процесот на дијалогот во Брисел, Александар Вучиќ, претседателот на Србија и претседателот на Косово, Хашим Тачи, требаше да се сретнат со Федерика Могерини, високата претставничка на ЕУ за надворешна политика и безбедност. Најпрво одделно требаше да се разговара, а потоа и тројна средба. Но, српскиот лидер Вучиќ, истакна дека се многу далеку од договор, и дека нема потреба од тројна средба, односно не сакаше да се сретне со Хашим Тачи.

После враќањето од Брисел, Вучиќ, требаше да го посети Косово во септември. Тој изјави дека посетата ќе ја започне од браната Газивода, која е голем хидроенергетски потенцијал и понекогаш предизвикува напнатост помеѓу двете земји. Сепак, косовските власти не ја дозволија посетата, но министерот за надворешни работи на Косово, Пацоли, поради голем притисок од ЕУ, му дозволија на Вучиќ да ја посети браната Газивода. Исто така, претседателот на Косово, Тачи, ја посети браната Газивода и тоа беше коментирано како одмазда.

Србија му поставува пречки на Косово за членството во ИНТЕРПОЛ – Меѓународната организација за криминалистичка полиција. Тоа даде друга димензија на големата криза помеѓу двете земји. Косово изрази разочарување затоа што се гласаше против нивното зачленување во ИНТЕРПОЛ.

Во време кога тензиите беа сè уште свежи, со препорака на министерот за трговија и индустрија на Косово, беше донесена одлука да се воведе 100 отсто царина за увезени производи од БИХ и Србија. Тоа така треба да остане сè додека Србија не го признае Косово. Поради ова, високата претставничка Могерини реагираше за Косово да ја повлече одлуката што е можно поскоро, но Косово не го направи тоа.

Рускиот претседател Путин, во време на неговата официјална посета на Србија, се сретна со претседателот Вучиќ и кажа дека неодговорните чекори на Косово можат да резултираат со дестабилизација на Балканот, затоа што Косово состави своја армија и ги поскапи цариниte за српските производи.

Кога ќе ги разгледаме почетоците на косовскиот конфликт, гледаме дека способностите на ЕУ како сила на регионот, се покажаа многу ограничени, а нејзината безбедносна и надворешна политика недоволно подготвена, фокусирана на зададената задача. За да се спречи крвопролевање, постоеше едностранa, недвосмислена зависност од мерките на силата на НАТО.

ЕУ продолжи со развој на сопствени пристапи кон регионот, а свесна за слабоста на својата воена димензија, така што таа водеше дипломатски разговори, преговори и промовираше норми. Целта ѝ беше да се позиционира како лидер кој ќе биде вородостоен на континентот и соседството и да ги покаже своите вредности. Оттука се потпиша Бриселскиот договор, кој беше потпишан меѓу премиерите на Косово и Србија, и тоа беше чекор кон поширока интеграција и стабилност на Западен Балкан во ЕУ.

[22]Сепак, некои, како на пример генералниот секретар на НАТО, Расмусен, ја изразија својата загриженост дека меката сила на ЕУ „вистински не претставува сила". Тој изјавува дека Европската Унија не може да биде кредибилна регионална сила доколку не може да ги поддржи своите дипломатски чекори со воени и економски мерки. Во однос на спорот меѓу Србија и Косово, покрај тоа што Расмусен го ценеше позитивниот исход од медијацијата на ЕУ, тој сепак потсети дека успехот на Бриселскиот договор зависи исклучиво од способноста на НАТО да обезбеди мирно спроведување на процесот.

Многумина уепехот за решавање на спорот меѓу Србија и Косово ќе ѝ го препишат на ЕУ, но сепак всушност дали тој спор е решен? И дали ЕУ има успех во неговото решавање? Многубројните блокади и поделбата меѓу овие две земји и секако недостатокот на универзално признавање на независноста на Косово, кажува дека успехот на ЕУ е преистакнат и преценет. Кога ќе ги видиме воените интервенции кои беа неопходни за постигнување на прекин на огнот, тогаш сомневањето за улогата на ЕУ станува уште поизразено.

[23]Потенцијалот да се стане членка на ЕУ се смета за најмоќен инструмент што ЕУ го има кога се занимава со земјите во поширокиот европски регион. Ова го изјавува и Оли Рен, комесар за проширување, кој ја смета мотивацијата за членство како силна алатка на меката моќ што ЕУ ја има на располагање, со цел да ги реформира другите земји во просперитетни демократии.

[24]ЕУ ја дава „членската карта" како награда за усогласеноста на земјата со стратешките интереси на Унијата. Проширувањето стана алтернативна мерка за економска помош, бидејќи не дава директни финансиски бенефити што може да се толкуваат како „меѓународно мито", туку нуди потенцијал за долгорочен раст и развој по стапките на успешните земји-членки на ЕУ. Токму тоа ги поттикна сите земји од Западен Балкан да работат на отворање на пристапните преговори. Нај, зборува за успехот на оваа тактика на мека моќ од страна на ЕУ, наведувајќи дека „целта да се стане дел од ЕУ стана магнет, што значи дека целиот регион на Источна Европа е ориентиран кон Брисел".

Косово и Србија не се исклучок од погоренаведеното, затоа што и двете земји ја изразија својата желба за пристапување во ЕУ. Оттука, се отвори можност ЕУ да го продлабочува регионалното лидерство преку демонстрација на способност да преземе одговорност во процесите помеѓу двете држави. Србија ја истакна својата апликација за членство во ЕУ во 2009 година, и поминува низ процес воден од страна на ЕУ, со онаа

[22]Andrew Rett man, *"NATO Chief: EU Soft Power is 'No Power at All'",* EUobserver, May 6, 2013, htt ps://euobserver.com/defence/120046
[23]Tulmets, *"Can the Discourse on 'Soft Power' Help the EU"*, 201.
[24]Nye, *Soft Power: The Means to Success in World Politics*, 77.

брзина која се смета за неопходна за да се усогласи српската политика кон Косово, кон другите области во внатрешната политика и кон Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија.

Поради тоа што непризнавањето на независно Косово од Србија предизвика компликации за проектот на ЕУ за интеграција и стабилизација на регионот на Западен Балкан, токму таа можност за членство беше употребена за српската влада да прифати одредени услови преку забавување или забрзување на процесот на претпристапните преговори.

ЕУ потпишува Привремена спогодба и договор за стабилизација и асоцијација со Србија во април 2008 година. Тоа се случува после два месеци од едностраното прогласување на независноста на Косово. На многу сличен начин, земјата доби статус на кандидат после исполнување на барањата за апсење на последните воени бегалци и нивна екстрадиција.

[25]Најголемиот моментум на меката политика на ЕУ се случи во април 2013 година, кога високиот претставник на ЕУ, Кетрин Ештон, со можноста за членство како адут во преговорите, посредуваше во договор меѓу премиерите на Косово и на Србија, кој има за цел да ги усогласи односите меѓу двете држави. Договорот беше релативен успех и Србија и Косово покажаа конструктивен пристап во преговорите: Србија за првпат го прифати административниот авторитет на владата на Приштина над косовската територија, додека Косово се согласи на децентрализирана заедница на српски општини на северот на земјата.

Сепак, Европската Унија не успеа да ја наговори Србија да го признае Косово. Нејзината мека сила успеа само толку, затоа што досега нема некои значителни промени или некое ублажување на политиката на Србија кон Косово. Како што кажува Гвоздев:[26],,Европската Унија се одлучи за прагматизам“ во овој момент, проценувајќи го степенот на своите способности од доменот на меката моќ, и целејќи кон дополнителни отстапки од страна на Србија во претпристапните преговори”.

Времето ќе покаже дали на овој начин ќе се постигне некоја успешна тактика во надворешната политика. Бриселскиот договор во Косово е уште послаб, затоа што имаше обиди од внатрешни актери и масовни протести за да се сопре спроведувањето на косовскиот дел од договорот – воспоставување на Здружение на српски општини. Сепак, токму политичарите кои фрлија солзавец во косовскиот Парламент во 2015 година, за да го блокираат ова здружение и да не ги почитуваат условите од Бриселскиот договор, беа избрани во владата на Косово. На тој начин, преговорите помеѓу Косово и Србија се во застој.

Можноста за членство во ЕУ кон Косово е многу голем залак затоа што пет земји членки не го признаваат Косово како независна земја и тоа претставува голема пречка за сите идни кандидатури кои Косово ќе ги поднесе за да пристапи во ЕУ. Спрема околностите, досегот на меката моќ на ЕУ може да е толку добар колку и нејзиниот кредибилитет за подготвеност за конечно да го вклучи Косово во семејството на ЕУ, ако

[25]Nikolas K. Gvosdev, *“Kosovo and Serbia Make a Deal: Debalkanazing the Balkans”, Foreign Affairs*, April 24, 2013
[26]Gvosdev, *“Kosovo and Serbia Make a Deal”*

Косово ги исполни пропишаните критериуми за пристап. [27]Договорот за стабилизација и асоцијација со Косово беше иницира во 2014 година, а изјавите на ЕУ го потврдија потенцијалот за членство на Косово како дел од интеграцијата на поширокиот регион на Западен Балкан во ЕУ. Поделбата на земјите кои се членки околу перспективите и статусот на Косово, останува на позиција на статус-кво.

ЕУ од 2000 година па сè до денес, континуирано дизајнира надворешни политики кои во соседните земји поттикнуваат ширење на нејзините идеали и норми, како на пример, демократијата и пазарната економија. [28]Спогодбите за стабилизација и асоцијација понудени на Србија и на Косово вклучуваат неколку клучни демократски принципи коишто треба да се почитуваат, како што се почитувањето на човековите права, владеењето на правото, добрососедските односи и слободната пазарна економија.

ЕУ во декември 2009 година, го укина визниот режим за српските граѓани, и на тој начин стана лесно и достапно да се посетуваат земјите од ЕУ, културните обележја, политичките гледишта во рамки на ЕУ и нормите на однесување, а тоа подоцна води кон увоз и усвојување на тие исти вредности во нивната сопствена држава. Во Косово, медиумите и изјавите на претставниците на ЕУ го зајакнуваат локалното воодушевување од меѓувладиниот економски гигант и помагаат да се дифузираат нормите на ЕУ. Во очите на сите граѓани, ЕУ се претставува како најголем мировен проект после Втората светска војна и извонреден сојуз кој придонесува за меѓусебна соработка меѓу земјите. Затоа, Косово и Србија посакуваат да станат членки на ЕУ, затоа што го посакуваат тој мир и таа стабилност дома.

Сепак, последната анкета во Србија, јуни 2017 година, покажува дека само 49 отсто од Србите сакаат нивната земја да стане членка на ЕУ. Ова е пад од 21 процент споредено со поддршката за членство во ЕУ во 2009 година кога околу 70 отсто од Србите посакуваа членство. За разлика од Србија, податоците од Косово не се достапни.

ЕУ од 2000 година, спроведува политика кон Западен Балкан која е концептуализирана на начин кој отелотворува нова форма на авторитет кој е заснован на дипломатски легитимитет, нормативна привлечност и договорни спогодби. Нејзината цел беше независно посредување во европските конфликти и доведување на двете страни од спорот меѓу Косово и Србија заедно на една маса за преговори, а тоа би довело стабилизација на регионот.

Сепак, Косово сè уште важи за една од најкорумпираните држави во светот. Правосудството и медиумите се оковани од политиката. Нелегалната трговија со дрога, луѓе и оружје се најважни економски сектори. Невработеноста е многу голема и тој што има шанси емигрира во Западна Европа. Исто така, ситуацијата во Србија е скоро иста, и покрај тоа што земјата е кандидат за членство во ЕУ. Како можен датум за влез во ЕУ е 2025 година. Но, иако ЕУ веќе со години посредува меѓу непријателски настроените соседи, сепак не се направени големи чекори за да се ублажи долготрајниот конфликт.

Напредок нема во решавањето на овој спор, иако САД и ЕУ ставија на располагање експерти и дипломати, дури и милијарди евра. Состојбата не е подобрена, напротив, повеќе е заострена. Комуникацијата меѓу Приштина и Белград е прекината.

[27]Lippert, *"Policies toward Southeast Europe",* 327.
[28]Lippert, *"Policies toward Southeast Europe",* 329.

Поради царината што Косово и ја воведе на Србија, таа има загуби од над 100 милиони евра.

Постојат големи пречки кои спречуваат да се пронајде решение за овој спор. Никој нема интерес конфликтот да се реши брзо и трајно. Вучиќ како претседател има тактика заедно со Путин, затоа што Москва нема интерес овој спор да се реши засекогаш. На тој начин, Русија би го загубила своето влијание во овој регион. Затоа, Русија става вето на Косово во Советот за безбедност и цврсто ја врзува Србија како свој сојузник од Западен Балкан.

Претседателот Вучиќ како десна рака на Слободан Милошевиќ, долги години е на власт во Србија, и дури сега, пак, оствари победа. Тој вети дека ќе изнајде решение за Косово и поради тоа Запад му даде одврзани раце на внатрешнополитичкиот план. Никој не го критикува Вучиќ, за тоа дека изгради автократски систем. Ако, тој го реши овој проблем, тогаш посебниот третман од Запад ќе го снема, и тој ќе биде критикуван за злоупотреба на демократските институции, а исто така и на контролата врз медиумите и правосудството. Белград, секоја година префрла 500 милиони евра на српското малцинство во Косово, и истите се трошат без контрола, а дел од нив завршуваат и во приватни џебови. Исто така, и косовските политичари не се заинтересирани за мир со соседна Србија, а нивниот углед се должи на нивното антисрпство.

САД и ЕУ имаат други поважни проблеми и го оставија Балканот на страна, и ја намалија својата заложба за решавање на овој конфликт. Се укажува дека спорот е замрзнат меѓутоа немирите продолжуваат и не се намалуваат.

Србија и Косово многу тешко ќе постигнат договор, затоа што ниедна земја не попушта. Косово се смета за лулка на Србите, за нивната култура и нација, со бројни средновековни православни манастири и цркви кои имаат огромно културно и историско значење.

Србија беше страна која е губитничка, страна која беше осудена во сите војни во поранешна Југославија. Милошевиќ загуби во 2000 година поради тоа што Србија беше понижувана и поразувана повеќе од една деценија, а тоа кулминираше со бомбардирање на НАТО во 1999 година.

Последниве години, Србите се често прашувани дали сакаат членство во ЕУ во замена за признавање на Косово. Огромно мнозинство од нив кажува ,,не", затоа што Косово е емотивно прашање, а ЕУ не успеа никогаш да ги освои симпатиите на луѓето. Исто така, Србија е понижено општество и тешко е да прифати признавање на Косово и со тоа да биде единствената држава од поранешна Југославија која загубила дел од својата територија.

Доколку дојде до промена на границите на Србија со Косово во решавањето на нивниот спор тогаш би се отворила големата пандорина кутија на Западен Балкан, но исто така и во други држави во светот. Менувањето на границите би довело до голема нестабилност во Македонија и Босна и Херцеговина, но исто и во други држави како на пример Украина и Грузија. Ако Косово и Србија сакаат да бидат демократски земји и членки на ЕУ, нема причина зошто малцинствата не би останале онаму каде што се – во границите кои постојат.

Со распаѓањето на поранешна Југославија започнаа сите проблеми на Балканот. Ако уште постоеше немаше да се случува ова што се случува во никоја земја. Само

Словенија остана имуна на немири и војни. Каде е таа, а каде сме сите ние што останавме сами. Секоја земја си има своја рана и тешко дека немирите ќе се смират и нема да продолжат. Секој договор има свои отстапки, секоја земја е понижена и поразена од големите сили за да се спроведуваат постигнатите договори. Сепак, само албанското малцинство има привилегии кај големите сили. Каде се тука другите малцинства? Ако постои правда, треба да има правда за сите.

ГЛАВА 4

4. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

4.1. Предмет на истражување

Меѓународната заедница се бори против организираниот криминал, нелегалната трговија, се бори да постои зголемена транспарентност, да се подобрат пограничните контроли, да дојде до зголемен економски развој, да се зголеми свесноста за заштита на животната средина, да постои стабилност во регионот на Западен Балкан и да се гради заемна доверба на поле на одбраната и безбедноста.

На патот на Западен Балкан кон Европа, постојат голем број на пречки и потешкотии, но повеќето земји прават значителен напредок. Земјите на Западен Балкан се обидуваат да ги реформираат застарените економии и да градат општества кои ќе бидат современи и кои ќе се засновани на почитување на човековите права и владеење на правото. Во исто време, тие се соочуваат со последиците од војните. Како суштина на ЕУ се добрососедските односи и регионална економска соработка, и тие претставуваат катализатор за помирување, стабилност и нормализирање на политичките односи.

Предмет на ова истражување претставува улогата на меѓународните организации за постигнувањето на политички договори, и колку тие договори ќе донесат бенефиција за земјите од Западен Балкан. Какво влијание ќе имаат тие мировни договори врз економијата и животот на земјите од регионот, дали вредеа да се потпишат и дали се оправдани од мнозинството на граѓани во тие земји или се потпишаа под влијание на ЕУ и целиот свет.

Народот во Западен Балкан посакува мир и стабилност во регионот, никој не посакува војни и немири, па оттаму прифати да се потпишат мировните договори кои според анализата што ќе ја направиме во овој магистерски труд ќе видиме дали ќе се оправдаат целите на тие мировни договори или ќе останат само договори „потпишани на хартија".

4.2. Рамка на истражување

[29]Терминот Западен Балкан претставува политичка конструкција на Европската Унија за регионот во чиј состав влегуваат: Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Македонија и Албанија.

Западен Балкан е регион кој на крајот на XX век беше соочен со големи закани по безбедноста и мирот, па затоа во претходниов период главното внимание во овој регион се насочи кон воспоставување на мирот и стабилноста. Во тие рамки, после конфликтите, со градењето на мирот во Западен Балкан, покрај останатите сегменти, значајно место заземаат и меѓусебните соработки на државите во овој регион.

[30]Во тој контекст, целта на регионалната соработка во Западен Балкан е насочена кон обезбедување на долгорочна стабилизација на регионот. Со оглед на тоа што терминот долгорочна стабилизација меѓу другото подразбира и делување во насока на минимизирање и елиминирање на можностите за појава на конфликти, произлегува дека регионалната соработка е во тесна корелација и со превенцијата на конфликти. Тука, треба да се има предвид дека превенцијата на конфликти се дефинира како долгорочна стратегија која претставува составен дел на предконфликтното, но и на постконфликтното градење на мирот. Во првиот случај таа треба да ги отстрани потенцијалите и причините за насилно однесување, додека во вториот случај треба да го спречи повторното возобновување на насилството.

На тој начин, целта на регионалната соработка во регионот на Западен Балкан, од аспект на превенција на конфликти треба да се насочи кон елиминација на можностите за обнова на вооруженото насилство во регионот.

Низ призма на соработка во економската, политичката и воено-безбедносната сфера, овој магистерски труд прави и една анализа на регионалната соработка како фактор за превенција на конфликтите во Западен Балкан како и мировните договори кои придонесуваат за мирно решавање на споровите. Главен проблем кон кој се насочува ова истражување е регионалната соработка помеѓу државите на Западен Балкан со цел да се исполнат условите за влез во ЕУ и НАТО, како и мирното решавање на споровите во овој регион според меѓународните договори.

Земјите од Западен Балкан секогаш вложуваат големи напори за да привлечат странски инвестиции кои ќе овозможат: обнова на застарената технологија, прилив на капитал, поттикнување на економскиот развој, стекнување на нови знаења за менаџмент и др. Ако се постави прашањето од каде се инвестициите во овој регион, повеќето анализи ќе укажат дека најчести инвеститори во Западен Балкан се земјите од Европа и земјите кои се членки на ЕУ. Причините лежат во поволната географска положба на овие земји, евтината работна сила и близината што ги намалува трошоците во транспортот.

Основни предуслови за обезбедување на поволна бизнис клима, за странски инвестиции и отворање работни места, за економски развој и благосостојба се: јакнењето на борбата против корупцијата и организираниот криминал, функционалното и независно судство и институционалниот развој. Соработката во овие сфери треба да

[29]Во терминологијата на Европската Унија, терминот Западен Балкан се употребува рамноправно со терминот Југоисточна Европа од 90-тите год. на минатиот век. Својата структурно-политичка форма терминот ја добива на Хелсиншкиот самит на ЕУ во 1999 год.

[30]Георгиева Л.. *„Превенција на конфликти": Од идеја кон култура за превенција на конфликти во Македонија*; Фридрих Еберт, Скопје 2004.стр.12

биде висок приоритет на владите на земјите од овој регион. Размената на искуства, соработката во поединечни области на овие земји со блиска традиција и култура се клучни во достигнување на стандардите за влез во ЕУ и НАТО.

Добрососедските односи, превенцијата од конфликти, регионалната соработка преку мировните договори како катализатор за помирување, стабилност и нормализирање на политичките односи на Западен Балкан, се сметаат како основни поими во ова истражување.

4.3. Генерална хипотеза

Меѓународните мировни договори се еден од инструментите за регионална безбедност и меѓусебна соработка на државите во Западен Балкан, вклучувајќи ја и Македонија. Со овие мировни договори, државите можат поефикасно да соработуваат меѓусебно, да имаат заеднички цели и учества во мировните мисии. Секако, во тие мировни договори има и многу незадоволни страни, една страна секогаш ќе биде незадоволна, но најважен е мирот и стабилноста, како и напредокот на Западен Балкан.

4.4. Посебни хипотези

Државите од Западен Балкан со цел да станат членки на НАТО и ЕУ преку заедничка аспирација, развиваат една нова клима на односи која е потпомогната од меѓународните институции.

Добрососедските односи и регионалната соработка се дел од суштината на Европската Унија. Борбата против тероризмот, организираниот криминал и корупцијата кои сè уште владеат на овие простори се примарни цели на секоја држава. Институционалниот развој доведува до пазарна либерализација и економски развој кои придонесуваат за мир, напредок и стабилност во регионот, а на тој начин и избегнување на конфликтите.

Намалувањето на нееднаквоста меѓу земјите од регионот влијае на нивниот напредок за влез во ЕУ и НАТО.

4.5. Методи на истражувањето

Во овој труд, проблемот што ќе се истражува опфаќа повеќе методи на истражување. Сепак, воглавно ќе се користат методи на секундарно истражување преку анализа на постојните политики, литература и податоци. Исто така, методите кои ќе се користат во истражувањето се методи на индукција и дедукција, а исто и статистичкиот метод кој ќе се користи за анализа на податоците. За да се заокружат резултатите од истражувањето, најопфатени ќе се методите на синтеза и анализа.

Во спроведувањето на ова истражување, како главни техники се користеа анкетирањето и скалирањето.

На тој начин се користеа следниве инструменти за истражување:

- анкетен прашалник за членови во невладини организации,
- скала на ставови за членови во невладини организации,
- анкетен прашалник за студенти на Правен факултет,
- скала на ставови за студенти на Правен факултет,
- анкетен прашалник за локалната средина и централна власт во врска со мировните договори,
- скала на ставови за локалната средина и централна власт во врска со мировните договори.

Примерокот за истражување го сочинуваа:

- 20 членови во невладини организации (анкетен прашалник)
- 30 студенти на Правниот факултет (анкетен прашалник)
- 20 членови во невладини организации (скала на ставови)
- 30 студенти на Правниот факултет (скала на ставови)
- 50 испитаници од локалната средина и централна власт (анкетен прашалник)
- 50 испитаници од локалната средина и централна власт (скала на ставови)

4.6. Спроведување на анкетен прашалник

Истражувањето се спроведе во институции главно во Преспанскиот Регион, каде се опфатија неколку невладини организации, Општината и централната власт за подоцна да се прошири во Охридскиот и Битолскиот Регион каде се опфатија уште неколку невладини организации и претставници на локалната самоуправа како и студенти од Правниот факултет во Скопје. Тоа беше направено со цел да се добијат поголем број на мислења од повеќе региони. Се анкетираа околу 100 испитаници меѓу кои: претставници на невладини организации, студенти на Правниот факултет во Скопје, стручни соработници, административни службеници и претставници од локалната самоуправа. Анкетирањето беше извршено пролетта 2022 година. Прашалникот содржеше 35 искази од затворен тип и беше анонимен за да се соберат поверодостојни податоци. Сите собрани податоци се анализираа, а заклучоците се сумираа.

Со спроведувањето на ова истражување, треба да се потврдат посебните хипотези на овој труд и да се утврди дали меѓународните договори за мирно решавање на споровите во Западен Балкан ќе придонесат за успешно спроведување на реформите кои се бараат од меѓународните заедници и организации, дали сепак на крај вредеа и беа за доброто на секоја држава, и дали државите од Западен Балкан ќе станат членки на ЕУ и НАТО после потпишувањето и спроведувањето на мировните договори.

Истражувањето се спроведе на случаен избор на испитаници, кои се вработени во институциите и организациите, и им беше доделен примерок од анкетниот прашалник. После неговата обработка, структурата на анкетираните примероци за 100 испитаници е следна:

- 46% од анкетираните се од женски пол, а 54% се од машки пол.

- Најголем процент од испитаниците или 32% беа на возраст од 30-39 години, потоа следуваат испитаниците на возраст од 40 до 49 години со 23%, од 50-59 години 20%, од 20 до 24 години 20% и 5% со возраст над 60 години.

- 34% имаат стаж во институциите помеѓу 6 до 10 години, од 1 до 5 години 26%, од 11 до 20 години 23%, од 21 до 30 години 14% и над 30 години 3%.

- 20% од анкетираните испитаници се членови на невладини организации, 7% се стручни соработници, 30% се административни службеници, 20% се претставници на локалната власт и 23% се студенти на Правниот факултет.

- 45% од анкетираните имаат VII степен на стручна подготвеност, 37% имаат средна стручна подготвеност и 18% имаат VI степен на стручна подготвеност.

4.7. Анкетен прашалник и квантитативна анализа на одговорите

Главната поента на ово истражување е да се соберат фактографски податоци за мислењата на граѓаните во однос на меѓународните договори и организации. Ова истражување беше спроведено со цел да се собере фактографски материјал за теоретска и емпириска анализа на политичките настани и ситуации после мировните договори.

Исто така, ова ќе овозможи да се прибираат и интерпретираат информации за начинот на кој граѓаните изразуваат ставови и чувства за разни ситуации после повеќе години од потпишувањето на договорите. Податоците се собрани после едномесечна работа на терен. После процесот на прибирање, беше започнат процес на обработка и интерпретација на собраните фактографички материјали.

Прашањата што следат се дел од анкетниот прашалник кој содржи 35 прашања во врска со имплементацијата на меѓународните мировни договори, меѓународните организации и политичката состојба во земјите од Западен Балкан.

За спроведеното истражување се користеше скалирање со скала на ставови од Ликертов тип. Во скалирањето се поставени 4 можни ставови од: **4 - Целосно се согласувам до 1 - Воопшто не се согласувам**. Испитаниците го искажаа своето мислење со обележување на степенот на согласност со дадениот став. Резултатите се презентирани во табела.

Ред. бр.	Констатација	Мислење на испитаниците				
		4	**3**	**2**	**1**	**просек**
1.	Меѓународното право е значајно за политичките спорови во земјите од Западен Балкан.	0	0	13	87	**1.13**
2.	Човековите права се запазени.	30	45	25	0	**3.05**
3.	Селективно се применуваат човековите права.	55	28	0	17	**3.21**
4.	Мировните договори на Западен Балкан придонесоа за имплементирање на државите од овој регион во ЕУ и НАТО.	20	26	12	42	**2.24**
5.	Земјите од Западен Балкан ќе станат членки на ЕУ во скоро време.	20	14	10	56	**1.98**
6.	Преспанскиот меѓународен договор влијаеше добро за Република Македонија за влез во НАТО.	45	23	17	15	**2.98**
7.	Вредеше да се додаде географската одредница Република Северна Македонија со уставна измена на името Република Македонија.	5	8	0	87	**1.31**
8.	Се почитуваше правото на самоопределување во спроведувањето на Преспанскиот меѓународен договор.	3	10	0	87	**1.29**
9.	Преспанскиот меѓународен договор ќе и помогне на Република Македонија да стане членка на ЕУ.	7	9	6	78	**1.45**
10.	Ќе гласам за промена на името Република Македонија ако има повторен референдум.	10	3	0	87	**1.36**
11.	Преспанскиот меѓународен договор се почитува и после потпишувањето.	11	14	5	70	**1.71**
12.	Со Преспанскиот меѓународен договор конечно се решија споровите со Република Грција.	18	12	6	64	**1.9**
13.	Потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор придонесе за прекин на воените дејствија во Босна и Херцеговина.	64	22	12	2	**3.48**
14.	Дејтонскиот мировен договор придонесе за стабилноста на Босна и Херцеговина како држава.	60	24	11	5	**3.39**
15.	Постојат политички контроверзности околу суверенитетот на Босна и Херцеговина.	58	13	16	13	**3.16**


16.	Дејтонскиот мировен договор се почитува после потпишувањето.	54	26	14	6	**3.28**
17.	Дејтонскиот мировен договор ќе ѝ помогне на Босна и Херцеговина да стане членка на ЕУ и НАТО.	20	32	15	33	**2.39**
18.	Независноста на Косово придонесе за стабилност во овој регион.	15	40	10	35	**2.35**
19.	ЕУ има сериозен пристап кон земјите од Западен Балкан за нивен влез во нивниот сојуз на држави.	5	16	14	65	**1.61**
20.	Распадот на СФРЈ вредеше за земјите од Западен Балкан.	5	15	8	72	**1.53**
21.	Заедничкиот пристап на Македонија и Албанија за влез во ЕУ е корисен за двете држави.	50	27	11	12	**3.15**
22.	Македонија и Бугарија имаат заедничка историја.	15	15	12	58	**1.87**
23.	Треба да ја продадеме македонската историја и да станеме членка на ЕУ.	0	8	0	92	**1.16**
24.	Македонија во блиска иднина ќе стане членка на ЕУ.	3	13	0	84	**1.35**
25.	ЕУ ќе се распадне како сојуз.	54	17	16	13	**3.12**
26.	Македонија треба да ги прекине сите процеси на преговори со Бугарија.	89	5	0	6	**3.77**
27.	Охридскиот рамковен договор придонесе за мир и стабилност во Македонија.	10	49	29	12	**2.57**
28.	Со Охридскиот рамковен договор се намалија правата на Македонците.	76	16	8	0	**3.68**
29.	Охридскиот рамковен договор треба постојано да се негува и збогатува за да има соживот и меѓусебна доверба.	5	20	14	61	**1.69**
30.	Улогата на ООН е значајна за мирно решавање на спорови помеѓу државите од минатото и сегашноста од аспект на воените дејствија помеѓу Русија и Украина.	43	27	18	12	**3.01**
31.	ООН придонесува да се постигнат мирни преговори.	42	33	13	12	**3.05**
32.	Улогата на ООН е минималистичка од денешен аспект на моменталниот воен конфликт.	62	13	18	7	**3.3**
33.	Воениот конфликт во Украина е дело на ЕУ и САД.	62	23	8	7	**3.4**

34.	Македонија имаше бенефиции од ООН за време на конфликтот во 2001 година.	3	13	20	64	**1.55**
35.	ООН ќе се потруди да го реши конфликтот во Украина.	8	22	15	55	**1.83**

Скала на ставови и мислења:

31 - Воопшто не се согласувам; 3 - Делумно се согласувам;
2 - Не се согласувам; 4 - Целосно се согласувам.

1. Со констатацијата дека меѓународното право е значајно за политичките спорови во земјите од Западен Балкан позитивно одговориле 87% од испитаниците додека 13% одговориле дека делумно се согласуваат со овој исказ, што значи дека меѓународното право треба да се негува во политичките спорови за земјите од Западен Балкан. Процентуално би изгледало вака:



2. Со тврдењето дека човековите права се запазени, повеќето од испитаниците не се согласија, така што 30% одговорија со воопшто не се согласувам, 45% одговорија дека не се согласуваат, а 25% со делумно се согласувам. Оттука може да се види дека висок процент од испитаниците сметаат дека човековите права во спроведувањето на мировните договори воопшто не се почитуваат, а тоа е еден голем минус на меѓународните организации.



3. Со третата констатација дека селективно се применуваат човековите права целосно се согласија 55% од испитаниците, 28% делумно се согласија, а 17% воопшто не се согласија. Според тоа може да се види дека повторно човековите права се запазени само за поединечни народи. На пример, за македонските малцинства во Бугарија и Грција, човековите права не се запазени воопшто. За разлика од нив, албанското малцинство во Македонија ги ужива сите човекови права.



4. Со ставот дека мировните договори на Западен Балкан придонесоа за имплементирање на државите од овој регион во ЕУ и НАТО, целосно се согласија 20% од испитаниците, 26% делумно се согласија, 12% не се согласија а 42% воопшто не се согласија. Според ова анкетирање може да се види дека ставовите се изедначени отприлика, некои мислат дека мировните договори придонеле за имплементирање на нивните држави во меѓународните организации, а други дека тие не придонеле. Сепак, поголем е процентот за несогласувањето со овој став затоа што преминува повеќе од 50%, што значи дека повеќето луѓе не се согласуваат со овој став.



5. Со тврдењето дека земјите од Западен Балкан ќе станат членки на ЕУ во скоро време, воопшто не се согласија 56% од испитаниците, 10% не се согласија, 14% делумно се согласија, а 20% целосно се согласија. Процентуално, гледаме дека висок процент од анкетираните не се согласуваат со ова тврдење што значи дека мировните договори сепак можеби и не придонесуваат многу за земјите од Западен Балкан за да станат членки на ЕУ. Тука се наоѓа и Македонија, која направи сè за да стане членка на ЕУ но сепак не вредеше.



6. Преспанскиот меѓународен договор влијаеше добро за Република Македонија за влез во НАТО, како тврдење помина добро кај анкетираните каде што целосно се согласија 45%, делумно се согласија 23%, не се согласија 17% и 15% воопшто не се согласија. Процентуално, испитаниците мислат дека Преспанскиот мировен договор беше клучната алка за влез на Македонија во НАТО, но сепак која цена ја плати Македонија за да стане членка на оваа воена организација.



7. Со констатацијата дека вредеше да се додаде географската одредница Република Северна Македонија со уставна измена на името Република Македонија, висок процент од испитаниците воопшто не се согласија. 87% одговорија дека воопшто не се согласуваат, 8% делумно се согласуваат, а 5% дека целосно се согласуваат. Според одговорите, може да се заклучи дека народот во Македонија не ја посакуваше оваа географска одредница. Можеби малцинствата во Македонија повеќе се согласуваат со оваа констатација но правиот Македонец нема да се согласи.



8. Тврдењето дека се почитуваше правото на самоопределување во спроведувањето на Преспанскиот меѓународен договор, исто така, не помина добро кај анкетираните лица. Повторно високи 87% одговорија дека воопшто не се согласуваат, 10% дека делумно се согласуваат, а 3% дека целосно се согласуваат. Според процентот, правото на самоопределување на Македонците воопшто не се почитуваше. Во ниедна држава во светот го нема ова што се случи во Македонија. Смена на своето државно име поради интересите на друга држава.



9. Со констатацијата дека Преспанскиот меѓународен договор ќе ѝ помогне на Република Македонија да стане членка на ЕУ, повторно висок беше процентот на испитаниците кои не се согласуваат со овој став. Дури 78% одговорија дека воопшто не се согласуваат, 6% дека не се согласуваат, 9% дека делумно се согласуваат, а 7% дека целосно се согласуваат. Оттука, може да се заклучи дека сепак Преспанскиот меѓународен договор можеби влијаеше за влез на Македонија во НАТО но сепак не може да влијае за влез во ЕУ. А претходно, тоа беше условот на ЕУ за Македонија да стане нивна членка.



10. Со ставот дека ќе гласам за промена на името Република Македонија ако има повторен референдум, 87% од испитаниците се изјаснија дека нема да гласаат за промена на името, 3% дека делумно се согласуваат, а 10% дека ќе гласаат за промена на името Република Македонија. Може да се констатира дека голем процент од населението во Македонија не сакаше промена на државното име. Но, тогашниот референдум сепак беше консултативен и не беше важно мислењето на народот.



11. Преспанскиот меѓународен договор се почитува и после потпишувањето. Оваа констатација наиде на негативности и несогласувања помеѓу испитаниците а тоа процентуално изгледа вака: 70% одговорија дека воопшто не се согласуваат, 5% дека не се согласуваат, 14% дека делумно се согласуваат и 11% дека целосно се согласуваат дека Преспанскиот договор се почитува. Според прикажаното, може да се заклучи дека Преспанскиот договор се почитува само на хартија, само поединци ја употребуваат географската одредница „Северна".



12. Како констатација дека со Преспанскиот меѓународен договор конечно се решија споровите со Република Грција, не се согласија повеќето од испитаниците. Според процентите тоа изгледа вака: 18% одговорија дека проблемите со Грција се решиле, што значи дека целосно се согласија со оваа констатација, 12% делумно се согласија, 6% не се согласија и 64% воопшто не се согласија. Според прикажаното, се гледа дека и оваа констатација наидува на негативности и несогласувања. Проблемите со Грција нема да се решат во скора иднина, а овој договор е потпишан без да се почитува волјата на народот.



13. Со тврдењето дека со потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор се придонесе за прекин на воените дејствија во Босна и Херцеговина, мислењата беа поделени, но сепак поголем беше процентот на согласување со овој став. 64% целосно се согласија, 22% делумно се согласија, 12% не се согласија и 2% воопшто не се согласија. Можеби Дејтонскиот мировен договор придонесе за прекин на огнот но сепак проблемите во БиХ останаа до ден денес.



14. Со тврдењето дека Дејтонскиот мировен договор придонесе за стабилноста на Босна и Херцеговина како држава, повторно беа поделени мислењата, но сепак процентуално согласувањето со овој став беше поголемо. Еве како изгледаше делбата на процентите: 60% целосно се согласија со овој став, 24% делумно се согласија, 11% не се согласија и 5% воопшто не се согласија. Според прикажаното, Дејтонскиот мировен договор можеби придонесе за стабилност и мир во БиХ, но како што рековме не придонесе за решавање на меѓуетничките проблеми.



15. Со ставот дека постојат политички контроверзности околу суверенитетот на Босна и Херцеговина, повторно мислењата беа поделени, 58% целосно се согласија со овој став, 13% делумно се согласија, 16% не се согласија и 13% воопшто не се согласија. Знаеме дека политиката е вмешана секаде околу нас, па затоа зошто не би била и во оваа ситуација со БиХ. Политичките проблеми во БиХ немаат решение еве веќе многу години поради нејзиниот суверенитет.



16. Со тврдењето дека Дејтонскиот мировен договор се почитува после потпишувањето, 54% целосно се согласија со ова тврдење, 26% делумно се согласија, 14% не се согласија и 6% воопшто не се согласија. Поминаа повеќе години од потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор и досега нема некои поголеми немири во БиХ. Секако постојат политички препукувања, но засега воено, територијата на БиХ е стабилна.



17. Со тврдењето дека Дејтонскиот мировен договор ќе ѝ помогне на Босна и Херцеговина да стане членка на ЕУ и НАТО, помал процент од испитаните се согласија. Само 20% од испитаните сметаат дека Дејтонскиот договор ќе и помогне на БиХ да стане членка на меѓународните организации, 32% делумно се согласуваат со овој став, 15% не се согласија, а 33% воопшто не се согласија. На БиХ ѝ се потребни големи реформи за да стане членка на ЕУ и НАТО, а политичката состојба таму уште не е решена.



18. Независноста на Косово придонесе за стабилност во овој регион. Со ова тврдење делумно се согласија повеќето од испитаниците, но сепак нема потполна поддршка и сигурност дека независноста на Косово како држава донесе бенефиции за стабилноста во овој регион. 15% целосно се согласија, 40% делумно се согласија, 10% не се согласија и 35% воопшто не се согласија. Можеби независноста на Косово донесе прекин на огнот помеѓу Србите и Косоварите но сепак не донесе решавање и стабилност на овие простори. Страстите помеѓу националностите сè уште горат, а Србија никогаш нема да го признае Косово.



19. Со ставот дека ЕУ има сериозен пристап кон земјите од Западен Балкан за нивен влез во нивниот сојуз на држави, поголем е бројот на испитаници кои не се согласуваат отколку оние кои се согласуваат. Висок е процентот на оние кои воопшто не се согласуваат – 65%, не се согласуваат 14%, делумно се согласуваат 16%, а целосно се согласуваат 5%. Народот ја изгуби довербата во ЕУ како меѓународна организација, затоа што ако земјите од ЕУ сакаа да им помогнат на земјите од Западен Балкан, можеа да го направат тоа, а не да толерираат вето од други држави кон други за свои лични интереси.



20. Со констатацијата дека распадот на СФРЈ вредеше за земјите од Западен Балкан, воопшто не се согласија голем дел од испитаниците – дури 72%. Не се согласија 8%, делумно се согласија 15% а 5% целосно се согласија. Распадот на СФРЈ за никоја држава на Балканот не вредеше, дури по распадот дојде кризата во овој регион. Југославија беше пример за целиот свет, но тоа што е убаво кратко трае. Единствено Словенија, а потоа и Хрватска станаа членки на ЕУ и НАТО.



21. Со ставот дека заедничкиот пристап на Македонија и Албанија за влез во ЕУ е корисен за двете држави, целосно се согласија 50%, делумно се согласија 27%, 11% не се согласија и 12% воопшто не се согласија. Можеби идејата е добра за заеднички пристап со Албанија, но сепак Македонија не може да се натпреварува со држава која е подобра од неа поради тоа што излегува на море и допрва ќе се гради и развива.



22. Македонија и Бугарија имаат заедничка историја. Со овој став, најмногу од испитаниците воопшто не се согласиле, и тоа 58%, 12% не се согласиле, 15% делумно се согласиле и 15% целосно се согласиле. Можеби имаме поврзани историски моменти но заедничка историја секако дека немаме. Ние сме посебен народ, со посебен јазик и посебна историја. Жалосно што Бугарија ја игра истата улога како и Грција, но овој пат Македонија не треба да потклекне. На се постои граница.



23. Со ставот дека треба да ја продадеме македонската историја и да станеме членка на ЕУ, висок процент од испитаниците воопшто не се согласија. Дури 92% сакаат да се зачува македонската историја и да не ни се повтори резултатот со Преспанскиот договор. 8% делумно се согласуваат со овој став. Народот сака да си го зачува својот идентитет, јазик и историја и тоа треба да се почитува. Единствено само на малцинствата може тоа да им е сеедно.



24. Македонија во блиска иднина ќе стане членка на ЕУ. Ова многумина би го посакале но реалноста е друга. Владее песимизам во врска со овој став каде што дури 84% воопшто не се согласија. Делумно се согласија 13%, а целосно само 3%. Реалноста е таа што Македонија ќе изоди трнлив пат за да стане членка на ЕУ. И кој знае дали еден ден ќе биде тоа, освен ако се сменат политиките на ЕУ за влез во нивниот сојуз.



25. ЕУ ќе се распадне како сојуз. Со овој став целосно се согласиле 54% што значи дека мислењата се поделени. 17% делумно се согласиле, 16% не се согласиле, а 13% воопшто не се согласиле. ЕУ како сојуз опстанува многу години но во подоцнежниве години некако како да се нишаат врските. Прва која го напушти овој сојуз е Велика Британија, а и други земји имаат изразено желба да го напуштат. Затоа, Македонија не треба да прифаќа и продава сè само за да биде членка на ЕУ затоа што не знаеме што носи утрешниот ден.



26. Со ставот дека Македонија треба да ги прекине сите процеси на преговори со Бугарија, целосно се согласија висок процент на анкетирани и тоа 89%. Делумно се согласија 5% и воопшто не се согласија 6%. Македонија не смее да си дозволи повторно да изгуби дел од себеси, доста беше. Ако ѝ се потклекне на Бугарија тогаш

тој договор би бил полош и од со Грција. Нема за што да се преговара, треба целосно да се затворат преговорите. За идентитет, јазик и историја не се преговара.



27. Охридскиот рамковен договор придонесе за мир и стабилност во Македонија. Со ова тврдење целосно се согласија 10% од испитаниците, 49% делумно се согласија, 29% не се согласија а 12% воопшто не се согласија. Можеби Охридскиот рамковен договор придонесе за мир, но сепак тој е еден од најштетните договори што ѝ се случиле на Македонија. Тогаш како да замре сè, како да запре сè. Не е исто како што беше, затоа што сега Македонците како да се малцинство во државава. Другата страна доби сè што можеше да се добие, а сепак ништо не е доволно и се бара преку леб погача. Во ниедна држава нема таков рамковен договор со такви права.




28. Со Охридскиот рамковен договор се намалија правата на Македонците. Секако дека овој став наиде на одобрување кај испитаниците и нивниот процент на целосна согласност е 76%. Делумна согласност имаат 16%, а не се согласуваат 8%. Македонците како нација со овој договор изгубија многу. Ја изгубија честа пред сè,

живеењето во сопствена држава им стана како живеење во туѓа држава. Како може малцинствата да ги уживаат сите права, а ние Македонците да изигруваме граѓани од втор ред.



29. Охридскиот рамковен договор треба постојано да се негува и збогатува за да има соживот и меѓусебна доверба. Овој став наиде на негативности кај испитаниците, така што 61% воопшто не се согласија, 14% не се согласија, 20% делумно се согласија, а 5% целосно се согласија. Охридскиот рамковен договор секако е штетен за државава, и не мора да се проширува секогаш кога ќе им се посака на малцинствата. Но, тоа е така затоа што Македонците не се сложни како народ, па после другите бараат преку леб и погача. Треба секако да се има соживот меѓусебно, но на сè постои граница.



30. Улогата на ООН е значајна за мирно решавање на спорови помеѓу државите од минатото и сегашноста од аспект на воените дејствија помеѓу Русија и Украина. За овој став испитаниците имаа поделени мислења, целосно се согласија 43%, делумно се согласија 27%, 18% не се согласија и 12% воопшто не се согласија. ООН треба да се залага за мир и стабилност во целиот свет, а дали е тоа така на дело, се гледа од

самите ситуации. Русија е една од првите членки на ООН, а самата таа го прекрши мирот во оваа денешна ситуација.



31. Со ставот дека ООН придонесува да се постигнат мирни преговори, мислењата повторно беа поделени. Целосно се согласија 42%, делумно се согласија 33%, 13% не се согласија и 12% воопшто не се согласија. ООН можеби во глобала сака да придонесе за мирни преговори, но колку тоа ќе се воспостави е знак прашање. Или тоа може да се случува кај помалите и послаби држави но кај Русија не може.



32. Констатацијата дека улогата на ООН е минималистичка од денешен аспект на моменталниот воен конфликт, беше интересна за анкетирање, каде што 62% целосно се согласија со овој став, 13% делумно се согласија, 18% не се согласија и 7% воопшто не се согласија. Фактички ООН во однос на денешниот воен конфликт е навистина минималистичка затоа што Русија како нејзина членка ги прекршува правилата. Ниедна војна не е оправдана па ни оваа, постојат многу начини за да се решат многу ситуации но ете, во таков свет живееме.



33. Воениот конфликт во Украина е дело на ЕУ и САД. И оваа констатација беше интересна за анкетирање. Целосно се согласија 62% од испитаниците, 23% делумно се согласија, 8% не се согласија и 7% воопшто не се согласија. Тоа значи дека висок е процентот за недоверба во САД и ЕУ како држави, и можеби Русија е во право што презеде воени дејствија во Украина иако ниедна војна не се оправдува. Проблемите во целиот свет се дело на САД пред сè, а потоа и на другите околу нив.



34. Македонија имаше бенефиции од ООН за време на конфликтот во 2001 година. Ова како став наиде на негативност кај анкетираните. Целосно се согласија само 3%, делумно се согласија 13%, не се согласија 20% и 64% воопшто не се согласија. ООН само глумеше кога траеше конфликтот во Македонија. Се знае дека тие заедно со САД беа на страната на малцинствата. Но, секако туѓите проблеми не болат на своја кожа. Сепак, денешните случувања во Украина се една лекција за САД и ЕУ.



35. ООН ќе се потруди да го реши конфликтот во Украина. Со овој став целосно се согласија 8%, делумно се согласија 22%, не се согласија 15%, а воопшто не се согласија 55%. Се виде улогата на ООН години наназад во многу воени конфликти досега. За во Украина, ООН нема сила да се меша како што тоа го правеше со другите помали и послаби држави. Сега, од другата страна е Русија и ООН ќе се запраша дали ќе интервенира или не.



ГЛАВА 5

5. КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА И ДОКАЗ НА ХИПОТЕЗИТЕ

Врз основа на добиените резултати од спроведувањето на квантитативната анализа во врска со меѓународните мировни договори и нивната бенефиција за земјите од Западен Балкан и анкетирањето кое е спроведено во разни институции, потребно е да се подготви квалитативна анализа на резултатите која ќе придонесе за докажување на поединечните хипотези.

За квалитативната анализа и докажувањето на посебните хипотези се користеа резултати кои се добиени од анкетниот прашалник и кои претходно беа процентуално поставени во питите. Одговорите се групирани во табела и ја отсликуваат постојната состојба во врска со тоа колку меѓународните мировни договори се корисни за народот и земјите од Западен Балкан. Прашалникот е искористен со цел да се докаже генералната хипотеза, да се види дали народот мисли дека меѓународните мировни договори имаат некаква бенефиција за нивните земји или сепак се искористени од поголемите земји за нивни цели. Дали овие мировни договори придонесоа за поефикасна меѓусебна соработка на земјите од Западен Балкан и за мир и стабилност или има повеќе незадоволни страни отколку задоволни.

5.1. Докажување на генералната хипотеза и посебните хипотези

Земјите од Западен Балкан се надеваат дека еден ден ќе станат членки на ЕУ и дека со тоа ќе решат многу проблеми и билатерални спорови но сепак тука има и големи несогласувања затоа што ЕУ се надева дека билатералните спорови и проблемите, земјите ќе си ги решат пред да влезат во нивниот сојуз.

Сепак, земјите од Западен Балкан се надеваат дека ЕУ ќе има даде нови насоки и стратегии за да ги решат своите билатерални спорови, но ЕУ е статична и прецизна во врска со тој став дека земјите треба да си ги исполнат условите за влез. А ако не ги решат, доаѓа до блокада на процесот за пристапување во ЕУ.

Билатералните спорови се нерешени проблеми од минатото помеѓу земјите во Западен Балкан и се кочница за евро-атлантските интеграции на овие земји.

Сите земји сакаат да станат членки на ЕУ поради фактот што ЕУ нуди бенефиции во трговските размени низ Европа, нуди помош и инвестиции, па кој не би сакал да биде дел од европското семејство. Сепак, народот според анкетирањето мисли дека не треба да се пристапува во ЕУ и НАТО по секоја цена. ЕУ има за цел да решава спорови кои се болна точка за сите држави од Западен Балкан. Решение за тие спорови е многу тешко да се постигне затоа што народот е против.

На тој начин, ако ЕУ ги смени своите политики за влез во нејзиниот сојуз, на пример, да не се меша во дворовите на другите земји, да не става вето и блокади, да се насочи кон помош на овие држави, да им помогне да се справат заеднички со организираниот криминал и корупција, да нема поделби во државите затоа што сите се еднакви, можеби тогаш луѓето ќе имаат поголема доверба во нивната организација и институција. Исто така и со НАТО, како воен сојуз, не треба во секоја држава да се меша и спроведува ,,правда" по своја основа.

Значи, ако постои желба од страна на меѓународните организации и институции да не вршат блокади за земјите од Западен Балкан, тогаш сите држави ќе сакаат да станат членки на овие организации. ЕУ треба да ги земе предвид мировните договори кои се потпишаа во последниве години, а не да бара нови проблеми кои не постојат. ЕУ може да се насочи кон реформите за криминал и корупција, да се насочи кон иднината, а не да чепка во минатото и историјата на државите и да става вето. На тој начин се докажуваат хипотезата и посебните хипотези во овој магистерски труд, дека сепак спроведените мировни договори се клуч за влез во ЕУ и НАТО, и дека земјите од Западен Балкан заслужија да станат членки на ЕУ, затоа што досега направија многу, отстапија од нивната култура, историја, територија и народ.

Во однос на исказот број 1 кој гласи: **„Меѓународното право е значајно за политичките спорови во земјите од Западен Балкан"** најголем број на испитаници 87% истакнуваат дека е особено важно. Мал број е на оние кои делумно се согласуваат 13%. Просекот изнесува **1.13**.

Со исказот број 2 кој гласи: **„Човековите права се запазени"** 30% од испитаниците воопшто не се согласија, 45% не се согласија а 25% делумно се согласија. Просекот изнесува **3.05.**

Во однос на исказот број 3 кој гласи: **„Селективно се применуваат човековите права"** најголем број на испитаници 55% одговорија дека целосно се согласуваат додека 28% одговорија дека делумно се согласуваат а 17% воопшто не се согласуваат. Просекот изнесува **3.21.**

Во однос на исказот број 4 кој гласи: **„Мировните договори на Западен Балкан придонесоа за имплементирање на државите од овој регион во ЕУ и НАТО",** 20% одговорија дека целосно се согласуваат, 26% дека делумно се согласуваат, 12% дека не се согласуваат и 42% дека воопшто не се согласуваат. Тука согласноста е на пониско ниво, што значи дека народот нема доверба во мировните договори. Просекот изнесува **2.24.**

Со исказот број 5 кој гласи: **„Земјите од Западен Балкан ќе станат членки на ЕУ во скоро време"**, 20% од испитаниците целосно се согласија, 14% делумно се согласија, 10% не се согласија и 56% воопшто не се согласија. Просекот изнесува **1.98.**

Со исказот број 6 кој гласи: **„Преспанскиот меѓународен договор влијаеше добро за Република Македонија за влез во НАТО"** најголем број од испитаниците 45% целосно се согласија и го поддржаа. Мал е бројот на испитаниците кои делумно се согласија 23%, 17% не се согласија и 15% воопшто не се согласија. Просекот изнесува **2.98.**

Во однос на исказот број 7 кој гласи: **„Вредеше да се додаде географската одредница Република Северна Македонија со уставна измена на името Република Македонија"** поголем број од испитаниците 87% се изјасниј дека воопшто не се согласуваат, 8% дека делумно се согласуваат и 5% дека целосно се согласуваат. Просекот изнесува **1.31.**

Во однос на исказот број 8 кој гласи: **„Се почитуваше правото на самоопределување во спроведувањето на Преспанскиот меѓународен договор"** најголем број на испитаници 87% изјавија дека воопшто не се согласуваат, 10% делумно се согласуваат и 3% целосно се согласуваат. Просекот изнесува **1.29.**

Со исказот број 9 кој гласи: **„Преспанскиот меѓународен договор ќе ѝ помогне на Република Македонија да стане членка на ЕУ"** најголем број од испитаниците 78% изјавија дека воопшто не се согласуваат, 9% дека делумно се согласуваат, 6% дека не се согласуваат и 7% целосно се согласуваат. Просекот изнесува **1.45.**

Со исказот број 10 кој гласи: **„Ќе гласам за промена на името Република Македонија ако има повторен референдум"** најголем број од испитаниците 87% истакнуваат дека воопшто не се согласуваат, 3% дека делумно се согласуваат и 10% дека целосно се согласуваат. Просекот изнесува **1.36.**

Во врска со исказот број 11 кој гласи: **„Преспанскиот меѓународен договор се почитува и после потпишувањето"** најголем број од испитаниците 70% изјаснија дека воопшто не се согласуваат, 14% дека делумно се согласуваат, 5% дека не се согласуваат, а 11% дека целосно се согласуваат. Просекот изнесува **1.71.**

Во врска со исказот број 12 кој гласи: **„Со Преспанскиот меѓународен договор конечно се решија споровите со Република Грција"** најголем број од испитаниците 64% изјаснија дека воопшто не се согласуваат, 12% дека делумно се согласуваат, 6% дека не се согласуваат и 18% дека целосно се согласуваат. Просекот изнесува **1.9.**

Со исказот број 13 кој гласи: **„Потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор придонесе за прекин на воените дејствија во Босна и Херцеговина"** најголем број од испитаниците 64% се изјаснија дека целосно се согласуваат, 22% дека делумно се согласуваат, 12% дека не се согласуваат и 2% дека воопшто не се согласуваат. Просекот изнесува **3.48.**

Во однос на исказот број 14 кој гласи: **„Дејтонскиот мировен договор придонесе за стабилноста на Босна и Херцеговина како држава"** најголем број од испитаниците 60% одговорија дека целосно се согласуваат, 24% дека делумно се согласуваат, 11% дека не се согласуваат, а 5% дека воопшто не се согласуваат. Просекот изнесува **3.39.**

Во однос на исказот број 15 кој гласи: **„Постојат политички контроверзности околу суверенитетот на Босна и Херцеговина"** најголем број од испитаниците 58% истакнуваат дека целосно се согласуваат, 13% дека делумно се согласуваат, 16% дека не се согласуваат и 13% дека воопшто не се согласуваат. Просекот изнесува **3.16.**

Во однос на исказот број 16 кој гласи: **„Дејтонскиот мировен договор се почитува после потпишувањето"** најголем број на испитаници 54% истакнуваат дека се почитува и целосно се согласија, мал број е на оние кои делумно се согласија 26%, 14% не се согласија и 6% воопшто не се согласија. Просекот изнесува **3.28.**

Со исказот број 17 кој гласи: **„Дејтонскиот мировен договор ќе ѝ помогне на Босна и Херцеговина да стане членка на ЕУ и НАТО"** 33% од испитаниците воопшто не се согласија, 15% не се согласија, 32% делумно се согласија и 20% целосно се согласија, така што измешани се мислењата. Просекот изнесува **2.39.**

Во однос на исказот број 18 кој гласи: **„Независноста на Косово придонесе за стабилност во овој регион"** 15% одговорија дека целосно се согласуваат додека 40% одговорија дека делумно се согласуваат, 10% не се согласуваат а 35% воопшто не се согласуваат. Просекот изнесува **2.35.**

Во однос на исказот број 19 кој гласи: **„ЕУ има сериозен пристап кон земјите од Западен Балкан за нивен влез во нивниот сојуз на држави",** 65% одговорија дека воопшто не се согласуваат, 16% дека делумно се согласуваат, 14% дека не се согласуваат и 5% дека целосно се согласуваат. Просекот изнесува **1.61.**

Со исказот број 20 кој гласи: **„Распадот на СФРЈ вредеше за земјите од Западен Балкан"**, 5% од испитаниците целосно се согласија, 15% делумно се согласија, 8% не се согласија и 72% воопшто не се согласија. Просекот изнесува **1.53.**

Со исказот број 21 кој гласи: **„Заедничкиот пристап на Македонија и Албанија за влез во ЕУ е корисен за двете држави"** најголем број од испитаниците 50% целосно се согласија и го поддржаа. Мал е бројот на испитаниците кои делумно се согласија 27%, 11% не се согласија и 12% воопшто не се согласија. Просекот изнесува **3.15.**

Во однос на исказот број 22 кој гласи: **„Македонија и Бугарија имаат заедничка историја”** поголем број од испитаниците 58% се изјаснија дека воопшто не се согласуваат, 15% дека делумно се согласуваат, 12% не се согласуваат и 15% дека целосно се согласуваат. Просекот изнесува **1.87.**

Во однос на исказот број 23 кој гласи: **„Треба да ја продадеме македонската историја и да станеме членка на ЕУ”** најголем број на испитаници 92% изјавија дека воопшто не се согласуваат и 8% дека делумно се согласуваат. Тука процентот на несогласување е висок. Просекот изнесува **1.16.**

Со исказот број 24 кој гласи: **„Македонија во блиска иднина ќе стане членка на ЕУ”** најголем број од испитаниците 84% изјавија дека воопшто не се согласуваат, 13% дека делумно се согласуваат и 3% дека целосно се согласуваат. Просекот изнесува **1.35.**

Со исказот број 25 кој гласи: **„ЕУ ќе се распадне како сојуз”** најголем број од испитаниците 54% истакнуваат дека целосно се согласуваат, 17% дека делумно се согласуваат, 16% дека не се согласуваат и 13% дека воопшто не се согласуваат. Просекот изнесува **3.12.**

Во врска со исказот број 26 кој гласи: **„Македонија треба да ги прекине сите процеси на преговори со Бугарија”** најголем број од испитаниците 89% изјаснија дека целосно се согласуваат, 5% дека делумно се согласуваат, а 6% дека воопшто не се согласуваат. Просекот изнесува **3.77.**

Во врска со исказот број 27 кој гласи: **„Охридскиот рамковен договор придонесе за мир и стабилност во Македонија”** 12% изјаснија дека воопшто не се согласуваат, 49% дека делумно се согласуваат, 29% дека не се согласуваат и 10% дека целосно се согласуваат. Просекот изнесува **2.57.**

Со исказот број 28 кој гласи: **„Со Охридскиот рамковен договор се намалија правата на Македонците”** најголем број од испитаниците 76% се изјаснија дека целосно се согласуваат, 16% дека делумно се согласуваат и 8% дека не се согласуваат. Просекот изнесува **3.68.**

Во однос на исказот број 29 кој гласи: **„Охридскиот рамковен договор треба постојано да се негува и збогатува за да има соживот и меѓусебна доверба”** најголем број од испитаниците 61% одговорија дека воопшто не се согласуваат, 20% дека делумно се согласуваат, 14% дека не се согласуваат а 5% дека целосно се согласуваат. Просекот изнесува **1.69.**

Во однос на исказот број 30 кој гласи: **„Улогата на ООН е значајна за мирно решавање на спорови помеѓу државите од минатото и сегашноста од аспект на воените дејствија помеѓу Русија и Украина”** најголем број од испитаниците 43% истакнуваат дека целосно се согласуваат, 27% дека делумно се согласуваат, 18% дека не се согласуваат и 12% дека воопшто не се согласуваат. Просекот изнесува **3.01.**

Со исказот број 31 кој гласи: **„ООН придонесува да се постигнат мирни преговори”** најголем број од испитаниците 42% истакнуваат дека целосно се согласуваат, 33% дека делумно се согласуваат, 13% дека не се согласуваат и 12% дека воопшто не се согласуваат. Просекот изнесува **3.05.**

Во врска со исказот број 32 кој гласи: **„Улогата на ООН е минималистичка од денешен аспект на моменталниот воен конфликт”** најголем број од испитаниците 62% изјаснија дека целосно се согласуваат, 13% дека делумно се согласуваат, 18% дека не се согласуваат а 7% дека воопшто не се согласуваат. Просекот изнесува **3.3.**

Во врска со исказот број 33 кој гласи: **„Воениот конфликт во Украина е дело на ЕУ и САД”** 7% изјаснија дека воопшто не се согласуваат, 23% дека делумно се согласуваат, 8% дека не се согласуваат и 62% дека целосно се согласуваат. Просекот изнесува **3.4.**

Со исказот број 34 кој гласи: **„Македонија имаше бенефиции од ООН за време на конфликтот во 2001 година”** најголем број од испитаниците 64% се изјаснија дека воопшто не се согласуваат, 13% дека делумно се согласуваат, 20% дека не се согласуваат и 3% дека целосно се согласуваат. Просекот изнесува **1.55.**

Во однос на последниот исказ број 35 кој гласи: **„ООН ќе се потруди да го реши конфликтот во Украина”** најголем број од испитаниците 55% одговорија дека воопшто не се согласуваат, 22% дека делумно се согласуваат, 15% дека не се согласуваат, а 8% дека целосно се согласуваат. Просекот изнесува **1.83.**

Кон оваа анализа можат да се додадат и моите лични сознанија и искуства, како и искуствата и сознанијата кои се добиени во неформални разговори од поединци, обични луѓе, стручни соработници, правници, кои покажуваат дека сепак комуникациите на ниво со ЕУ и НАТО треба да се подобрат со цел да се подобри климата во државите на Западен Балкан и успешно да се спроведуваат стратегиските цели и реформи.

ЗАКЛУЧОК

Несомнена е поддршката на ЕУ за европската перспектива на земјите од Западен Балкан. Јасната перспектива во однос на пристапувањето е од витално значење за стабилноста во регионот. Проширувањето треба да биде главен приоритет на ЕУ и покрај многуте предизвици со кои се соочува. Процесот на пристапување на земјите треба да продолжи понатаму со ригорозноста и енергичноста како еден од главните приоритети на ЕУ, под строги и јасни услови кои се основа на процесите на проширување - ништо помалку и ништо повеќе.

Посебно внимание се посветува на принципите во процесот на пристапување и потребата за проширување на државите што треба да им дадат приоритет на реформите во областите на владеењето на основните права, правото, функционирањето на демократските институции (како и на реформите во јавната администрација и во однос на изборниот систем), зајакнувањето на конкуренцијата и економскиот развој.

Потребна е голема доследност за да се усвои инклузивен и транспарентен пристап во текот на пристапувањето и од засегнатите влади и од институциите на ЕУ, во сите земји-кандидати, области на политиката и потенцијални кандидати. Партнерите од Западен Балкан потребно е структурирано да ги организираат разговорите за преговарање за пристапување кон ЕУ на транспарентен и инклузивен начин, со ефективно вклучување на владата, но и на опозицијата, а исто и на организациите на граѓанското општество.

Во рамките на земјите од Западен Балкан постои подготвеност и желба за реформи што ќе вклучат интеграција во ЕУ, но, исто така, е забележано дека успехот е зависен од степенот каде државните институции може ефективно да ги спроведат реформите, а потоа и да ги зајакнат, како и на степенот на сопственост во управувањето и процесите што ги постигнуваат населението и граѓанските организации.

Специфичниот патоказ за преговорите за пристапување во ЕУ со реални задолженија и прецизен временски рок за секоја држава од Западен Балкан би можело да ги мотивира овие држави што побрзо да ги спроведат потребните реформи.

Би било препорачливо сите држави во овој регион да формираат национални совети за европска интеграција или некои други слични тела што редовно и на високо ниво ќе ги поврзуваат клучните организации на граѓанското општество и политичките власти, а со цел процесот на интеграција во ЕУ да биде потранспарентен за поширокатa јавност.

Кога зборуваме за надворешна политика на една земја, било таа да е голема, мала или средна, се земаат предвид нејзините цели и стратегија, кои се алатки за нејзино остварување. Од целите и стратегијата може да се одреди правецот на однесување на една држава во меѓународниот свет, нејзиниот агресивен или мирољубив пристап, самостојноста во односите со другите меѓународни субјекти или поврзаноста со генералната политика на некоја меѓународна организација или голема сила, односно воен сојуз, како и заштитата на националната безбедност и остварувањето на државните интереси.

Во врска со евро-интегративниот процес на Република Македонија, неколку аспекти го трасираат нејзиниот пат. Тоа прво е реформската агенда. Изминативе години беа активни и динамични за Република Македонија, а реформската агенда беше надополнета со интензивна комуникација со европските организации. Покрај исполнувањето на Копенхагенските критериуми, и како одговор на препораките на Комисијата, Република Македонија вложува големи напори за постигнување резултати во Дијалогот со Европската Комисија. Вториот аспект е регионалната соработка. Создавањето на атмосфера на заедништво и доверба е круцијално за напредокот и развојот на сите земји од Западен Балкан на нивниот пат кон ЕУ. Република Македонија ги негува своите добри односи со сите соседи и активно делува во продлабочување и развој на добрососедските односи со сите земји од овој регион. За да се гради партнерство со соседите треба да се работи заеднички и отворено, регионално и билатерално, во рамки на воспоставените регионални иницијативи. Економскиот развој на државите од цел регион зависи од квалитетот на меѓусебните мрежи и врски.

Потребна е изградба на транспортни коридори север-југ и исток-запад, како и отворање на повеќе гранични премини со што ќе се продлабочи прекуграничната соработка. Третиот аспект е поддршката од самиот регион. Консолидирањето на земјите од регионот ќе значи силен Балкан, односно силна Европа, а Западен Балкан не може да биде силен без членство на сите држави од регионот во Европската Унија. ЕУ и земјите од регионот се соочуваат со предизвици пред сè на безбедносен план, и се јасен показател дека целосната интеграција во ЕУ на сите држави од регионот е најлогичното и најрационалното сценарио. Тогаш, интеграцијата ќе биде во функција на создавање на Унија која ќе биде обединета, просперитетна и која ќе придонесе за мир.

ЕУ води успешна политика со проширувањето, која придонесе за зајакнување на стабилноста, мирот и демократијата во Европа и беше основа за добивање на Нобеловата награда за мир. Сепак, и покрај неповолните околности во ЕУ, процесот забележи позитивни поместувања. Сите земји од Западен Балкан ја искажаа својата стратегиска цел и го поврзаа својот економски и политички интерес со членството во ЕУ. Република

Македонија својата перспектива на развојот, безбедноста и просперитетот ја поврза со Европската Унија, при што покажува јасен и стремеж за целосна интеграција во Европската Унија. За ваквата ориентација низ цел период наназад поддршката од граѓаните се движи од 90% до 70%, со промени во зависност од политичкиот момент, но несомнено со многу високо ниво на поддршка. Сепак, денес сликата е малку поинаква, зашто тој висок процент опадна. Тоа може да се види и од процентите на анкетираност во овој магистерски труд, каде што граѓаните сметаат дека Македонија не мора да стане членка на ЕУ по секоја цена, како што тоа се направи со зачленувањето во НАТО.

Република Македонија после стекнувањето на независноста, како и другите новосоздадени држави во овој регион, пристапи кон спроведување на активности во надворешната политика. Надворешно - политичките правци беа насочени кон заштита и одбрана на нејзината суверености и територијален интегритет, членството во ООН и НАТО и други позначајни меѓународни организации и секако, сопствено етаблирање во меѓународната заедница преку склучување на договори за меѓусебно признавање. Акцент на надворешната политика беше ставен и во градењето добри односи со соседите и декларираната заложба за приклучок во евро-атлантските интегративни процеси, како што е членство во Европската унија. Република Македонија успеа и стана членка на најголемата воена формација НАТО но по која цена се случуваше тоа сите знаеме.

Сепак, доколку Република Македонија во догледно време нема да стане полноправна членка на Европската Унија, негативните последици би можеле да се посочат во тоа што Македонија би била надвор од солидарноста и заштитните механизми на ЕУ и би морала да се соочи со меѓународната позиција и својата сигурност само со сопствена сила. Од економски аспект, сè додека Република Македонија не стане полноправна членка на ЕУ, таа нема да има пристап до кохезиониот фонд и ќе биде надвор од кохезионата политика на Европската Унија. Исто така, сè додека Република Македонија не биде членка на Европската Унија, таа нема можност да учествува во донесувањето одлуки за некои клучни прашања кои, директно или индиректно, ги засегаат иднината и економскиот развој на нашиот регион. Пресретнувањето на предизвиците е задача на сите граѓани на Македонија, а исто е задача и обврска за сите политичари во државата и секако за Собранието и Владата.

Процесот на проширување кон Европа се случува веќе долг временски период и може да се каже дека е успешен во прогрес. Но, сè додека сите држави од регионот, меѓу кои и Република Македонија, не станат полноправни членки, тој процес не е завршен и не може да биде успешен. Предизвикот за ЕУ е да се најдат начини за надминување на билатералните отворени прашања меѓу некои држави од Западен Балкан, односно билатералните отворени прашања меѓу земја која е членка на ЕУ и земја која е кандидат. Способноста за решавање вакви сложени прашања би го заштитила кредибилитетот на ЕУ и би обезбедила успех во процесот на проширување.

Според наодите на Европската комисија, Република Македонија, ги исполнува сите критериуми за почеток на пристапните преговори од 2009 година наваму и е подготвена за почеток на преговорите. Сепак, требаше да се смени името за да станеме членка на НАТО, а сега ќе побарааат и бришење на македонската историја и идентитет за да станеме членка на ЕУ.

Врз основа на добиените резултати од истражувањето во овој труд, може да се заклучи дека народот во Република Македонија ја изгуби довербата во европските институции и организации, ја изгуби довербата во политичарите и во демократијата.

На крај, сепак можеме да заклучиме дека европската интеграција останува главна стратешка определба на Република Македонија со делумна засега поддршка од граѓаните и истата треба да се оствари без понатамошно одлагање.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Анета Стојановска, *Зборник радова полазника онлајн програма Европске интеграције, Историски развој на Европската унија*, Белград 2004.
2. Билјана Ламјановска, *„Која е историјата на Европската унија“*, 2009 година.
3. Ванковска Билјана, *Институциите на Европската Унија*, Филозофски факултет, Скопје, 2008.
4. Ваш водич низ Договорот од Лисабон, *брошура-Канцеларија за службени изданија на Европската унија*, Луксембург, 2010 год.
5. Владимир Ортаковски & Марија Миленковска, *Меѓународно јавно право,* Факултет за безбедност, Скопје, 2014.
6. Габер В. *„За македонската дипломатија“,* Скопје, 2002.
7. Георгиева Л. *„Превенција на конфликти": Од идеја кон култура за превенција на конфликти во Македонија*; Фридрих Еберт, Скопје 2004.
8. Горан Илиќ, *„Вовед во правото на Европската унија”,* Битола, 2011 година.
9. Даниела Обрадовиќ, Николас Лавранос, „*Меѓусебното влијание на правото на ЕУ и националното право“*, Просветно дело АД, Скопје, 2009 година.
10. Дејан Маролов, *Меѓународно јавно право,* Штип 2020.
11. Д. Тилев (2002) *„Договорните односи на Република Македонија со европските заедници“*, Евродијалог 2, Студентски збор, Скопје.
12. Д. Тилев (2004) „*Регионална соработка во процесот на интеграција на Балканот во Европската Унија*“, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Правен факултет, Скопје.
13. Д. Тилев (2003) „*Членството во ЕУ, од стратешка цел кон реализација*“, Политичка мисла, бр.1, Скопје.

14. Д. Тилев (2003) „*Целите и перспективите за Југоисточна Европа: Искуството на Република Македонија- Интеграцијата во ЕУ и иднината на ЈИЕ*“, Институт за демократија, К. Караманлис и Конрад Аденауер, Атина.
15. Д. Тилев (2001) „*Имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација*“, Билтен на Министерството за финансии, бр.6, Скопје.
16. Жан Клод Готрон, *„Европско право*“, прво издание, 2006 година.
17. Керим, Срѓан: „*Младината и меѓународната политика*“, Млад борец, Скопје, 1982.
18. Љупчо Сотироски, *Право на ЕУ правда и внатрешни работи*, рецензирана скрипта, Штип, 2011 година.
19. Љупчо Сотироски, *скрипта Вовед во правото на Европската унија*, Штип, 2011 год.
20. Малески, Денко. *Меѓународна политика*. Скопје, 2000.
21. Методија Дојчиновски и Фердинанд Оцаков, *Разузнавачки операции и асиметрични закани,* Соларис Принт, Скопје, 2010.
22. Мирчев Д. *„Macedonian Foreign Policy 1991-2006*, Skopje, 2006.
23. Митревска, Јагода. *Политикологија*. Меѓународен Славјански Универзитет.
24. Митревска, Јагода. *Вовед во дипломатијата, дипломатскиот протокол и кореспонденција*. Битола, 2006.
25. Митревска, Јагода. *Електоралните процеси во македонската транзиција*. Свети Николе, 2021.
26. Нацев З. *Надворешно-политичките приоритети на Република Македонија - Перспективите на Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ*, 2006.
27. Пол Крег и Трејн де Бурка, *Право на ЕУ-текстови, случаи и материјали*, 2008 год.
28. Поповски, Владо, (2007): *Охридскиот договор, Зборник на трудови: Актуелни прашања за државата и правото на Република Македонија и Руската Федерација*, Том 2, Правен факултет Скопје.
29. *Преговори за членство во Европската унија*, Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски”, Скопје, 2008 година
30. Ристовски, Љупчо. *Политичка визија*. Скопје, 2018.
31. Сл. весник (1997) „*Спогодба за соработка помеѓу Република Македонија и Европската Унија*“
32. Стефанов Г., Видин Б., Захариева Ј. и Пантев П., *Меѓународни односи, Кратка енциклопедија*, Софија 2001.
33. Тања Запрова Достинова & Љупчо Сотироски, *Дипломатска организација дејност и професија,* Штип, 2014,
34. Татјана Петрушевска, „*Меѓународно-правни аспекти на спогодбата за стабилизирање и придружување на РМ со Европската заедница и со државите-членки на ЕУ*“, Скопје, 2008 година.
35. Тоновски Ѓ. *Меѓународни односи*, Скопје 2004 год.
36. Трајан Бендевски, *Право на Европска унија,* Правен факултет-УКИМ, Скопје, 2001 год.
37. Ф. Бесими (2015) „*Европски пари за реформи, интеграции и развој*“, Економија и бизнис.

38. Ф. Бесими (2016) „*ЕУ проширување и Македонија*“, Економија и бизнис.
39. Alain Plantey, *International Negotiation in the Twenty-First Century* (New York: Routledge-Cavendish, 2007).
40. Andrew Rett man*, "NATO Chief: EU Soft Power is 'No Power at All'",* EU observer, May 6, 2013.
41. Analytical Report (2005) „*Analytical Report for the Opinion on the Application from the Republic of Macedonia for EU membership*“.
42. Benčina Dragoljub, Simoniti Iztok *„Mednarodne organizacije"*, Priročnik in vodič, Delavska enotnost, Ljubljana, 1994.
43. *Consolidated Versions of the Treaty on European Union and the Treaty on the Functioning of the Europion Union,* Publication Office of the European Union, Luxembourg.
44. Geoff Berridge, Diplomacy, *Theory and Practice* (New York: Palgrave, 2001).
45. Gvosdev, *"Kosovo and Serbia Make a Deal"*.
46. G. A. MacLean (2001) „*Between actor and presence: the European Union and the future for the Transatlantic Relationship*“.
47. J. Scheele (2009) „*How do the Western Balkans Accession differ from previous accession?*“, Wilton Park Conference, Zagreb.
48. Lippert, *"Policies toward Southeast Europe"*.
49. M. Sajdik, M. Schwazinger (2008) „*European Union enlargement: background, developments, facts*“.
50. M.W. Janis, R.S. Kay and A.W. Bradly. *European Human Rights Law,* 2000.
51. Nikolas K. Gvosdev, *"Kosovo and Serbia Make a Deal: Debalkanazing the Balkans", Foreign Affairs,* April 24, 2013.
52. Nye, *Soft Power: The Means to Success in World Politics.*
53. Opinion (2005) „*Commission Opinion on the Application from the Republic of Macedonia for membership of the EU*“.
54. Reka, B (2010), *The Geopolitics and the Techniques of EU Enlargement*", Aspect Brussels.
55. Reka, B (2015) *Europe's dangerously unfinished mission in Western Balkans*, (Geopolitical Information Service, Vaduz, 10 November 2015).
56. Report (2002) „*Report from the Commission to the Council-Explaining Europe's Enlargement*“.
57. Schevill, Ferdinand: "*A History of Balkans*", Dorset Press, New York, 1991.
58. Tulmets, *"Can the Discourse on 'Soft Power' Help the EU"*.

Користени веб-страници:

1. http://europa.eu/index_en.htm

2. http://www.europarl.europa.eu

3. http://europa.eu.int/comm/enlargement/index.htm

4. http://europa.eu/pol/enlarg/index_en.htm

5. http://www.sep.gov.mk/

6. http://www.vlada.mk/

7. http://www.mfa.gov.mk

8. http://www.sobranie.mk/

9. http://www.delmkd.ec.europa.eu

10. http://www.cer.org.uk/

11. http://www.ceps.be/

12. http://www.chathamhouse.org.uk

13. http://www.eipa.nl/

14. http://www.epc.eu/

ПРИЛОЗИ

Прилог бр. 1: Прашалник

Анкетен лист за студенти, државни службеници, стручни соработници, административни службеници, невладини организации.

Почитувани,

Со овој прашалник имаме потреба да го испитаме вашето мислење кое ќе придонесе за да се види довербата во меѓународните организации и институции како и придобивките од спроведувањето на мировните договори и ситуацијата во Западен Балкан.

Прашалникот содржи 35 прашања. На секое од нив треба да изберете еден одговор кој се совпаѓа со вашето мислење. Постојат 4 одговори и тоа: од 4 до 1 каде одговарате со одговор според вашето мислење: **4** - целосно се согласувам, **3** - делумно се согласувам, **2** - не се согласувам, **1** - воопшто не се согласувам.

Прашалникот е анонимен. Вашите искрени одговори ќе дадат придонес во нашето истражување. Однапред ви благодарам на одвоеното време.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Испитаник:

Образование:

Работно искуство во струката:

Возраст:

Институција:

Место:

а) студент б) претставник од локална власт в) претставник од невладина организација

а) 20-30г. б) 30-40г. в) над 40г. г) над 50г.

Ред. бр.	Констатација	Мислење на испитаниците				
		4	3	2	1	просек
1.	Меѓународното право е значајно за политичките спорови во земјите од Западен Балкан.					
2.	Човековите права се запазени.					
3.	Селективно се применуваат човековите права.					
4.	Мировните договори на Западен Балкан придонесоа за имплементирање на државите од овој регион во ЕУ и НАТО.					
5.	Земјите од Западен Балкан ќе станат членки на ЕУ во скоро време.					
6.	Преспанскиот меѓународен договор добро ѝ влијаеше на Република Македонија за влез во НАТО.					
7.	Вредеше да се додаде географската одредница Република Северна Македонија со уставна измена на името Република Македонија.					
8.	Се почитуваше правото на самоопределување во спроведувањето на Преспанскиот меѓународен договор.					
9.	Преспанскиот меѓународен договор ќе ѝ помогне на Република Македонија да стане членка на ЕУ.					
10.	Ќе гласам за промена на името Република Македонија ако има повторен референдум.					
11.	Преспанскиот меѓународен договор се почитува и после потпишувањето.					
12.	Со Преспанскиот меѓународен договор конечно се решија споровите со Република Грција.					
13.	Потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор придонесе за прекин на воените дејствија во Босна и Херцеговина.					
14.	Дејтонскиот мировен договор придонесе за стабилноста на Босна и Херцеговина како држава.					
15.	Постојат политички контроверзности околу суверенитетот на Босна и Херцеговина.					

16.	Дејтонскиот мировен договор се почитува после потпишувањето.					
17.	Дејтонскиот мировен договор ќе ѝ помогне на Босна и Херцеговина да стане членка на ЕУ и НАТО.					
18.	Независноста на Косово придонесе за стабилност во овој регион.					
19.	ЕУ има сериозен пристап кон земјите од Западен Балкан за нивен влез во нивниот сојуз на држави.					
20.	Распадот на СФРЈ вредеше за земјите од Западен Балкан.					
21.	Заедничкиот пристап на Македонија и Албанија за влез во ЕУ е корисен за двете држави.					
22.	Македонија и Бугарија имаат заедничка историја.					
23.	Треба да ја продадеме македонската историја и да станеме членка на ЕУ.					
24.	Македонија во блиска иднина ќе стане членка на ЕУ.					
25.	ЕУ ќе се распадне како сојуз.					
26.	Македонија треба да ги прекине сите процеси на преговори со Бугарија.					
27.	Охридскиот рамковен договор придонесе за мир и стабилност во Македонија.					
28.	Со Охридскиот рамковен договор се намалија правата на Македонците.					
29.	Охридскиот рамковен договор треба постојано да се негува и збогатува за да има соживот и меѓусебна доверба.					
30.	Улогата на ООН е значајна за мирно решавање на спорови помеѓу државите од минатото и сегашноста од аспект на воените дејствија помеѓу Русија и Украина.					
31.	ООН придонесува да се постигнат мирни преговори.					
32.	Улогата на ООН е минималистичка од денешен аспект на моменталниот воен конфликт.					
33.	Воениот конфликт во Украина е дело на ЕУ и САД.					

34.	Македонија имаше бенефиции од ООН за време на конфликтот во 2001 година.					
35.	ООН ќе се потруди да го реши конфликтот во Украина.					